**ДПТУИ ИДЕА-консалтинг дооел - Струмица**
Ул.,,Браќа Миладинови,бр.41; 2400 Струмица тел:034/552002; моб:070/383941;e-mail : lileivan@ t.mk

# УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

## Урбанистички проект за село- за разработување на урбанистички план за село и формирање на градежна парцела на КП 1504 и други КО ВОДОЧА , Општина Струмица

**TEX.BROJ 03-54/2023**

СТРУМИЦА,
март 2023

ZORICA GJORGJIEVSKA

Digitally signed by ZORICA GJORGJIEVSKA
DN: c=MK, ou=VAT - 4030993204197, 2.5.4.97=NTRMK-4720806, o=MARIO-KOMERC ZORICA DOOEL SKOPJE, serialNumber=160308, title=Upravitel, sn=GJORGJIEVSKA, givenName=ZORICA, cn=ZORICA GJORGJIEVSKA
Date: 2023.06.19 21:20:45 +02'00'

ZORICA GJORGJIEVSKA

Digitally signed by ZORICA GJORGJIEVSKA
DN: c=MK, ou=VAT - 4030993204197, 2.5.4.97=NTRMK-4720806, o=MARIO-KOMERC ZORICA DOOEL SKOPJE, serialNumber=160308, title=Upravitel, sn=GJORGJIEVSKA, givenName=ZORICA, cn=ZORICA GJORGJIEVSKA
Date: 2023.06.19 21:20:36 +02'00'

LILJANA IVANOVSKA

Digitally signed by LILJANA IVANOVSKA
Date: 2023.06.18 18:34:33 +02'00'

Проектен опфат:
дел од КП 1139/1; дел од КП1145/1; КП1146/1;КП 1269; КП 1270/1; КП 1504; дел од КП1505; дел од КП1580/4; КП1580/6; дел од КП1627; дел од КП1628/1; дел од КП1629/1; дел од КП1630/1; и дел од КП1631/1 КО ВОДОЧА

Нарачател: МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА
СТРУМИЧКА ПРАВОСЛАВНА ЕПАРХИЈА ,
МАНАСТИР,,СВ.ЛЕОНТИЈ,,С.ВОДОЧА

Предмет:

Урбанистичкиот проект за село- за разработување на урбанистички план за село и формирање на градежна парцела на КП 1504 и други КО ВОДОЧА , Општина Струмица

Правно лице изработувач на проектот:

ДПТУИ ИДЕА-КОНСАЛТИНГДООЕЛ СТРУМИЦА
Лиценца за изработување на урбанистички планови бр.0081
Одговорно лице: Лилјана Ивановска д.и.а.

Овластен планер: Лилјана Ивановска д.и.а.
Овластување бр. 0.0454

Техн. број: 03-54/2023

# С О Д Р Ж И Н А


- **Општ дел**
  Документ за регистрирана дејност
  Лиценца за изработување на урбанистички планови
  Решение за одговорен планер
  Овластување за изработување на урбанистички планови
  **Проектна програма**
  **Податоци од надлежни органи на државната управа и комунални претпријатија**

- **Урбанистички проект**

**А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

1. Вовед
2. Инвентаризација на снимен изграден градежен фонд,вкупна физичка супраструктура и инфраструктура во рамки на проектниот опфат
3. Опис и образложение на проектниот концепт на урбанистичкото решение во градежната парцела
4. Детални услови за проектирање и градење

5. Мерки за заштита

**Б. ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

1.Извод од план
2.Ажурирана геодетска подлога со граници на проектен опфат М = 1 : 500
3. Инвентаризација и земјиштетп и зеленилото,изградениот градежен фонд и вкупната физичка супраструктура и изградента комунална инфраструктура,план на споменици и споменични целини -ЗКО М = 1 : 500
4. Урбанистичко решение на проектниот опфат М = 1 : 500
5. План на споменици на културата и споменички целини-ЗКО М = 1 : 500

В.Заштитно конзерваторски основи за културно наследство (ЗКО)

Број: 0805-50/150820220004597

Датум и време: 6.10.2022 г. 12:45:36

# ТЕКОВНА СОСТОЈБА

| ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ | |
|---|---|
| **ЕМБС:** | 6412874 |
| **Целосен назив:** | Друштво за производство,трговија,услуги и инженеринг ИДЕА-КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ Струмица |
| **Кратко име:** | ИДЕА-КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ Струмица |
| **Седиште:** | БРАЌА МИЛАДИНОВИ бр.41 СТРУМИЦА, СТРУМИЦА |
| **Вид на субјект на упис:** | ДООЕЛ |
| **Датум на основање:** | 1.10.2008 г. |
| **Времетраење:** | Неограничено |
| **Деловен статус:** | Активен |
| ***Вид на сопственост:** | Приватна |
| **ЕДБ:** | 4027008505969 |
| **Потекло на капиталот:** | Домашен |
| **Големина на субјектот:** | мал |
| **Организационен облик:** | 05.4 - друштво со ограничена одговорност основано од едно лице |
| **Надлежен регистар:** | Трговски Регистар |

| ОСНОВНА ГЛАВНИНА | |
|---|---|
| **Паричен влог MKD:** | 0,00 |
| **Непаричен влог MKD:** | 307.000,00 |
| **Уплатен дел MKD:** | 307.000,00 |
| **Вкупно основна главнина MKD:** | 307.000,00 |

## СОПСТВЕНИЦИ

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ/ЕМБС:** | 1908961465023 |
| **Име и презиме/Назив:** | ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА |
| **Адреса:** | 24 ОКТОМВРИ бр.47 СТРУМИЦА, СТРУМИЦА |
| **Тип на сопственик:** | Основач/сопственик |

| | |
|---|---|
| **Паричен влог MKD:** | 0,00 |
| **Непаричен влог MKD:** | 307.000,00 |
| **Уплатен дел MKD:** | 307.000,00 |
| **Вкупен влог MKD:** | 307.000,00 |
| **Вид на одговорност:** | Не одговара |

| **ДЕЈНОСТИ** | |
|---|---|
| **Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:** | 71.11 - Архитектонски дејности |
| **ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС** | |
| **Евидентирани се дејности во надворешниот промет** | |
| **Одобренија, потврди, лиценци и др:** | Лиценца за вршење на работи на процена од областа на недвижен имот издадено од Министерство за транспорт и врски под број 0028-Н од 03.12.2012 година<br>Лиценца за вршење на енергетска контрола бр.12-4863/2 од 05.11.2014 година од Министерство за економија<br>Лиценца за изработка на урбанистички планови бр.0081 од 24.07.2014 година од старана на Министерство за транспорт и врски |

**ОВЛАСТУВАЊА**

**Управител**

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ:** | 1908961465023 |
| **Име и презиме:** | ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА |
| **Адреса:** | 24 ОКТОМВРИ бр.47 СТРУМИЦА, СТРУМИЦА |
| **Овластувања:** | Управител без ограничувања занимање:дипломиран архитект |
| **Тип на овластување:** | Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет |
| **Овластено лице:** | Управител |

**ПОДРУЖНИЦИ**

| | |
|---|---|
| **Подброј:** | 6412874/1 |
| **Назив:** | Друштво за производство, трговија, услуги и инженеринг ИДЕА-КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ Струмица-Подружница: Салон за уметност и занаетчиство ШЕРИС - Струмица |
| **Тип:** | Подружница |
| **Опис:** | Продажен изложбен салон |
| **Адреса:** | БРАТСТВО ЕДИНСТВО бр.24 СТРУМИЦА, СТРУМИЦА |

Број: 0805-50/150820220004597

| | |
|---|---|
| **Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:** | 32.99 - Останато производство, неспомнато на друго место |

**ОВЛАСТЕНИ ЛИЦА НА ПОДРУЖНИЦАТА**

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ:** | 1908961465023 |
| **Име и презиме:** | ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА |
| **Адреса:** | 24-ТИ ОКТОМВРИ бр.47 СТРУМИЦА, СТРУМИЦА |
| **Овластувања:** | Раководител |

**ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ**

| **КОНТАКТ** | |
|---|---|
| **E-mail:** | lileivan@t-home.mk |

**Напомена:**
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

**Правна поука:** Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

**Изготвил:**
**Магдалена Ѓоргиева**

**Овластено лице:**
**Ристо Матков**

Број: 0805-50/150820220004597

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
СКОПЈЕ

ВРЗ ОСНОВА НА ЧЛЕН 18 СТАВ 1 ОД ЗАКОНОТ ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ БР.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 И 55/13) МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ ИЗДАВА

# ЛИЦЕНЦА

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

**БРОЈ 0081**

НА

Друштво за производство, трговија, услуги и инженеринг

**ИДЕА-КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ Струмица**

СО ДОБИВАЊЕ НА ОВАА ЛИЦЕНЦА ПРАВНОТО ЛИЦЕ СЕ ЗДОБИВА СО ПРАВО ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ СОГЛАСНО ЗАКОН

ЛИЦЕНЦАТА ВАЖИ ДО: 24.07.2024 год.
ИЗДАДЕНО НА: 24.07.2014 год.
СКОПЈЕ

**МИНИСТЕР**

Миле Јанакиески

Врз основа на Законот за урбанистичко планирање (сл.Весник на РСМ бр. 32/20,) а во врска со изработка на :

Урбанистички проект за за село- за разработување на урбанистички план за село и формирање на градежна парцела на КП 1504 и други КО ВОДОЧА , Општина Струмица

ДПТУИ ИДЕА-КОНСАЛТИНГ дооел Струмица го издава следното:

# **Р Е Ш Е Н И Е**

## **ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПЛАНЕР**

како извршители се назначуват:

1.д.и.а Лилјана Ивановска овластен планер

Соработник: Надица Ивановски

Планерот е должен проектот да го изработи согласно Законот за урбанистичко планирање ( сл.Весник на РСМ бр.32/20) како и другите важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот.

Управител
д.и.а.Лилјана Ивановска

LILJANA IVANOVSKA Digitally signed by LILJANA IVANOVSKA
Date: 2023.06.18 18:35:05 +02'00'

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање, („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32 од 10 февруари 2020 г.) Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

# ОВЛАСТУВАЊЕ

## ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

## ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА

дипломиран инженер архитект (NQF VII-1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: **0.0454**

Издадено на: 14.09.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

# ПРОЕКТНАПРОГРАМА

Македонска православна црква - Охридска архиепископија
АРХИЕПИСКОПСКИ УПРАВЕН ОДБОР
бр. 02/23
23.01 20 23 год.
СКОПЈЕ

## ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

Вовед

**Урбанистичкиот проект за село- за разработување на урбанистички план за село и формирање на градежни парцела на КП 1504 и други КО ВОДОЧА , Општина Струмица** да се изработи врз основа на просторните можности на локацијата,постојната состојба, Ажурираната геодетска подлога, Проектната програма, Одредбите кои произлегуваат од изводот од УПС за с.Водоча Одлука бр. 07-388/1 од 09.06.1999год. и Одлука за преименување бр. 07-774/1 од 31.01.2013год , како и потребите на Нарачателот.

Изготвувањето на проектната документација се врши во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.С.М. 32/20) Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.С.М. 225/20;219/21;104/22)

## ОПИС НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Од увидот во постоечката состојба на теренот може да се заклучи:

- Предметниот проектен опфат е составен од повеќе кстастарски парцели: **дел од КП 1139/1; дел од КП1145/1; КП1146/1; дел од КП1268; КП 1269; КП 1270/1; КП 1504; дел од КП1505; дел од КП1580/4; КП1580/6; дел од КП1623; дел од КП1627; дел од КП1628/1; дел од КП1629/1; дел од КП1630/1; и дел од КП1631/1 КО ВОДОЧА** кои претставуват проектен опфат
- На предметната локација постојат изградени објекти
- Теренот е релативно равен со падови со висински коти прикажани во ажурираната геодетска подлога
- Заради поттикнување на спроведување на планот се врши формирање на градежна парцела

## ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ГРАДБИТЕ ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Цел на урбанистичкиот проект е да се формират градежни парцели и утврди површина за градење и урбанистички параметри на градежната парцела и организација на предметнатапарцела, врз основа на утврдените услови за изградба дефинирани со УПС и законската регулатива.При изработката на Урбанистичкиот проект да се води сметка за фактичката состојба на лице место.

**Класа на намена:** Со постоечкиот УПС предметните катастарски парцели се намена ДУХОВНА КУЛТУРА-МАНАСТИР И ГРОБИШТА и истата треба да се задржи **В5-ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ,** односно поединечни намени **В5.4-Манастири** и компатибилна намена Б1-Мали единици за комерцијални и деловни дејности мах.40%.и **Д4-МЕМОРИЈАЛНИ ЗЕЛЕНИ ПРОСТОРИ И ГРОБИШТА**

**Катност,процент на изграденост,коефициент на искористеност:** Со постоечкиот УПС не се предвидени урбанистички параметри освен намената,со овој УП ќе се определат урбанистички параметри согласно условите од УПС и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.С.М. 225/20;219/21;104/22).Површината на проектиот опфат прелиминарно изнесува 21196м$^2$

## ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ИНФРАСТРУКТУРАТА

Да се почитуваат постоечките и по потреба да се предвидат нови приклучоци на постојната инфраструктурна мрежа согласно добиените податоци од надлежните институции.

Со постоечкиот УПС влезот во градежната парцела е од планираната улица која е во границите на проектниот опфат.

Инвеститор:
МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА
СТРУМИЧКА ПРАВОСЛАВНА ЕПАРХИЈА
МАНАСТИР,,СВ.ЛЕОНТИЈ,,С.ВОДОЧА
Овластено лице:

Македонска православна црква - Охридска архиепископија, Архиепископски управен одбор, Скопје

**ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ -постапка во ПИМ е-урбанизам (43420)**

АЕК
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Наш број: 1404-1661/2
Скопје: 06.06.2022 г.

**ДО:**
**ДПТУИ ИДЕА –КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ**
**Ул.Браќа Миладиновци бр.41**
**2400 Струмица**

**Предмет**: Одговор за барање за податоци за ТК инсталации
**Врска:** Ваш број : преку е-урбанизам

Согласно вашето барање за доставување на податоци за изградени електронски комуникациски мрежи,а во врска со изработка **на Урбанистички проект за село –разработка на урбанистички план за село и формирање на градежни парцели според УПС за с.Водоча, Општина Струмица**
**Проектен опфат: дел од КП 1139/1; дел од КП 1145/1; КП 1146/1; КП 1269; КП 1270/1; КП 1504; дел од КП 1505; дел од КП 1580/4; КП 1580/6; дел од КП 1627; дел од КП 1630/1 и дел од КП 1631/1 КО ВОДОЧА,** према доставената ситуација, во прилог ви доставуваме податоци со кои во моментов располага Агенцијата за електронски комуникации.

Прилог:
-Податоци на изградени јавни
Електронски комуникациски мрежи- во електронска форма

Сектор за телекомуникации

Изработил: Б.Илиоска 31.05..2022г
Раководител на сектор:Борис Арсов
Советник на директорот: Игор Бојаџиев

ДИРЕКТОР:
Jeton Akiku

www.aek.mk

EVN Group

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
**Бр. 10-26/2-282 од 02.06.2022**
Скопје

Одговорно лице: Ѓорги Полинцев

Контакт телефон: 072 931 729

**Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје**

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис од 26.05.2022 година, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за изработка на Урбанистички проект за село –разработка на урбанистички план за село и формирање на градежни парцели според УПС за с.Водоча, Општина Струмица, Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци:

- ☐ 110(35)kV Трафостаница
- ☐ 110kV Подземна мрежа
- ☐ 110kV Надземна мрежа
- ☐ 35kV Подземна мрежа
- ☐ 35kV Надземна мрежа

- ☐ 10(20)/0.4kV Трафостаница
- ☒ 10(20)kV Подземна мрежа
- ☒ 10(20)kV Надземна мрежа

- ☐ 0.4kV Подземна мрежа
- ☒ 0.4kV Надземна мрежа

- ☐ Друго

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

**<u>НАПОМЕНА:</u>** Податоците кои ви ги даваме се од наша службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.

Препорачуваме при изработката на планската документација, а соодветно на типот на документација за која се бараат податоци, да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа и маркици за трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка). Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

GjORGI POLINCEV

Digitally signed by GjORGI POLINCEV
Date: 2022.06.02 11:51:40 +02'00'


60121330
60121340
60121350
Agrokonsalting
60121360
60121370
Vodocha
Легенда
Постоечка мрежа
Новопланирана мрежа
Демонтирана мрежа
0 0,0375 0,075 0,15 Kilometers
1:2.257

**ЈПКД “КОМУНАЛЕЦ“ СТРУМИЦА**
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

Ул. "Климент Охридски" бр. 35 б - Струмица

Жиро сметка: 200000003051321
Банка депонент: Стопанска банка

ТЕЛЕФОН:
Централа (034) 346 341

e-mail: jpkd.komunalec@hotmail.com

До:
**ДПТУИ ИДЕА-КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ Струмица**

Датум: 20.06.2022

Наш знак: 10-3303/2
Ваш знак:

**Предмет: Информации за подземни водоводни и канализациони инсталации**

Почитувани,

Врз основа на Вашето барање за податоци и информации од мај 2022 г. за потребите за изработка на **Урбанистички проект за село – разработка на урбанистички план за село и формирање на градежни парцели според УПС за с.Водоча, Општина Струмица**, Ве известуваме дека на наведената локација немаме наша постоечка и планирана инфраструктура.

Поздрав

*Изготвил / Одобрил*
Андреј Тошев

Digitally signed by Andrej Toshev
DN: cn=Andrej Toshev gn=Andrej c=MK o=JPKD Komunalec Strumica ou=Sektor vodovod i kanalizacija
Reason: I am the author of this document
Location: Strumica
Date: 2022-07-08 14:34+02:00

СПОДЕЛИ ДОЖИВУВАЊА.

Македонски Телеком АД - Скопје
Кеј 13 Ноември бр.6, 1000 Скопје

Бр: 43420
Дата: 02.06.2022

До
Друштво за производство, трговија, услуги и инженеринг
ИДЕА-КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ Струмица

| | |
|---|---|
| Ваше упатување | Барање на податоци и информации |
| Наше контакт лице | Перо Ѓорѓески, Елизабета Манева |
| Телефон | +389 70 200 736; +389 70 200 571 |
| Во врска со | Известување за планирани и постојни тк инсталации |

Почитувани,
Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци за изработка на Урбанистичкиот проект за село –разработка на урбанистички план за село и формирање на градежни парцели според УПС за с.Водоча, Општина Струмица, Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.

Со почит,
Македонски Телеком АД Скопје
По овластување на
Директор на сектор за пристапни мрежи
Васко Најков

NIKOLChE TASEVSKI Digitally signed by NIKOLChE TASEVSKI Date: 2022.06.03 08:45:35 +02'00'

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД - СКОПЈЕ
Адреса: „Кеј 13-ти Ноември" број 6, 1000 Скопје, Р. Македонија
Телефон: +389 2 3100 200 | Факс: +389 2 3100 300 | Контакт центар +389 2 122

**МЕПСО**

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје
Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

**До**

**Идеа Консалтинг ДООЕЛ**

**ул.Браќа Миладинови бр.41**

**Струмица**

Бр.11-3091/1

30.05.2022

**Предмет: Податоци за постојни и планирани електро енергетски објекти**

Врз основа на Вашето барање од 26.05.2022 год., предмет креиран на Е-урбанизам на 26.05.2022 година со број на постапка 43420, (наш број 11-3091 од 27.05.2022 година) за податоци и информации за изработка на Урбанистички проект за село – разработка на Урбанистички план за село и формирање на градежни парцели според УПС за с.Водача во Општина Струмица, Ве известуваме дека предметниот плански опфат **НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Изработил: Александар Костевски

Проверил: Јасмина Ставрова

Makedonski Telekom CA, ELI POPOVSKA

Digitally signed by Makedonski Telekom CA, ELI POPOVSKA
Date: 2022.05.30 10:24:57 +02'00'

по овластување од Генерален директор
бр.02-10/112 од 06.03.2019 год.
Раководител на Служба за ГИС
и геодетски работи

Влада на Република Северна Македонија
- ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ -
Подрачно одделение за заштита и спасување - Струмица

**26 Мај 2022**

Архивски број: 09-193/2

ДО
ДПТУИ „ИДЕА-КОНСАЛТИНГ" ДООЕЛ Струмица

Предмет: Податоци, доставува.-
Врска: Ваш акт мај 2022 година.-

Согласно чл. 32 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање Дирекцијата за заштита и спасување Подрачно одделение Валандово информира:

**Почитувани,**

Ве известуваме дека Дирекцијата за заштита и спасување не располага ниту има податоци за постоечка или планирана инфраструктура на планскиот опфат за **изработка на Урбанистички проект за село и формирање на градежни парцели според УПС за с.Водоча, Општина Струмица.**
Исто така, во прилог на дописот, Дирекцијата за заштита и спасување Ви доставува претходни услови за заштита и спасување со цел истите да се вградат при **изработка на Урбанистички проект за село и формирање на градежни парцели според УПС за с.Водоча, Општина Струмица.**

Во делот **МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ,** да се опфатат следните мерки:

**1. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ**

При изработка на Основен проект за објектите кои се предвидува да бидат изградени од цврста градба (придружни објекти), треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РСМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РСМ бр 67/04, 81/07, 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.
Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранската инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

**2. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ**

Заштитата од урнатини, како превентивна мерка, се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите.
Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.
Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.


Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение за заштита
и спасување Струмица
ул. „Моша Пијаде" бб
2400 Струмица
Република Северна Македонија
Тел. 034 328 885
076 475 429
e-mail: Strumica@dzs.gov.mk

3. **ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ, УРИВАЊЕ НА БРАНИ И ДРУГИ АТМОСФЕРСКИ НЕПОГОДИ**

При изработка на Урбанистичката Планска Документација да се предвидат и пропишат мерките за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосверски непогоди согласно Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр. 36/04, 49/04 и 86/08), и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

4. **ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО**

При изработка на Државната урбанистичка планска документација, со оглед на конфигурацијата на теренот, претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања.

5. **РАДИОЛОШКА, ХЕМИСКА И БИОЛОШКА ЗАШТИТА**

Да се предвидат мерките за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Согласно Процената на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на опфатот за кој се однесува урбанистичкиот план, а имајќи ги предвид одредбите од Законот за заштита и спасување-пречистен текст (Сл. Весник на РСЛ бр. 93/12), може да се вградат и други мерки за заштита и спасување.
Исто така, при проектирањето, да се имаат предвид одредбите од Правилникот за мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи. (Сл весник на РСМ број 32/11), како и обврската при изградба на објекти да се изготвува техничка документација – елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи кој е дел од процесот за добивање на одобрение за градење.

Откако ќе ги разработите и вградите условите за заштита и спасување во Урбанистичката документација за **изработка на Урбанистички проект за село и формирање на градежни парцели според УПС за с.Водоча, Општина Струмица.**
, да ја доставите до Дирекцијата за заштита и спасување, за да добиете мислење за застапеност на мерките за заштита и спасување.

**ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ СТРУМИЦА**
**Овластено лице**
**Марјан Даутов**

MARJAN DAUTOV

Digitally signed by MARJAN DAUTOV
DN: c=MK, o=DZS, 2.5.4.97=VATMK-4030004532350, ou=DZS:4030004532350, sn=DAUTOV, givenName=MARJAN, serialNumber=CRT3610620, cn=MARJAN DAUTOV
Date: 2022.05.26 17:27:54 +02'00'

Доставено до:

- Насловот
- Архива


Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение за заштита и спасување Струмица
ул. „Моша Пијаде" 6б
2400 Струмица
Република Северна Македонија
Тел. 034 328 885
076 475 429
e-mail: Strumica@dzs.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за култура**

**УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО**

Бр. 17 – 1441/2
02.06.2022 година
Скопје

ДО

**ДПТУИ ИДЕА - КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ**

ул. „Браќа Миладинови" бр. 41

2400 Струмица

Предмет: Доставување податоци
Врска: Ваше барање од мај, 2022 година.

Во врска со вашето барање за добивање податоци за постоење на културно наследство за изработка на Урбанистички проект за село - разработка на урбанистички план за село и формирање на градежни парцели според УПС за с.Водоча, општина **Струмица – проектен опфат**: дел од КП 1139/1, дел од КП 1145/1, КП 1146/1, КП 1269, КП 1270/1, КП 1504, дел од КП 1505, дел од КП 1580/4, КП 1580/6, дел од КП 1627, дел од КП 1630/1 и дел од КП 1631/1, КО Водоча, Управата за заштита на културното наследство ја разгледа доставената и постојната документација и констатира дека на подрачјето на предметниот плански опфат **постои регистрирано недвижно културно наследство, Комплекс Водочки цркви Св. Леонтиј VII – XV век** (ц.р.63) со ЕМБ 4-829-016/001 РНД, (Реш.бр.28 од 10.02.1953год. Централен завод Скопје. Дополнување со Реш.бр. 03-92/1 од 06.06.1981год. ЗЗСК Струмица и 09-43/1 од 05.07.1996год. ЗЗСК Струмица).

Поради тоа, а во согласност со одредбите од **член 71** од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), Ве упатуваме да контактирате со **НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Струмица** да извршат увид во границите на опфатот на предметниот план, да се произнесат со стручно мислење и да утврдат соодветен режим на заштита на недвижните културни добра.

Со почит,

***в.д. Директор,***

***Аријан Асланај***

Изработил: З. Тодоровски
Одобрил: м-р Б. Јовановска



Управа за заштита на културното наследство
Directorate for Protection of Cultural Heritage

ул. „Павел Шатев" бр. 3, Скопје; П.Фах 220
contact@uzkn.gov.mk
+389 2 5517 700
www.uzkn.gov.mk

**ДО**
**НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Струмица**

Предмет: **<u>Барање на изработка на Заштитно конзерваторски основи</u>**

Врз основа на Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15,193/15;31/16;163/16) а во врска со изработка на

**Урбанистички проект за село –разработка на урбанистички план за село и формирање на градежни парцели според УПС за с.Водоча ,Општина Струмица**

**Проектен опфат:**
**дел од КП 1139/1; дел од КП 1145/1; КП 1146/1; КП 1269; КП 1270/1; КП 1504; дел од КП 1505; дел од КП 1580/4; КП 1580/6; дел од КП 1627; дел од КП 1630/1 и дел од КП 1631/1 КО ВОДОЧА**

Побаравме мислење од Министерство за култура –Управа за заштита на културното наследство,и со писмена информација која Ви ја доставуваме во прилог не упатија на Вашата институција за стручно мислење.

Во прилог Ви доставуваме.
-Допис од Управата за заштита на културното наследство
-графички прилог со опфат

ДПТУИ ИДЕА-КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ СТРУМИЦА

Управител

јули 2022 год

LILJANA IVANOVSKA

Digitally signed by LILJANA IVANOVSKA
Date: 2022.07.20 12:05:22 +02'00'

**<u>Доставените податоци и информации и мислења се вградени во планскиот опфат,при изградба на објектите и инсталациите да се води сметка за податоците.</u>**

1.**ВОВЕД**

Предмет на изработка:

Урбанистички проект за село- за разработување на урбанистички план за село и формирање на градежна парцела на КП 1504 и други КО ВОДОЧА , Општина Струмица,Согласно Изводот од УПС за с.Водоча,Одлука бр. 07-388/1 од 09.06.1999год. и Одлука за преименување број 07-774/1 од 31.01.2013година

Основа за изработка на Урбанистичкиот проект е член 58 став 2 точка 5 од Законот за урбанистичко планирање (сл.весник на Р.С.М бр.32/20) и член 56 од Правилникот за урбанистичко планирање(сл.весник на Р.С.М бр.225/20;219/21;104/22), условите од изводот од УПС,според кои градежната парцела се формира со Урбанистички проект .

Според член 58 став 2 точка 5 од Законот:

*(2) Во зависност од видот и намената на градежното земјиште и градбите што се предмет на разработка, урбанистичкиот проект може да биде:.......*

*5. Урбанистички проект за разработување на урбанистички план за село од член 14 став (2) точки 2 и 3 од овој закон, каде што не се формирани градежни парцели, а катастарските парцели ги задоволуваат условите за формирање на градежна парцела пропишани согласно со членот 24 од овој закон.*

Според член 56 од Правилникот:

*(1) Урбанистички проект за село се изработува заради разработување на земјиштето каде што со урбанистички план за село односно општ акт за село кој се применува, не се формирани градежни парцели, а катастарските парцели ги задоволуваат условите за формирање на градежна парцела пропишани во овој правилник.*

*(2) Со урбанистички проект за село детално се уредуваат елементите на внатрешната просторна организација на катастарската парцела, внатрешната поделба на површини според намената на земјиштето и поединечните површини за градење.*

*(3) Со урбанистички проект за село детално се уредуваат урбанистичките параметри и начинот на употреба на земјиштето на село, без оглед на статусот (градежно, земјоделско, шумско или друго) и намената на земјиштето во границите на селото, како и пристапните сообраќајници до секоја катастарска парцела ги задоволуваат условите за формирање на градежна парцела пропишани во овој правилник.*

МЕСТОПОЛОЖБА И ОПИС НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Проектниот опфат за изработка на Урбанистичкиот проект ги опфаќа дел од КП 1139/1; дел од КП1145/1; КП1146/1;КП 1269; КП 1270/1; КП 1504; дел од КП1505; дел од КП1580/4; КП1580/6; дел од КП1627; дел од КП1628/1; дел од КП1629/1; дел од КП1630/1; и дел од КП1631/1 КО ВОДОЧА Површината на проектниот опфат изнесува: 21789,34 м$^2$. Границите на проектниот опфат се дадени во графичкиот прилог кој е оставен дел на Урбанистичкиот проект Просторот во рамките на проектниот опфат е урбанистички дефиниран со Урбанистички План за с.Водоча,Одлука бр. 07-388/1 од 09.06.1999год. и Одлука за преименување број 07-774/1 од 31.01.2013година според кој се дефинирани групи на намени: ДУХОВНА КУЛТУРА-МАНАСТИР И ГРОБИШТА

**2.ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА СНИМЕНИОТ ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИЗГРАДЕНАТА ИНФРАСТРУКТУРА**

Катастарските парцели се изградено и неизградено земјиште,за дел од земјиштето не е направена промена на култура по донесување на планот за с.Водоча

На локацијата се изградени верски објекти,помошни објекти и гробишта и ќе ја задржат постојната позиција.

Во рамките на проектниот опфат има постоен земјан пат и уреден пешачки сквер.

До локацијата има пристап од постојната асфалтирана улица,која е изведена по граница на проектниот опфат

Според добиените податоци од надлежните институции во рамките на опфатот добиени се следните податоци:

-ЕВН –Електро дистрибуција дооел Скопје достави податок дека постои надземна мрежа и подземна мрежа во проектниот опфат прикажани во графичкиот дел,на подземниот кабелски вод се предвидува заштите согласно мрежните правила.

-Од Управата за заштита на културното наследство е доставен допис бр.17-1441/2 ОД 02.06.2022.година.според кој во рамките на проектниот опфат постои регистрирано недвижно културно наследство Комплекс Водочки цркви Св.Леонтиј VII-XV век (ц.р.63)со ЕМБ 4-829-016/001РНД (Реш.бр.28 од 10.02.1953год.Централен завод Скопје.Дополнување со Реш.бр. 09-92/1 од 06.06.1981год.ЗЗСК Струмица И 09-43/1 од 05.07.1996год.ЗЗСК Струмица.

Управата за заштита на културното наследство упати да се обратиме до НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј -Струмица да се произнесат со стручно мислење и урврдување на соодветен режим на заштита на недвижните културни добра.

-По доставеното барање до НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј -Струмица,изработени се од нивна страна Заштитно конзерваторски основи за културно наследство (ЗКО) во кои се предвидени мерки за заштита на културни добра.

Заштитно конзерваторските основи за културно наследство (ЗКО) се составен дел на урбанистичкиот проект со задолжителните мерки за заштита.

Сите доставени податоци за постојни и планирани инсталациии се дел од документационата и планираната основа на урбанистичкиот проект, со што идниот објект ќе има услови за приклучок, врз Основа на побарано Мислење и согласност од надлежните субјекти

## 3.ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ НА ГРАДЕЖНИТЕ ПАРЦЕЛИ

Проектниот опфат на Урбанистичкиот проект ги опфаќа следните катастарски парцели: дел од КП 1139/1; дел од КП1145/1; КП1146/1;КП 1269; КП 1270/1; КП 1504; дел од КП1505; дел од КП1580/4; КП1580/6;дел од КП1627; дел од КП1628/1; дел од КП1629/1; дел од КП1630/1; и дел од КП1631/1 КО ВОДОЧА ,од кои се формираат градежните парцели ,со вкупна површина на проектниот опфат од 21789,34 м$^2$,со извршен преклоп во регистарот на земјиште.

Проектниот опфат е дефиниран како наменска зона која според УПС за с.Водоча е во група на намени: ДУХОВНА КУЛТУРА-МАНАСТИР И ГРОБИШТА

## КЛАСА НА НАМЕНИ

Во рамките на проектниот опфат се дефинираат следните намени: **В5-ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ,** односно поединечни намени **В5.4-Манастири** и **Д4-МЕМОРИЈАЛНИ ЗЕЛЕНИ ПРОСТОРИ И ГРОБИШТА**

Компатибилните класи на намена се предвидуваат според член 80 ,81 и 83 од Правилникот за урбанистичко планирање(сл.весник на Р.С.М бр.225/20;219/21;104/22) ,со максимум 400% на учество на збирот на компатибилните намени во однос на основната намена. Компатибилната класа на намена –Б1 се предвидува како комлементарна намени според член 83 од Правилникот за урбанистичко планирање(сл.весник на Р.С.М бр.225/20;219/21) ,со максимум 40% во однос на основната намена

Се определуват следните компатибилни намени :

Б1-мали единици за комерцијални и деловни дејности (40%)

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

| градежна парцела | намена на земјиште | површина | | мах.висина во м' | мах. број на спратови | процент на изграденост % | коефициент на искористеност K |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | м2 | % | | | | |
| 1.1, 1.2 и 1.3 | В5.4 - МАНАСТИРИ | 15887,11 | 72,91 | 12,00 | П+2 | 30,22 | 0,73 |
| | Д4 - МЕМОРИЈАЛНИ ЗЕЛЕНИ ПРОСТОРИ И ГРОБИШТА | 3424,98 | 15,72 | | | | |
| | СООБРАЌАЈ,ЗЕЛЕНИЛО И ПЛАТО | 2477,25 | 11,37 | | | | |
| *Вкупно:* | | 21789,34 | 100,00 | | | | |

**Регулациона линија**

Регулаторни линии се линиски плански одредби во графичкиот дел на урбанистичкиот план кои го разграничуваат градежното земјиште од аспект на носителите на правото за градење и од аспект на намената на земјиштето во градежната парцела односно од диспозицијата на планираните градби.Регулациона линија е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба. Во графичките прилози означени се регулационите линии, со детално котирање на растојанијата до градежните линии.

**Градежна парцела површини за градење и градежни линии**

Во проектниот опфат се предвидени три градежни парцели,предвидени се повеќе површини за градење како комлекс на градби,кои ги опфаќаат постојните изградени објекти и се предвидува дел за нови објекти за градење

Градежна линија е линиска планска одредба која ја дефинира просторната граница до која идната градба може да се гради и претставува граница на површината за градење во градежната парцела

**Правила за пречекорување на градежна линија**

(1) Градежната линија се спроведува со можни и дозволени пречекорувања на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите. Дозволените пречекорувања се, во зависност од постојните архитектонски изразни средства и архитектонско наследство.

(2) Може да се предвидува дозволено пречекорување на градежната линија на првостепената и второстепената архитектонска пластика само над приземниот кат на градбата, додека помеѓу теренот и првиот кат може да се предвидуваат пречекорувања само со одредени елементи од третостепената архитектонска пластика,кога за тоа постојат услови и не повеќе од 0,30 м.

(3) Кога градежната линија се совпаѓа со границата на градежната парцела не може да има пречекорувања на градежната линија со ниту еден вид издадени архитектонски елементи и делови од градба.

(4) Кога растојанието помеѓу градежната линија и границата на градежната парцела е 1,20 м, не се дозволени пречекорувања на градежната линија со еркери и други издадени делови на било која висина од вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со границата на градежната парцела, а доколку растојанието помеѓу градежната линија и границата на градежната парцела е поголемо од 1,20 м дозволените издадени делови не можат да бидат на растојание од границата на градежната парцела што е помало од 1,20 м.

(5) Доколку градежната линија се совпаѓа со регулационата линија, дозволени пречекорувања на градежната линија се:

1. првиот скалник од влезните партии до 30 см, ако ширината на тротоарот е поголемаод 2,25 м,

2. првостепена пластика во која спаѓаат: ризалити, влезни партии, конструктивни столбови, вертикални комуникации и други издадени делови на архитектонската основа до 30 см, ако широчината на тротоарот е поголема од 2,25 м,
3. второстепена пластика во која спаѓаат: еркери, балкони, конзоли, стреи, брисолеи и др. кои се појавуваат помеѓу првиот спрат и горниот венец до 90 см длабочина за уличен коридор широк до 12,00 м и до 7,5% од широчината на коридорот, но не повеќе од 1,50 мдлабочина за улични коридори пошироки од 12,00м,
4. елементите на второстепената архитектонска пластика не се појавуваат на фасадата на градбата најмалку 3,60 м над котата на тротоарот,
5. елементите на второстепената архитектонска пластика не се појавуваат на страничните фасади кои се оддалечени од границата на соседната градежна парцела 3,00 м и помалку од 3,00 м
6.третостепена пластика во која спаѓат: пиластри, корнизи, подпрозорници, венци идруга плитка архитектонска пластика до 30 см, а на приземниот дел од градбата оваапластика е дозволена доколку ширината на тротоарот е поголема од 2,25 м.

**НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ**

| Нумерација на градежна парцела | класа на намена | компатибилна класа на намена | Max % на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена во планот | максимална височина на градбата изразена во м' | максимален број на спратови | Вкупна површина на градежна парцела м2 | Нумерација на објект | Вкупна површина за градење м2 | Вкупна етажна површина за градење м2 | процент на изграденост на земјиштето % | коефициент на искористеност на земјиштето К |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1 | в5.4 | Б1 | 40 | 12,0 | П+2 | 5981,19 | 1и 2 | 581 | 581 | 36,38 | 0,90 |
| | | | | | | | 3 | 402 | 1206 | | |
| | | | | | | | 4 | 1193 | 3579 | | |
| 1.2 | в5.4 | Б1 | 40 | 12,0 | П+2 | 9905,92 | 1 | 1026 | 1026 | 36,95 | 0,89 |
| | | | | | | | 2 | 65 | 65 | | |
| | | | | | | | 3 | 2569 | 7707 | | |
| 1.3 | Д4 | | | | | 3424,98 | | | | | |
| | | | | | | 19312,08 | | 5836 | 14164 | 30,22 | 0,73 |

**Напомена: Бројот на паркинг места ќе биде пресметан во Основниот проект врз основа на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена, а согласно член 131 и член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РМС бр. 225/20, бр. 219/21, бр. 104/22)**

**Сообраќај**

Со Урбанистичкиот проект не се вршат никакви измени од сообраќаен аспект, односно постоечките и планираните улици во потполност се задржуваат со местоположба и регулациони ширини, како што се дефинирани со УПС.

Пристапот до градежните парцели е од постојните улици со постојната ширина изведена на лице место

Потребата од паркинг простор се решава во рамките на градежните парцели според важечката законска регулатива. Бројот на потребните паркинг места ќе се дефинира со Основни проекти според степенот на моторизација на населеното место и одредбите од чл 131 и чл.134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.С.М. 225/20;219/21;104/22). на следниот начин:

За намена В5 – Верски институции

- 1 паркинг место на 40 м2 од вкупната површина, :

За намена Б1: 1 паркинг место на секои 100 м2 од вкупно изградената површина

.Во вкупниот број на паркинг места да се предвидат најмалку 3% паркинг места за лица со инвалидност ,односно за паркинг со помалку од 20 паркинг места се предвидува 1 паркинг место за лица со инвалидност .Паркинг местото е со минимални димензии од 3,50/5,50м и се лоцира и видно се обележува најблиску до влезот на градбата и до пешачката површина

**Нивелмански план**

Котата на приземјето на планираните градби, пристапот и партерното уредување на градбите во проектниот опфат да се усогласат со нивелетата на улиците и условите на теренот,котата при влез во парцелата се дефинира: за ГП1.1 268,90мнв , за ГП1.2 273,50мнв за влезот од јужната страна и 267,82мнв за влезот од северната страна и за ГП1.3 267,80мнв .

Нултата точка на кота на приземје е максимум 1,2 од котата на влез

**Максимална височина**

Максималната височина на градбата се изразува како:

1. вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар или патека и завршниот венец на градбата изразена во должни метри, и/или

2. вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар или патека и највисоката кота на градбата изразена во должни метри.

Максималната височина на градбата се одредува за онаа страна од површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела, односно од страната на сообраќајниот пристап. Доколку тротоарот односно теренот долж лицето на парцелата е во наклон, максималната височина се одредува во однос на кота на тротоарот што се наоѓа во средината на страната на градбата долж наклонот на теренот.

Дозволено е пречекорување на максималната висина на градбите во форма на камбанарии и слично

**КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА**

***Водовод***

Потребите од санитарна вода и вода за ПП заштита ќе бидат задоволени од градската водоводна мрежа во согласност со условите кои ќе бидат зададени од надлежното комунално претпријатие.

***Фекална канализација***

Одведувањето на фекални отпадни води ќе се врши во планираната фекална канализациона мрежа. До изведба на канализациона мрежа прифаќањето ќе биде во септичка јама Димензионирањето на внатрешната канализациона мрежа ќе се изврши со Основниот проект

***Атмосферска канализација***

Атмосферските отпадни води од рамките на парцелите ќе се одведуваат во планираната атмосферска канализациона мрежа. До изведба на атмосферска канализациона мрежа прифаќањето ќе биде во слободните зелени површини.

***Електро-енергетска и телекомуникациска мрежа***

-ЕВН –Електро дистрибуција дооел Скопје достави податок дека постои надземна мрежа и подземна мрежа во проектниот опфат прикажани во графичкиот дел,на подземниот кабелски вод се предвидува заштите согласно мрежните правила.

Новопланираните градби да се приклучат на електричната мрежа во согласност со условите зададени од од надлежното претпријатие.

Приклучокот на телекомуникациска инфраструктура ќе се изврши врз основа на условите кои ќе бидат издадени од надлежното претпријатие.

**ЗЕЛЕНИЛО, ХОРТИКУЛТУРА И ПАРТЕР**

Внатрешните дворни површни да се поплочат и слободниот простор да се затревни и посади со ниско и високо зеленило. **Минимален процент на озеленетост изнесува 20%.**

## 4 ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО ЗА ГРАДБИ КОИ ВАЖАТ ЗА ЦЕЛИОТ ПРОЕКТЕН ОПФАТ

1.1. Одредби за уредување на просторот и графичките прилози се составен дел на планот и имаат дејство само врз градителската активност која ќе уследи по стапување во сила на Урбанистичкиот проект

1.2. Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

1.3. Во оваа зона може да се предвидуваат само објекти со класа на намена:

**В5-ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ,** односно поединечни намени **В5.4-Манастири** и **Д4-МЕМОРИЈАЛНИ ЗЕЛЕНИ ПРОСТОРИ И ГРОБИШТА**

ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО ЗА ГРАДБИ КОИ ВАЖАТ ЗА ЦЕЛИОТ ПРОЕКТЕН ОПФАТ

Согласно Правилникот за урбанистичко планирање(сл.весник на РСМ бр.225/20;219/21) за намените од планот се дефинирани компатибилните намени параметрите прикажани во нумеричките показатели.

Нумерички показатели на урбанистичките параметри на градежните парцели по овој УП

| НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Нумерација на градежна парцела | класа на намена | компатибилна класа на намена | Мах % на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена во планот | максимална височина на градбата изразена во м' | максимален број на спратови | Вкупна површина на градежна парцела м2 | Нумерација на објект | Вкупна површина за градење м2 | Вкупна етажна површина за градење м2 | процент на изграденост на земјиштето % | коефициент на искористеност на земјиштето К |
| 1.1 | в5.4 | б1 | 40 | 12,0 | п+2 | 5981,19 | 1и 2 | 581 | 581 | 36,38 | 0,90 |
| | | | | | | | 3 | 402 | 1206 | | |
| | | | | | | | 4 | 1193 | 3579 | | |
| 1.2 | в5.4 | б1 | 40 | 12,0 | п+2 | 9905,92 | 1 | 1026 | 1026 | 36,95 | 0,89 |
| | | | | | | | 2 | 65 | 65 | | |
| | | | | | | | 3 | 2569 | 7707 | | |
| 1.3 | д4 | | | | | 3424,98 | | | | | |
| | | | | | | 19312,08 | | 5836 | 14164 | 30,22 | 0,73 |

**ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА ГП 1.1 :**

**Основна класа на намена:**

**В5-ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ** ,поединечна намена **В5.4-Манастири**

Компатибилните класи на намена се предвидуваат поред член 80 и 81 од Правилникот за урбанистичко планирање(сл.весник на Р.С.М бр.225/20;219/21) ,со максимум 40% на учество на збирот на компатибилните намени во однос на основната намена.

Се определуват следните компатибилни намени :

Б1-мали комерцијални и деловни дејности (40%)

**Површина на градежна парцела 5981,19 м²**

**Вкупна Површина за градење : 2176 м²**

**Вкупна етажна површина за градење: 5366 м²**

**Процент на изграденост 36,38 %**

**Коефициент на искористеност 0,9**

**Минимум 20% зеленило во рамките на градежната парцела**

## Режим на заштита на културно наследство:

**Прв степен на заштита** е предвиден за ГП 1.1 и се предвидени следните мерки за заштита:

1. зачувување, заштита и одржување на целовитоста на историската структура, (формата, типологијата на градење, изгледот и другите вреднувани архитектонско - конструктивни и уметнички содржини од ентериерот и екстериерот на заштитеното недвижно добро, односно слоевитоста на движното добро), преку преземање на следните заштитни мерки: конзервација, реставрација, санација, превентива, како и анастилоза и рекомпозиција во исклучителни случаи
2. усогласување на функцијата/ и намената за опстанок и одржлив развој на културното добро според строго одредени мерки на заштита, користење и одржување при што ќе се зачувуваат автентичните уметнички, амбиентални, просторни или други карактеристики според кои доброто е вреднувано.
3. Доколу се вршат градежни активности на предвидените катастарски парцели, задолжително да бидат извршени археолошки истражувања.

Важат и општите мерки за заштита на културно наследство

**Потребен број на паркинг места:**

Паркирањето-гаражирањето да се реши во склоп на градежната парцела со почитување на нормативите од член 131 и член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ", број 225/20;219/21;104/22).

За намена В5 – Верски институции

- 1 паркинг место на 40 м2 од вкупната површина, :

За намена Б1: 1 паркинг место на секои 100 м2 од вкупно изградената површина

.Во вкупниот број на паркинг места да се предвидат најмалку 3% паркинг места за лица со инвалидност ,односно за паркинг со помалку од 20 паркинг места се предвидува 1 паркинг место за лица со инвалидност .Паркинг местото е со минимални димензии од 3,50/5,50м и се лоцира и видно се обележува најблиску до влезот на градбата и до пешачката површина

## Поединечни параметри на објектите во градежната парцела

**Параметри за објект 1 и 2(постојна црква)**

| | |
|---|---|
| Површина за градење објект 1 и2 : | 581 м$^2$ |
| Етажна површина за градење за објект 1 и2: | 581 м$^2$ |
| Максимална висина на градење до венец објект 1и 2 | постојна висина |
| Максимален број на спратови на објект 1 и 2 | Приземје |

**Параметри за објект 3(постоен конак)**

| | |
|---|---|
| Површина за градење објект 3 : | 402 м$^2$ |
| Етажна површина за градење за објект 3: | 1206 м$^2$ |
| Максимална висина на градење до венец објект 3 | 12м |
| Максимален број на спратови на објект 3 | П+2 |

**Параметри за објект 4**

**Површина за градење објект 4 : 1193 м²**

**Етажна површина за градење за објект 4: 3579 м²**

**Максимална висина на градење до венец објект 4 12м**

**Максимален број на спратови на објект 4 П+2**

Максималната височина на градбата се изразува како:
1. вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар или патека и завршниот венец на градбата изразена во должни метри, и/или
2. вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар или патека и највисоката кота на градбата изразена во должни метри.
Максималната височина на градбата се одредува за онаа страна од површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела, односно од страната на сообраќајниот пристап. Доколку тротоарот односно теренот долж лицето на парцелата е во наклон, максималната височина се одредува во однос на кота на тротоарот што се наоѓа во средината на страната на градбата долж наклонот на теренот.

Дозволено е пречекорување на максималната висина на градбите во форма на камбанарии и слично

**ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА ГП 1.2 :**

**Основна класа на намена:**

**В5-ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ** ,поединечна намена **В5.4-Манастири**

Компатибилните класи на намена се предвидуваат поред член 80 и 81 од Правилникот за урбанистичко планирање(сл.весник на Р.С.М бр.225/20;219/21) ,со максимум 40% на учество на збирот на компатибилните намени во однос на основната намена.
Се определуват следните компатибилни намени :
Б1-мали комерцијални и деловни дејности (40%)

**Површина на градежна парцела 9905,92 м²**

**Вкупна Површина за градење : 3660 м²**

**Вкупна етажна површина за градење: 8798 м²**

**Процент на изграденост 36,95 %**

**Коефициент на искористеност 0,89**

**Минимум 20% зеленило во рамките на градежната парцела**

**Режим на заштита на културно наследство:**

**Трет степен на заштита** е предвиден за ГП 1.2 се предвидени следните мерки за заштита:

1.вршење на археолошки надзор при било какви градежни интервенции во парцелата.

Важат и општите мерки за заштита на културно наследство

**Потребен број на паркинг места:**

Паркирањето-гаражирањето да се реши во склоп на градежната парцела со почитување на нормативите од член 131 и член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20;219/21;104/22).
За намена В5 – Верски институции

- 1 паркинг место на 40 м2 од вкупната површина, :

За намена Б1: 1 паркинг место на секои 100 м2 од вкупно изградената површина

.Во вкупниот број на паркинг места да се предвидат најмалку 3% паркинг места за лица со инвалидност ,односно за паркинг со помалку од 20 паркинг места се предвидува 1 паркинг место за лица со инвалидност .Паркинг местото е со минимални димензии од 3,50/5,50м и се лоцира и видно се обележува најблиску до влезот на градбата и до пешачката површина

**Поединечни параметри на објектите во градежната парцела**

**Параметри за објект 1**

**Површина за градење објект 1 : 1026 м$^2$**

**Етажна површина за градење за објект 1 : 1026 м$^2$**

**Максимална висина на градење до венец објект 1 12м**

**Максимален број на спратови на објект 1 П+2**

**Параметри за објект 2(постоен објект)**

**Површина за градење објект 2 : 65 м$^2$**

**Етажна површина за градење за објект 2: 65 м$^2$**

**Максимална висина на градење до венец објект 2 постојна**

**Максимален број на спратови на објект 3 Приземје**

**Параметри за објект 3**

**Површина за градење објект 3 : 2569 м$^2$**

**Етажна површина за градење за објект 3: 7707 м$^2$**

**Максимална висина на градење до венец објект 3 12м**

**Максимален број на спратови на објект 3 П+2**

Максималната височина на градбата се изразува како:
1. вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар или патека и завршниот венец на градбата изразена во должни метри, и/или
2. вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар или патека и највисоката кота на градбата изразена во должни метри.
Максималната височина на градбата се одредува за онаа страна од површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела, односно од страната на сообраќајниот пристап. Доколку тротоарот односно теренот долж лицето на парцелата е во наклон, максималната височина се одредува во однос на кота на тротоарот што се наоѓа во средината на страната на градбата долж наклонот на теренот.

Дозволено е пречекорување на максималната висина на градбите во форма на камбанарии и слично

**ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА ГП 1.3 :**

**<u>Основна класа на намена:</u>**

**Д4-МЕМОРИЈАЛНИ ЗЕЛЕНИ ПРОСТОРИ И ГРОБИШТА**

Компатибилните класи на намена не се предвидуваат

**<u>Површина на градежна парцела 3424,98 м²</u>**

**<u>Градежната парцела се дефинира како парцела наменета за гробишта каде постојат гробни места и која ќе се уредува со основен проект за уредување на гробните места и партерот.</u>**

**Режим на заштита на културно наследство:**

**Трет степен на заштита** е предвиден за ГП 1.3 се предвидени следните мерки за заштита:

1.вршење на археолошки надзор при било какви градежни интервенции во парцелата.

Важат и општите мерки за заштита на културно наследство

Графичките прилози на проектот се составен дел на Деталните услови за градба.

**<u>5.МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА</u>**

- МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

***Заштита на животна средина***

Во доменот на заштитата на животната средина основна цел е преку соодветни плански поставки да се обезбедат услови за непречен развој со истовремено чување наквалитетот на средината за живот и работа.

Сите слободни површини од парцелата хорикултурно да се уредат со зеленило, а големината и видот на зеленилото да се дефинираат на ниво на Основен проект.

Прашањето на одвоз на отпад да се реши во договор со надлежните институции за собирање на отпадот за осигуран континуиран одвоз, и да се постават контејнери према видот на отпадот. Просторот околу контејнерите да се уреди за овозможување услови за одржување и несметан пристап од сообраќајница.

***Заштита на почвата и подземните води***

Во смисол на заштита на подземните води неопходна е изведба на непропусна канализација за одводнување на отпадните води.

Токму затоа, при планирање , потребно е да се потенцира дека создателот и/или поседникот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

- МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Согласно Законот за одбрана ,Законот за заштита и спасување, Законот за пожарникарство и Законот за управување со кризи , задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

1. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

При изработка на Основен проект за објектите кои се предвидува да бидат изградени од цврста градба (придружни објекти), треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РСМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РСМ бр 67/04, 81/07, 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.
Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранската инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

2. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките лановиво текот на планирањето на просторот. Според постојните анализи и добиените резултати засеизмичност на месното подрачје според очекуваните дејности на земјотреси во иднина,основен степен на сеизмички итензитет во подрачјето изнесува 8о по МЦС.
Дефинирање на сеизмички хазард всушост претставува дефинирање на економско-технички критериуми за прифатливо ниво на безбеденост на градежната конструкција зкразлични материјали на објектите.За да се избегне сеизмичкиот хазард потребно е градбата да се гради споредпараметрите и критериумите за сеизмичка градба.
Во случај на можни разурнувања било од земјотес или од воздушен воен удар,планираното решение на уличната мрежа обезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла)
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални воизила
- непречена интервенција
- штетите да се сведат на минимум
- брза санација на последиците.

Растојанијата помеѓу градбите во локацијата, како и кон границите на парцелата обезбедуваат услови за несметана евакуација.

3. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ, УРИВАЊЕ НА БРАНИ И ДРУГИ АТМОСФЕРСКИ НЕПОГОДИ

Мерките за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосверски непогоди согласно Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр. 36/04, 49/04 и 86/08), и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област,да се применат со мерки при изградба на објектите

4. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

При изработка на Основните проекти, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања

5.МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАР НА ОБЈЕКТИТЕ

При изработка на Основниот проект да се предвидат и пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр.93/12),Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РМ бр.67/04), Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РМ бр.32/11) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област. При проектирањето да се води сметка за можноста за движење и пристап на противпожарни возила, уличната хидрантска мрежа (ако ја има) и сл.
Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранската инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.
Влез во градежните парцели е обезбеден од постоечките и планираните улици, со што се обезбедени услови за несметан пристап на противпожарни возила.
Растојанијата на градежните линии на предвидените градби гарантираат сигурност и заштита од ширење пожар од една на друга градба.
При изведба на водоводна мрежа, во фазата Основен проект ќе биде неопходно да се

предвидат соодветен број противпожарни надворешни хидранти со кое ќе бидат задоволени мерките на превентива и заштита во случај на пожар.

Сите објекти се лоцирани така да се пристапи за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помало од 3,5м со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.

Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување (Службен весник на Р.М, број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11). Со планирањето на хидранската мрежа да се задоволат сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. надворшната хидратанака мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевководи се доведува на хидранските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

Останатите мерки за заштита од пожар се предвидуваат со изработката на техничката документација на објектот на ниво на Основен проект и треба да бидат во согласност со Законот и Правилниците за мерки за заштита од пожар експлозии и опасни материи.

- МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРИСТАПНОСТ ЗА ЛИЦА СО ИНВАЛИДНОСТ

Мерките се однесуваат и за создавање на услови за непречено движење на лица со инвалидитет во рамките на планскиот опфат и се однесуваат на следното:

(1) Површините за движење на пешаците кои се планираат во урбанистичките плановии тоа тротоари, пешачки улици, пешачки патеки и плоштади каде што карактеристиките на теренот тоа го дозволуваат, треба да се со континуирана нивелета без скалести денивелации со подолжен наклон од најмногу 8,33%.

(2) Доколку јавните пешачки површини се на терен со големи висински разлики кои мораат да се совладаат со скали, со урбанистички план и урбанистичко планска документација треба да се предвиди алтернативна врска со рампа со максимален пад од 8,33% или во однос 1:12.

(3) Рампата од став (2) се димензионира за двосмерно движење на лица во колички при што нејзината најмала широчина треба да е 1,65 м, а оптималната широчина треба да е 1,80 м.

(4) Во зависност од наклонот на рампата, ограничена е нејзината должина и тоа за:
- наклон од 8,33% или во однос (1:12), максимална должина на рампата е 9 м;
- наклон од 6,66% или во однос (1:15), максимална должина на рампата е 12 м, и
- наклон од 5,0% или во однос (1:20), максимална должина на рампата е 15 м.

(5) Во случаите кога е неопходна поголема должина на рампите од онаа одредена воставот (4) на овој член, треба да се планираат одморишта чија што најмала должина треба да е 1,50 м, а оптимална должина треба да е 1,80 м.

- МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДНОТО И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Во рамки на проектниот опфат не се евидентирани споменични целини.

ЗАШТИТА НА ПРИРОДНО НАСЛЕДСТВО

Во рамки на проектниот опфат не е евидентирано природно наследство

ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Во рамките на проектниот опфат постои регистрирано недвижно културно наследство

Врз основа на доставените Заштитно конзерваторски основи за културно наследство (ЗКО) од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј -Струмица предвидени се мерки за заштита на културни добра.

Заштитно конзерваторските основи за културно наследство (ЗКО) се составен дел на урбанистичкиот проект со задолжителните мерки за заштита.

Според Заштитно конзерваторските основи за културно наследство (ЗКО) за урбанистички план за село Водоча во проектниот опфат се предвидени режим на заштита од прв степен и од трет степен,режимот на заштита од втор степен е надвор од проектниот опфат

Режимот на заштита на културните добра во проектниот опфат е предвиден на следниот начин:

За градежната парцела ГП 1.1е предвиден прв степен на заштита , За градежните парцели ГП 1.2 и ГП 1.3 е предвиден трет степен на заштита.Зоните на заштита се прикажани во графичкиот прилог заштита на културното наследство согласно Заштитно конзерваторските основи за културно наследство (ЗКО).

Комплексот Водочки цркви Св.Леонтиј – Водоча " согласно Законот за заштита на културното наследство и предвидените категории на културно наследство, во иднина би била категоризирана како културно наследство од особено значење односно културно наследство од големо значење (член 28 став 1, 2, 4 и 5 од Законот за заштита на културното наследство) и режим на заштита од **прв степен** за предметното добро

| | |
|---|---|
| Граници на заштитено добро | • Дел од КП 1505<br>• Дел од КП 1504<br>• Дел од КП 1631/1<br>• Дел од КП 1580/4<br>• Дел од КП 1630/1<br>• Дел од КП 1145/1<br>• Дел од КП 1139/1 |

За „Комплексот Водочки цркви Св.Леонтиј – Водоча" се предвидува Режим на заштита од **трет степен** за контактните зони:

- Задржување на постојната состојба на изградените објекти, со можност за градежни интервенции со прилагоден архитектонски израз и ограничување во

поглед на габаритот и катната висина на објектите, со што не би се нарушиле визурите и не би се попречила достапноста на заштитеното добро.

- Контрола на несодветното планирање на уличната мрежа и друга урбана инфраструктура за да не се попречи функционирањето на предметното добро.

➢ Контактната зона на предметното ,,Комплексот Водочки цркви Св.Леонтиј – Водоча“ е дефинирана со следниве граници, односно катастарски парцели:

| | |
|---|---|
| Контактни зони | • Дел од КП 1139/1<br>• Дел од КП 1628/1<br>• Дел од КП 1146/1<br>• Дел од КП 1627<br>• Дел од КП 1629<br>• Дел од КП 1270/1<br>• Дел од КП 1631/1<br>• Дел од КП 1580/6<br>• Дел од КП 1269<br>• Дел од КП 1504 |

**Прв степен на заштита** е предвиден за ГП 1.1 и се предвидени следните мерки за заштита:
1. зачувување, заштита и одржување на целовитоста на историската структура, (формата, типологијата на градење, изгледот и другите вреднувани архитектонско - конструктивни и уметнички содржини од ентериерот и екстериерот на заштитеното недвижно добро, односно слоевитоста на движното добро), преку преземање на следните заштитни мерки: конзервација, реставрација, санација, превентива, како и анастилоза и рекомпозиција во исклучителни случаи
2. усогласување на функцијата/ и намената за опстанок и одржлив развој на културното добро според строго одредени мерки на заштита, користење и одржување при што ќе се зачувуваат автентичните уметнички, амбиентални, просторни или други карактеристики според кои доброто е вреднувано.
3. Доколу се вршат градежни активности на предвидените катастарски парцели, задолжително да бидат извршени археолошки истражувања.

**Трет степен на заштита** е предвиден за ГП 1.2 и ГП 1.3 се предвидени следните мерки за заштита:

1.вршење на археолошки надзор при било какви градежни интервенции во парцелата.

Други мерки на заштита:

-Хортикултурно уредување на просторот околу локалитетот;

-Вклучување на доброто и контактната зона во соодветните просторни и урбанистички планови;

-Поставување на меѓународни знаци и други ознаки предвидени со прописите за заштита на културното наследство

До колку во текот на изведувањето на градежни работи на локацијата се дојде до археолошко наоѓалиште односно предмети од археолошко значење, ќе се постапува според чл. 65 од Законот за културното наследство (Сл. весник на РМ бр.20/04, бр.115/07, бр.18/11, бр.148/11, бр.23/13, бр.137/13, бр.38/14 и бр.44/14), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство во смисла на чл.129 од Законот.

Составил:Арх.Лилјана Ивановска

# ГРАФИЧКИ ДЕЛ

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ОПШТИНА СТРУМИЦА**
**Број** 20-663/1 од 21.04.2022 год.

**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ**
**КОМУНАЛНИ РАБОТИ**
**И ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**

**ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ** 20-663/2 од 26.04.2022 год.
УБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА с. Водоча

**Одлука бр.** 07-388/1 од 09.06.1999год.
**Одлука за преименување бр.** 07-774/1 од 31.01.2013год.

**По барање на:** ИДЕА-Консалтинг ДОО Струмица

**КО** ВОДОЧА

Изводот од Урбанистички план за село Водоча содржи:

Графички дел:

- графички прилог од синтезен план
- графички прилог од сообраќаен и нивелациски план

Текстуален дел:

- ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ДОКУМЕНТАЦИЈАТА
- АНАЛИЗА НА ПОТРЕБИТЕ И МОЖНОСТИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА НАСЕЛБАТА ДО 2003 година
- ПЛАНСКИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
- ОДРЕДБИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА НАСЕЛЕНО МЕСТО ВОДОЧА

**ОПШТИНА СТРУМИЦА**
**Г р а д о н а ч а л н и к**
**Костадин Костадинов**




ПРОСЕЧНА ГОДИШНА
ЧЕСТИНА НА ВЕТРОВИТЕ И ТИШИНИТЕ ВО ‰




МЕРКА: 1мм = 2‰

| | | | |
|---|---|---|---|
| **СТРУКТУРА НА ПЛАНИРАНИТЕ ПОВРШИНИ** | П = 27,72 Ха | | 100,00 % |
| **I. СТАНОВАЊЕ И ЈАВНИ ФУНКЦИИ** | П = 17,79 Ха | | 64,18 % |
| - СТАНОВАЊЕ | | 14,72 Ха | |
| - ЈАВНИ СОДРЖИНИ СО СТАНОВАЊЕ | | 1,01 Ха | |
| - ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ | | 0,18 Ха | |
| - ДУХОВНА КУЛТУРА - МАНАСТИР | | 1,54 Ха | |
| - ГРОБИШТА | | 0,34 Ха | |
| **II. РАБОТНА ЗОНА** | П = 1,88 Ха | | 6,78 % |
| - РАБОТНО - СТАНБЕНА ЗОНА | | 1,88 Ха | |
| **III. ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА, СПОРТ** | П = 4,50 Ха | | 16,23% |
| ЈАВНО И ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО | | 3,60 Ха | |
| СПОРТСКИ ЦЕНТАР | | 0,90 Ха | |

| | | |
|---|---|---|
| **IV. СООБРАКАЈ** | П = 3,55 Ха | 12,81% |
| - МАГИСТРАЛНА УЛИЦА | | |
| - СОБИРНИ УЛИЦИ | | |
| - ГРАНИЦА НА ОПФАТОТ | | |

# В О Д О Ч А

## УРБАНИСТИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА 1998-2003 1:2.500

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ - СКОПЈЕ
ИНСТИТУТ ЗА УРБАНИЗАМ И АРХИТЕКТУРА "ПЛАН" - ОХРИД

ИТЕ ВО ‰

—51

| | | |
|---|---|---|
| СТРУКТУРА НА ПЛАНИРАНИТЕ ПОВРШИНИ | П = 27,72 Ха | 100,00 % |
| I. СТАНОВАЊЕ И ЈАВНИ ФУНКЦИИ | П = 17,79 Ха | 64,18 % |
| - СТАНОВАЊЕ | 14,72 Ха | |
| - ЈАВНИ СОДРЖИНИ СО СТАНОВАЊЕ | 1,01 Ха | |
| - ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ | 0,18 Ха | |
| - ДУХОВНА КУЛТУРА - МАНАСТИР | 1,54 Ха | |
| - ГРОБИШТА | 0,34 Ха | |
| II. РАБОТНА ЗОНА | П = 1,88 Ха | 6,78 % |
| - РАБОТНО - СТАНБЕНА ЗОНА | 1,88 Ха | |
| III. ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА, СПОРТ | П = 4,50 Ха | 16,23% |
| ЈАВНО И ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО | 3,60 Ха | |
| СПОРТСКИ ЦЕНТАР | 0,90 Ха | |

ОПШТИНА СТРУМИЦА К. о. ВОДОЧА-6 БАЊИЦА-5 Радичево лиси




ПРОСЕЧНА ГОДИШНА ЧЕСТИНА НА ВЕТРОВИТЕ И ТИШИНИТЕ ВО ‰




**ВОДОВОДИ КАНАЛИЗАЦИЈА**

- ВОДОВОДНА МРЕЖА ПОСТОЈНА
- ВОДОВОДНА МРЕЖА ПЛАНИРАНА
- ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ПЛАНИРАНА
- ПРОТИВПОЖАРЕН ХИДРАНТ
- РЕЗЕРВОАР

**ЕЛЕКТРИКА**

ПОСТОЕЌА СОСТОЈБА

- ТРАНСФОРМАТОРСКА СТАНИЦА 10/0,4 KV
- 10 KB ДАЛЕКУВОД - ВОЗДУШЕН СО ЈАЖЕ АлЧе 35 мм2
- КАБЕЛ ХНР 48/А 391 Х 95 мм2

ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА

- ТРАНСФОРМАТОРСКА СТАНИЦА 10/0,4 KV

**ПОПРЕЧНИ ПРОФИЛИ НА СООБРАЌАЈНИЦИ ОД ПРИМАРНАТА УЛИЧНА МРЕЖА 1:200**

- МАГИСТРАЛНА УЛИЦА
- СОБИРНА УЛИЦА

- МАГИСТРАЛНА УЛИЦА
- СОБИРНА УЛИЦА
- ТАКСИ СТАНИЦА
- АВТОБУСКА ПОСТОЈКА
- БЕНЗИНСКА ПУМПА

# В О Д О Ч А

**УРБАНИСТИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**
**1998-2003 1:2.500**

**ОСНОВНО РЕШЕНИЕ НА СООБРАЌАЈНАТА МРЕЖА, ИНФРАСТРУКТУРА**

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ - СКОПЈЕ



## ЕЛЕКТРИКА

ПОСТОЕЌА СОСТОЈБА

ТРАНСФОРМАТОРСКА СТАНИЦА 10/0,4 KV

10 КВ ДАЛЕКУВОД - ВОЗДУШЕН СО ЈАЖЕ АлЧе 35 мм2

КАБЕЛ ХНР 48/А 391 Х 95 мм2

ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА

ТРАНСФОРМАТОРСКА СТАНИЦА 10/0,4 KV

## ПОПРЕЧНИ ПРОФИЛИ НА СООБРАЌАЈНИЦИ ОД ПРИМАРНАТА УЛИЧНА МРЕЖА 1:200




МАГИСТРАЛНА УЛИЦА




СОБИРНА УЛИЦА

МАГИСТРАЛНА УЛИЦА

СОБИРНА УЛИЦА

ТАКСИ СТАНИЦА

АВТОБУСКА ПОСТОЈКА

БЕНЗИНСКА ПУМПА

## 1. В О В Е Д

Потребата од изработка на урбанистичката документација за селото Водоча произлегува од нужноста за определување на просторот и границите во кои истото ќе се развива земајќи ги предвид изразените тенденции и правци на ширењето, а да при тоа во најмала мерка се загрозуваат, односно пренаменуваат земјоделските површини кои претставуваат непосредно и пошироко окружување на селото. Основата на која ќе се базира планирањето се состои од повеќе фактори: физичко-географските, демографските, историските, културните, економските и социјалните. Неопходно е да се чува и негува духот, амбиенталните вредности и мерила како основни вредности во досегашниот и иден развој на селото.

## 2. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ДОКУМЕНТАЦИЈАТА

Основните цели на документацијата се:

1. Создавање реални основи за плански развој на селото за планерски период 1998 - 2003 година
2. Рационално и организирано користење на земјиштето;
3. Организирање на просторот во рамките на опфатот на селото со обезбедување на погодни зони во кои се обавуваат основните човекови активности: становање, работа и спорт и рекреација со што ќе се постигне повисоко ниво во културата на живеењето, а што е и најважниот предуслов за запирање на миграцијата на населението од селото кон градот и создавање услови за враќање на населението од градот во селото;

Задачата на оваа урбанистичка документација е да овозможи:

1. усогласување на развојот на Водоча со развојните тенденции на поширокиот простор и вклопување во производните и инфраструктурните системи на општината Струмица;
2. утврдување на потребите на населението врз база на кои ќе се определат реалните големини на простори за поединечните содржини во организацијата на селото;
3. оптимална организација и разместување на просторите - зоните за становање, работа и спорт и рекреација како и основни активности на жителите на селото; определување на оптимални типови дворни места за земјоделските семејства со потребна површина, организација, вид и големина на станбениот и помошните објекти;
4. утврдување на регулациони линии на парцелите и градежни линии за изградба на новите објекти, при што ќе се почитуваат потребите на заштита од неповолните влијанија на автосообраќајот;
5. определување на оптимална површина за развојот и уредувањето на комплексот на Водочките цркви како објект од исклучително значение во духовната култура на населението на општината и Републиката;

Од областа на инфраструктурата

- утврдување на најповолни врски на селото Водоча со градот, со останалите околни населени места и со земјоделските површини во атарот;
- согледување на комуналните потреби на населението и обезбедување на развојот на соответните системи (водовод, канализација, електроенергија, ПТТ);

## 4. АНАЛИЗА НА ПОТРЕБИТЕ И МОЖНОСТИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА НАСЕЛБАТА ДО 2003 ГОДИНА

### 4.1. Насоки од планови од повисоко ниво

Селото Водоча е во општината Струмица чие подрачје е опфатено со просторниот план на Источна Македонија и просторниот план на општината Струмица. Според овие планови, во системот на населбите во општината и регионот за селото Водоча нема некои посебни насочувања, а се очекува подобрување на животните услови, поквалитетна функционална опременост и сообраќајно поврзување. Предвидени се следните содржини: четиригодишно училиште, амбуланта, дом на култура, услужно сервисни објекти, инфраструктурни објекти и системи. Останалите потреби населенито ќе ги задоволува во градот или во блиските поголеми селски населби.

### 4.2. Претпоставки на идниот развој

Развојот на секое планирано подрачје се базира врз економскиот и демографскиот развој, проценитe на урбанизацијата и подобрувањето на општествениот и личен стандард. При тоа основната цел е да се определи моделот на развојот со најважните функционални и просторни елементи. Според просторниот план на општината Струмица извршено е вреднување на местото и улогата на сите населени места и е определен системот на селските населби од три хиерархијски степени. Селото Водоча спаѓа во третиот, најнискиот степен, што значи дека во иднина ќе располага со функции и содржини неопходни за задоволување на секојдневните потреби на сопственото население, а сите останали потреби ќе ги задоволува во населбите од повисокиот ред, првенствено во градот.

Атрактивната местоположба на селото во однос на градот и поефтините комунални давачки ќе бидат главен привлечен мотив за идните инвеститори на објекти од малото стопанство, па и за нови станбени објекти. Земјоделието, и тоа интензивното, и понатака ќе остане главна стопанска дејност и главен извор на вработување на населението.

### 4.3. Население и домување

Бројот на жителите во крајната година на планерскиот период не е лесно да се претпостави поради сеуште присутните миграциони процеси кои предизвикуваат осцилации во изминалиот период со тенденција на стагнација или благо опаѓање на бројот на жителите. Имајќи ја предвид атрактивноста на селото во поглед на привлекување на инвеститори од страна, може да се очекува пораст на населението на околу 400 жители.

Тенденцијата на опаѓање на бројот на членови на едно семејство ќе се настави се до 3,6 члена што е во рамките на една урбанизирана населба. Така, бројот на нови жители ќе изнесува 74 (постојни 326), а нови семејства ќе се: 74 жители : 3,6 жители/семејство = 20 семејства.

Бројот на станови треба да се прилагоди на вкупниот број семејства, а исто така и нивната просечна површина. Според тоа бројот на станови ќе изнесува: 400 жит : 3,6 жители/семејство = 111,11 семејства, односно 112 стана.

Просечната површина на стан по жител треба да достигне 22,0 м2, односно околу 80 м2 по семејство или вкупно 112 стана x 80 м2/стан = 8.960 м2. Во оваа површина влегуваат површините на новите објекти и доградбите и адаптациите на постојните со цел да се обезбеди еднаков стандард на живеењето во сите станбени објекти.

Вкупната површина на станбената зона од постојните 7,71 Ха, ќе биде зголемена на 14,72 Ха или за 90,92%. Просечната површина на една постојна парцела изнесува: 77100 м2: 79 домаќинства = 975 м2/домаќинство, а планираната ќе биде 147.200 м2 : 112 домаќинства = 1314 м2/домаќинство. Оваа големина на просечната парцела е изнад препорачаните големини, но се овозможува понатамошна обработка на поголемиот нејзин дел со што само делумно ќе се изврши трансформација на земјоделското во неземјоделско земјиште.

### 4.4. Општествен стандард

Во наредниот период се предвидува значително зголемување на површините наменети за содржините од општествениот стандард: образованието, културата, духовната култура, здравството, спортот и рекреацијата, трговијата и угостителството, администрацијата и друго.

Единствениот објект од областа на образованието е подрачното четиригодишно основно училиште "Мирче Ацев". Бројот на учениците од 7-10 години, односно од 1-4 одделение, изнесува 7,2% од вкупното население или 400 x 0,072 = 28,8 или 29 ученици. За овој број на ученици потребна површина на парцелата на училиштето од 750 м2 ги задоволи педагошките нормативи од 25 м2 по еден ученик. Зградата на училиштето треба да биде со површина од најмалку 210 м2, а новата локација за училиштето се определува јужно од Водочките цркви, со површина од сса 1800 м2.

Потребите на населението од областа на културата ќе се задоволат во објект што треба да се изгради (или адаптира) во просторот на сегашното основно училиште по неговата дислокација. Во него треба да се уреди сала за сса 150 седишта за кино или театарски претстави, како и политички или други манифестации, библиотека со читална која едновремено може да претставува и просторија за разновидни клубски активности. Вкупната изградена површина би изнесува околу 400 м2, а ангажираниот простор - пристапи и паркиралишта - околу 1000 м2.

Здравството ќе биде застапено во истиот простор со една општа и една стоматолошка ординација со чекални и потребни пропратни простории, со изградена површина од околу 100 м1 и ангажиран простор од 300 м2.

Духовната култура присутна е во просторот со комплексот на Водочките цркви. Се предвидува проширување на локацијата на манастирот кон запад со што ќе се овозможи изградба на нови објекти со кои ќе се задоволат потребите на неговите корисници. Границата на манастирскиот комплекс од исток померена е кон реката со што се затвора пристапниот пат кон стариот дел на селото. Во сообраќајниот концепт предложено е решението за новата сообраќајница долж брегот на регулираната река, а покрај оградата од манастирот, се до мостот на патот Водоча - Вељуса, со што стариот дел од селото ќе биде добро поврзан со главната сообраќајница.

Спортско рекреативните површини предвидени се во просторот на влезот од селото кои и денес инцидентно се користат за оваа намена .Местоположбата на

овој простор, неговата големина и објективната можност да биде отстапен на селото од сегашните сопственици се квалитети кои продонесоа да му се определи новата намена: спортски центар со фудбалско игралиште и игралишта за мали спортови, со соблекувални и клуб за спортистите. Површината на спортскиот центар изнесува сса 9.000 м2.

Трговијата и угостителството како содржини треба да се присутни низ целиот простор на селото, а концентрацијата на овие и други содржини од општествениот стандард (администрација - банка, месна канцеларија, пошта и др.) треба да се постигне во стариот дел од селото - долж реката , а во новиот дел од селото - непосредно до спортскиот центар. Можна е и комбинација јавни содржини (во приземје) со становање (на кат), со што едновремено се обезбедуваат и потребните инвестиции за реализација на јавните содржини.

Вкупно предвидената површина за содржините од општествениот стандард изнесува 10.100 м2.

### 4.5. Работни зони

Имајќи ја пред вид атрактивноста на селото во поглед на оддалеченоста од градот и ниските комунални давачки, треба да се обезбеди простор за работна зона во која ќе се обавуваат дејностите популарно наречени "мало стопанство". Во структурата на постојното земјоделско земјиште во рамките на опфатот на селото присутни се индивидуални и општествени површини. Индивидуалните се планирани да се пренаменат за индивидуално становање, а општествените кои се со низок бонитет се предвидуваат за работни зони. Тие се, главно, долж југоисточниот брег на Водочката река, долж јужната граница на опфатот на селото и јужно од спортскиот центар. Просторот источно од спортскиот центар е наменет исто така за работна зона, но е во индивидуална сопственост. Содржината на оваа дејност малото стопанство не може да се определи прецизно, но не смее да се дозволи со обавувањето на која и да е дејност да се загрози окружувањето: природата и луѓето. Во рамките на парцелите наменети за работни активности може да се предвиди и станбен објект или, пак, во рамките на станбениот објект да се уредат простории за обавување на работни активности. Големините на парцелите се различни и зависат пред се од постојните нивни големини, како и од дејноста која во нив ќе се обавува. Нивните површини се движат од сса 800 до сса 3.000 м2. Вкупната површина на оваа работно станбена зона изнесува 1,88 Ха, односно 18.800 м2.

### 4.6. Зеленило, заштитно зеленило, гробишта

Најголемите загрозувачи на окружувањето во рамките на опфатот се реката и автосообраќајот., Речното корито, денес неуредно, ќе треба да се регулира на една константна широчина од сса 10,0 м. која ќе може да ги прими и можните големи води, а покрај него да се уреди зелен заштитен појас со ширина мин. 5,0 м. и максимум 30,0 м. Покрај заштитната улога, овие зелени појаси значително ќе влијаат и на општата, пејсажна слика на населбата, но, секако, под услов да бидат уредени и одржувани. Покрај главната сообраќајница исто така треба да се оформи зелен појас, но во рамките на парцелите, со ширина од мин., 5,0 м. што едновремено значи дека новите објекти треба да се градат повнатре од овој појас.

Така, овој појас на зеленило ќе представува и еден вид градежна линија за изградба на новите објекти.

Во рамките на парцелите на сите предвидени содржини (становање, општествен стандард, работни зони) потребно е да се хортикултурно уреди барем делот кон улицата, а останалиот дел од парцелите во индивидуалното становање и понатака ќе се обработува како земјоделското земјиште. На овој начин ќе се оформат уличните потези со разни видови украсно зеленило, а едновремено ќе се обезбеди примарната заштита од штетните влијанија на автосообраќајот (види графички прилог: карактеристичен индивидуален стопански двор.

Гробиштата остануваат во истиот простор со површина од 3.400 м2, која според нормативот од 4 м2 по планиран жител (400 жители х 4 м2 / жител = 1.600 м2) ги задоволува потребите за долг нареден период. Тие треба да се уредат и хортикултурно обработаат, а пред влезот треба да се уреди простор за паркирање кој едновремено ќе служи и за комплексот на Водочките цркви.

## 4.7. Инфраструктура

Снабдувањето со вода на селото обезбедено е од градската водоснабдителна мрежа, Вкупните дневни потреби на идното население со просечна потрошувачка од 160 л./ден/жител и коефгицент од 1,5 ќе изнесуваат:

400 жители х 100 л./жител х 1,5 = 96.000 л.на ден.

Постоеќиот довод со помпно построение и резервоарскиот простор од В = 90,0 м3 ги задоволуваат потребите. Изведената мрежа во населеното место проектирана е и изведена за амортизационен период од 25 години.
400 жители х 100 л./жител х 1,5 = 96.000 л. на ден .

Со оглед на составот на почвата (песок), можна е примена на локална евакуација на отпадните води - во септички јами, под услов истите да бидат изведени и експлоатирани според важечките прописи за ваков вид објекти.

Во планскиот период нужно е електропреносната мрежа да се комплетира и осовремени соодветно со потребите. Да се изгради потребен број трафостаници, а снабдувањето со електрична енергија ќе се подобри со воведување на новиот напонски ред од 20 КВВ. Замената на напонското ниво од 10 КВВ на 20 КВВ ќе се врши постепено.

Основното решение на сообраќајната мрежа и понатака ќе се темели врз локалниот пат Струмица - Баница - Водоча - Вељуса кој во рамките на опфатот на населеното место Водоча ја има улогата на магистрална улица чиј напречен профил треа да биде 6,5 м. коловоз и два пати по 2,25 м. тротоари - вкупно 11,0 м. Долж оваа улица нужна е изведбата на заштитниот зелен појас во рамките на парцелите со ширина од 5,0 м. што значи дека градежната линија за изградба треба да е оддалечена од регулационата за 5,0 м. Должината на магистралната улица изнесува 680 м. а површината 7480 м2 или 0,75 Ха.

Собирните улици се улици втори по ранг во хиерархијата на уличната мрежа и ја имаат улогата на дистрибутери на сообраќајот од сервисни, станбени и локални улици (улици од понизок ранг) до магистрална улица или локален пат. Во Водоча собирни улици се: двете улици паралелни со Водочката река - лево и десно од неа,

улицата која од североисточниот дел на населеното место води кон југозапад, а продолжува во локалниот пат кон акумулацијата Водоча, како и улицата што од неа се одделува и води кон центарот на Водоча. Попречниот профил на овие улици треба да биде 8,5 м. (5,5+2x1,5 м.), вкупната должина 2570 м. а површината 21.845 м2 или 2,18 Ха.

Постојната улична мрежа ќе претрпи корекции таму каде што тоа е нужно заради проширувањето на профилот на улиците, но при тоа да не се загрозат постојните ивично изградени објекти, особено во постариот дел на селото. Во новоосвоените површини со планираните нови содржини треба да се изгради и нова сообраќајна мрежа со паркиралишта и окретници според современите нормативи. Ширината на новите пристапни улици треба да изнесува 5,5 м. + 2 x 1,5 м.= 8,5 м. Новите улици во стариот дел на селото се: пристапната улица која поминува и низ новиот дел на селото и ја преминува реката преку новопредвидениот мост, а води паралелно со реката тангирајќи го овој дел на селото од постојниот мост на патот за Вељуса се до излезот кон југ. Делот од оваа улица го тангира и просторот покрај реката определен за јавни содржини и на него е предвидено паркиралиште. Пред јужниот5 влез во манастирот наменет за посетители - лаици предвиден е сообраќаен прстен околу просторот наменет за основно училиште , со паркиралиште. Профилот на делот од оваа улица пред влезот во манастирот е со ширина од сса 10,0 м. + 1,5 м. тротоар. Пред северниот, службен влез во манастирот оформен е паркинг кој, ако добро партерно се уреди, ќе може да претставува убав плоштад при главниот влез во манастирот.

Во поновиот дел од селото спортскиот центар и делот од зоната со јавни содржини обиколени се со сообраќајница која ги снабдува нив и работно - станбените зони, а на неа се и богато димензионирани паркилиштата за лесни и товарни возила.

Вкупната површина на уличната мрежа ќе изнесува 3,55 Ха.

Евакуацијата на цврстиот смет ќе се врши во градската депонија по сите санитарно - хигиенски прописи.

На главната сообраќајница, патот Струмица - Водоча - Вељуса, треба да се коригира пристапот кон мостот, а профилот на мостот да се усогласи со профилот на магистралната улица, односно 11,00 м.

### 4.8. Организација на просторот (Графички прилог 3)

**Планираните граници и површината на опфатот** во однос на сегашната состојба минимално се изменети : границите одат по границите на катастарските парцели, а површината се зголемува на 27,72 Ха. Обликот на опфатот на селото е неправилен, со подолгата осовина во правец североисток - југозапад од 970 м. и пократката северозапад - југоисток од 420 м.

Водочката река го дели просторот на западниот и источниот дел од кои западниот е по површина многу помал (сса 9,5 Ха), а источниот поголем (сса 18,0 Ха).

**Доминантната содржина во структурата на површините е становањето**. Во западниот дел површината наменета за становање е минимално зголемена во однос на сегашната и тоа само во јужниот дел, покрај реката. Во источниот дел сите постојни земјоделски парцели во рамките на опфатот се пренаменуваат и тоа:

индивидуалните - главно во становање, неколку во јавни содржини и работни содржини, исто така со становање, а општествените - во работно - станбена зона и една парцела во спортски центар. Бројот на предвидените станбени парцели, постојни и нови, го надминува планираниот број од 112 семејства, со што се создава резерва за после планскиот период и се обезбедуваат определените граници на опфатот од непланското "пробивање" и освојување на површините вон од опфатот. Просечните површини на парцелите се движат околу 1.300 м2 - ако се смета со планираниот број на семејства (147.200 : 112 = 1314 м2), но значително помали ако се смета со реалниот број на парцелите - околу 150 (147.200 : 150 = 980 м2). Во организацијата на парцелата се обезбедува простор за објектот со површина од сса 120 м2, простор за уредена предбавча со ширина од мин. 5,0 м. оплеменета со украсно зеленило, простор за помошни економски објекти, а останалата површина од парцелата ќе се обработува. Карактеристични индивидуални стопански дворови прикажани се во истиот графички прилог бр. 3. Вкупната површина на зоната за становање изнесува 14,72 Ха.

**Површините наменети за јавни содржини комбинирани со становање** дисперзирани се и во двата дела од селото во простори кои се слободни за брза реализација, а едновремено се лоцирани така да рамномерно го покриваат целиот опфат на населбата, а се непосредно до најфреквентните содржини: до манастирот, до спортскиот центар и долж реката. Можна е изградбата на поединечни трговски и други локали во приземјата на индивидуалните куќи - до колку сопствениците имаат интерес за тоа. Вкупната површина на оваа зона е 1,01 Ха.

Комплексот Водочките цркви се здобива со нова површина западно од постојната со што ќе се формира парцела со вкупно 1,54 Ха, во која ќе може да ги задоволи потребите за градба на нови содржини.

**Работно - станбената зона - зона за мало стопанство** ги завзема просторите на влезот во селото, долж неговата јужна граница и долж југоисточниот брег на реката со вкупна површина од 1,88 Ха.

**Гробиштата** ја задржуваат постојната локација и површина, но нивниот квалитет треба значително да се подобри. Површина на гробиштата изнесува 0, 34 Ха.

**Спортскиот центар со фудбалско игралиште** се предвидува на влезот во населбата, од патот заштитен со појас зеленило, а снабден со богато димензионирано паркиралиште од едната и со зона за јавни содржини (трговија, угостителство) од другата страна, така што може да претставува вистински центар на населбата, особено за младото население. Неговата површина изнесува 0,90 Ха.

**Јавното зеленило** предвидено е долж уреденото речно корито на денес сосем деградирани површини. Неговиот пејсажен ефект не му е и единствениот квалитет - истото ќе претставува заштита на просторот од ерозија и дејството на речната вода. Заштитното зеленило долж патот Струмица - Водоча - Вељуса со ширина од по мин. 5,0 м. од двете страниу е во рамките на станбените парцели и не влегува во површината на јавното зеленило.

**Патиштата, улиците и паркиралиштата** треба да ја извршат својата функција - пристап до секоја поединечна парцела и обезбедено место за паркирање пред просторите и објектите во кои се очекува поголема фреквенција на корисниците, а

вкупната површина наменета за сообраќајот во движење и мирување изнесува 3,55 2 Ха.

Уредувањето на населбата Водоча согласно оваа урбанистичка документација до крајот на планскиот период - 2003 година, ќе обезбеди достигнување на високите стандарди на станбената култура со што условијата на живеење во селото и градот можат да бидат изедначени.

### Опис на границата на опфатот

Описот на границата на опфатот по катастарски парцели ќе се отпочне во точката А на влезот во населбата и ќе се оди во правец на движење на казалката на сатот. Сите парцели се во КО - Водоча:

1446/2, 1447, 1459, 1460, 1479, 1460, источна граница на локалниот пат Водоча - Водочка акумулација, кп. 1567, 1566, 1567/1, 1570/1, 1530 (улица), 1537, 1530 (улица, 1541, 1542, 1543, 1544, 1549 (улица) 1550, 1552, 1550, 1554 (улица) 1556, 1556, 1557, 1558, 1145/2, 1145/1, 1569 (дел), 1146, 1627 (јавен пат), 1270, мостот преку Водочката река, јавен пат, 1422/1, 1424 (дел), 1426, 1414, улица (дел од кп. 1404, 1405, 1406 и 1407), 1407, 1394, 1393, 1392, 1390. 798, 799 (К.О. Баница) 1444/2, пресек со локалниот пат Струмица - Водоча.

## 4.9. Организација на атарот (графички прилог 1)

Населеното место Водоча и припаѓа на општината Струмица во која се уште населените места: Струмица, Градски Балдовци, Дабиље, Просениково, Добрејци, Баница, Вељуса, Рич, Белотино и Попчево. Непосредното окружување на општината Струмица се опшините: Василево, Босилово, Муртино, Куклиш, Валандово и Конче. Атарот на Водоча лоциран е во средишниот дел на општината, а се граничи со атарите на Баница, Вељуса, Белотино и Попчево. Површината на атарот изнесува 937,9 Ха, а во структурата на површините доминираат шумите со 63,91%, обработливото земјиште (ниви, градини, лозја и ливади) претставува 29,47%, пасиштата се 2,31%, а неплодното земјиште 4,31%.

Поголемиот дел од просторот на атарот е ридест до висина од макс. 620 мнв. а низискиот дел е на надморска височина од 240 до 260 м.

Водочката река на која е изградена Водочката акумулација претставува важен ресурс за наводнување на Струмичкото поле. Најголемиот дел од обработливото земјиште се обработува, а во него по површина преовладуваат ниви, по нив се градините и лозјата.

Во атарот на Водоча, на катастарските парцели кп. 764, 765, 766 и по потреба и соседните на нив, се предвидува зона за мало стопанство - дејности со кои не се загрозува животната средина. Нејзината местоположба во однос на патната мрежа е поволна, а бонитетот на земјиштето е претежно 4 класа.

Потенцијалите на атарот на Водоча се забележителни во поглед на стопанското користење (земјоделие, мало стопанство), но многу поголемо е неговото значение во поглед на пејсажното обликување и духовната димензија на комплексот на Водочките цркви.

### 4.10. Структура на планираните површини

| | Ха | % |
|---|---|---|
| - Граница на опфатот | 27,72 | 100,00 |
| - Станбена зона | 14,72 | 53,10 |
| - Работно станбена зона | 1,88 | 6,78 |
| - Јавни содржини со становање | 1,01 | 3,64 |
| - Духовна култура - манастир | 1,54 | 5,55 |
| - Основно училиште | 0,18 | 0,65 |
| - Гробишта | 0,34 | 1,23 |
| - Јавно и заштитно зеленило, река | 3,60 | 13,00 |
| - Спортски центар | 0,90 | 3,25 |
| - патишта и улици | 3,55 | 12,80 |

Организацијата на просторот и структурата на површините планирани до 2003одина прикажани се во графичките прилози 2. и 3.

## 5. ПЛАНСКИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА, ПРИРОДНИТЕ ВРЕДНОСТИ И РЕТКОСТИ И КУЛТУРНО-ИСТОРИСКО НАСЛЕДСТВО

Мерките за заштита на животната средина природните вредности и културно историското наследство вградени се во концептот на просторната организација на населбата.

### 5.1. Атмосфера

За загаденоста на атмосферата досега не се правени анализи, но состојбите покажуваат нејзина релативна незагаденост. Во наредниот период треба да се има во предвид следното:

- во планскиот период потребна е контрола на загадувачите на атмосферата и донесување на соодветни програми за отстранување на причините за загадувањето;
- за објекти кои се проценуваат како загадувачи на воздухот да се одредат локации надвор од населбата;
- да се создадат зелени појаси во населбата долж сообраќајните коридори, индустриските комплекси, а со кои ке се формира систем на зелени заштитни зони кои најефикасно ке ја исполнуваат заштитната функција;

### 5.2. Води

Да се обезбедат техничко-технолошки мерки за испитување на квалитетот на водите во природните реципиенти :

- водотеци - континуирано мерење на параметри кои укажуваат на квалитетот на водата, воведување техничко-технолошки мерки на објектите кои ја загадуваат водата, утврдување заштитни зони околу извориштата за водоснабдување;
- канали - посебно внимание да се посвети на одржување со што се обезбедува и нивното ефикасно функционирање.

### 5.3. Земјиште и загрозени подрачја

- Рационално користење на земјиштето како природен ресурс, со планирана намена на површините која е усогласена со неговите битни геоморфолошки, педолошки и хидролошки карактеристики;
- планско уредување на земјиштето на површините загрозени со подземни води, отпадни води, деградирано депонирање на сметот, деградирано користење на минерални суровини;
- во зоните за заштита да се пропишат и спроведат мерки за заштита и тоа согласно видот на загрозувањето;
- заштита на флората и фауната и биопродуктивните системи, со обновување и одржување на шумскиот фонд, особено на зелените површини непосредно во опкружувањето, долж крајбрежјата на реките и покрај рекреативните подрачја и подрачјата кои имаат заштитна функција околу регионалните патни правци.

## 5.4. Природни вредности и реткости и културно - историско наследство

**Водочки цркви**, средновековен црковен комплекс . Се наоѓа на северозападниот раб на селото на левиот брег на реката Водочица. Комплексот, како сведоштво за културниот подем и дострел на архитектурата и сликарството во Македонија, од IX- XII век е добро познат во науката. Со текот на времето црквата Св. Леонтиј била запоставувана, а на почетокот на XIX век сосема напуштена. Први археолошки истражувања се извршени во 1961 г. и со нив по отстранувањето на шутот од внатрешниот простор на црквата, се откриени анексите на северната и јужната страна и 76 гробови датирани помеѓу XI и XVIII век. Во 1973 / 74 г.
П. Миљкович Пепек врши истражувања врз чија основа се изготвува проект за конзервација и реставрација на црквата. Во текот на конзерваторско реставраторските работи била наметната потреба од археолошко доистражување. Со ископувањата кои се уште се изведуваат е опфатен просторот западно од комплексот во кој се откриени : два трема, едниот од XI - XII век. а другиот од туркиот период; интерна бања од XI - XII век; словенска куќа од XII - XIII век; делови од објект XI - XII век и 400 гроба од XI - XX век. Големата временска разлика кај гробовите доаѓа од таму што околу црквата се вршени погребувања до 1979 г. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Струмица.
( извор : Археолошка карта на Р. Македонија.)

## 5.5 Елементарни непогоди

Под елементарни непогоди се подразбираат земјотреси, поплави, циклонски ветрови, лизгање на теренот, лавини и др. Мерките за заштита од елементарни непогоди вградени се во сите просторни решенија : намената на површините, мрежата на објекти од општествен стандард и основните решенија на инфраструктурата со единствена цел - разместување на функциите и содржините по целата територија.

Заштита од земјотреси опфатена е со посебни прописи за асеизмичка градба според сеизмичкото микрозонирање.

# 6. ОДРЕДБИ
# ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА НАСЕЛЕНО МЕСТО ВОДОЧА

## 1. Општи одредби

**Член 1**

(1) Со овие одредби поблиско се уредува спроведувањетто на урбанистичка документација за населено место ( во натамошен текст УДНМ) Водоча во општина Струмица.

(2) Во одредбите се разработени постапките што треба дополнително да се извршуваат при спроведување на УДНМ, а кои не се обработени во текстуалниот и графичкиот дел на елаборатот.

(3) Одредбите со текстуалниот дел на документацијата и со графичките прилози сочинува една целина и обврзна е нивната примена.

**Член 2**

(1) Изградбата на нови, доградба, надградба, реконструкција и адаптација на постојните објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на населеното место ќе се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие одредби што се составен дел на документацијата.

## 2. Посебни одредби

### А. Зона за домување

**Член 3**

(1) Основен, а воедно и доминантен вид на градба во зона за домување се семејните куќи со градини. По желба на инвеститорите можат да се градат станбено-деловни и заеднички станбени објекти, под услови пропишани со закон и подзаконск акти.

**Член 4**

(1) Секоја новопредвидена станбена зграда мора да биде лоцирана и изградена на една градежна парцела која има директен контакт со јавна сообраќајна површина (улица) во должина од најмалку 3.5 метра.

(2) На парцелите, освен станбените згради, можат да се градат и други помошни објекти во функција на селскостопански активности и домувањето (стаи за добиток, живинарници, кошеви, амбари, магацини, гаражи за земјоделска механизација, приручни работилници,летни кујни, дрварници, гаражи, остави, септички јами и сл.).

(3) Во рамките на парцелата за становање и во состав на станбено-деловните објекти.можат да се градат и објекти за најразлични дејности од областа на малото стопанство, од услужна или производна дејност (дуќани, продавници, занаетчиски работилници, поправки на моторни возила и

земјоделска механизација, продажба на агротехнички и агрохемиски средства и репроматеријали и сл.).

### Член 5

(1) Објекти за обавување на дејности од областа на малото стопанство можат да се градат и на посебни парцели во рамките на станбената зона.

(2) За градба на објекти од претходниот став големините на градежните парцели не се ограничуваат, со тоа што потребите за манипулативни, работни и паркирни површини на отворено ќе мораат да се обезбедуваат на сопствено земјиште, а и со користење на селски утрини, односно земјиште во државна сопственост - под за тоа определени услови.

### Член 6

(1) Во станбената зона, не можат да се градат стопански и деловни објекти кои :

- ангажираат голем број работни места (преку 10),
- се големи потрошувачи на електрична енергија (повеќе од 100 kW инсталирана снага или 20 kW едновремена снага);
- се големи потрошувачи на вода (преку 100 м$^3$ месечни или 4м$^3$ дневно);
- се големи загадувачи на животната средина (член 14, став 3, точка 1 од Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата, "Сл.в. на РМ", бр. 69/96);
- се предизвикувачи на голема бучава (онаа која во дворните места и објектите на соседите се слуша со итензитет преку 65 децибели дење и 55 децибели ноќе);
- се произведувачи на непријатни мириси што можат да се осеќаат во дворните места и објектите на соседите;
- се големи потрошувачи на нафта и нафтени деривати (преку 3 тони месечна потрошувачка);
- се занимаваат со магационирање, преработка и промет на цврсти и течни горива ( освен бензински пумпи и полнилници за плин), лесно запалливи, отровни, експлозивни, радиоактивни и јонизирачки материи;
- се занимаваат со дејности во чии технолошки процеси се јавуваат во поголем обем ферментации и гниења на органски материи што навлекуваат инсекти, а со тоа нанесуваат непријатности на околината и создаваат услови за ширење на зарази.

### Член 7

(1) Во станбената зона, не можат да се градат стопански и деловни објекти кои :

- ангажираат голем број работни места (преку 10),
- се големи потрошувачи на електрична енергија (повеќе од 100 kW инсталирана снага или 20 kW едновремена снага);
- се големи потрошувачи на вода (преку 100 м$^3$ месечни или 4м$^3$ дневно);
- се големи загадувачи на животната средина (член 14, став 3, точка 1 од Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата, "Сл.в. на РМ", бр. 69/96);

- се предизвикувачи на голема бучава (онаа која во дворните места и објектите на соседите се слуша со итензитет преку 65 децибели дење и 55 децибели ноќе);
- се производувачи на непријатни мириси што можат да се осеќаат во дворните места и објектите на соседите;
- се големи потрошувачи на нафта и нафтени деривати (преку 3 тони месечна потрошувачка);
- се занимаваат со магационирање, преработка и промет на цврсти и течни горива ( освен бензински пумпи и полнилници за плин), лесно запалливи, отровни, експлозивни, радиоактивни и јонизирачки материи;
- се занимаваат со дејности во чии технолошки процеси се јавуваат во поголем обем ферментации и гниења на органски материи што навлекуваат инсекти, а со тоа нанесуваат непријатности на околината и создаваат услови за ширење на зарази.

**Член 7**

(1) При утврдување на услови за градба, катастарска парцела поголема 800 $м^2$ може да се подели на две или повеќе градежни парцели не помали од 400 $м^2$. Предлогот за делба мора да биде изработен со нумерички податоци за начелните димензиите на објектите и нивните градежни линии и меѓусебни соодноси.

(2) Изработувачот на предлогот за делба ќе ја оправда делбата со начелна организација на поделените парцели, со нумерички податоци за димензиите на парцелите и со примена на законска и подзаконска регулатива, ставовите и насоките на овие одредби и програмските барања на сопственикот што треба да бидат почитувани.

(3) Предложената делба ја одобрува органот надлежен за работите во областа на урбанизмот. Одобрението се издава во писмена форма и заедно со графичката претстава може да послужи на сопственикот за разни договарања и спроведувања во катастарската евиденција, под услови и постапки предвидени со закон.

**Член 8**

(1) Два и повеќе сопственици можат да пристапат кон делба на своите соседни катастарски парцели или да формираат една градежна парцела односно локација.

(2) Во случај на потреба за пристап од секој сопственик се одзема земјиште за формирање на нов сообраќаен коридор приближно соодветно на големините на земјиштата што се предмет на делба. За делбата треба да спроведе законската процедура за промена на сопственоста.

**Член 9**

(1) При лоцирање на новопредвидени објекти долж магистралните и собирните улици мораат да се почитуваат градежните линии во однос на нивните регулациони линии.

(2) Во исклучителни случаи, ако од оправдани причини не може да се обезбеди растојание помеѓу регулационата и градежната линија, дозволено е повлекување на регулационата линија до границата на обавезна коловозна линија. За станбените улици не се определени регулациони и градежните линии.

Каде што постојат услови новопредвидените објекти во овие улици треба да се лоцираат на вообичаените растојанија од 5-6 м. од постојната регулациона линија.

**Член 10**

(1) На сите постојни објекти кои се задржуваат и се вклопуваат во оваа УДНМ по барање на сопствениците ќе се одобруваат доградби, надградби, реконструкции и адаптации, во согласност со овие одредби.

**Член 11**

(1) Реконструкцијата на објектите се врши на истото место во рамките на постојниот габарит. Објектот што се реконструира може да се изместува на поповолно место во рамките на градежната парцела во рамките на пропишана градежна линија и пропишаните растојаниа од улицата и соседот.

**Член 12**

(1) Процентот на изграденост на градежна парцела, Коефициентот на искористување и висината на објектите се утврдени со Правилникот за стандарди и нормативи и Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање на објекти ("Сл. весник на РМ" бр. 6/99).

(2) Покрај површината под станбениот објект, во пресметување на процентот на изграденост влегуваат и површините под габаритите на сите постојни и новопредвидени стопански и деловни објекти во рамките на парцелата.

**Член 13**

(1) Во рамките на стопанските дворови во станбената зона можат да се градат поомошни стопански објекти за одгледување на добиток и за следнитпотреби:

— до 10 молзни крави,
— до 5 расплодни свињи во еден турнус,
— до 10 овци или кози,
— јато до 50 кокошки несилки,
— друг добиток и живина неограничено.

Големините дадени во алинеите на претходниот став треба да се сватат како ориентациони.

**Член 14**

(1) Во архитектонското обликување на објектите покрај наменските, функционалните, климатските, геомеханичките, сеизмичките, и другите микролокациски услови, треба да се води сметка за специфичностите на приручните градежни материјали и традиционалните вредности и културата во градењето.

**Член 15**

(1) Оградите можат да бидат изведувани со масивен парапет до 1,0 м. висина над котата на тротоарот или околниот терен и лесна, транспарентна и стабилна надградба од метални, дрвени или од друг материјал елементи и профили, до вкупна височина од 2,20 м. Можно оформување на жива ограда, разни префабрикувани оградни елементи и сл.

(2)

## Б. Работна зона

### Член 16

(1) Во работната зона се лоцираат услужните и производните капацитети чии просторни, еколошки и инфраструктурни барања ги надминуваат возможностите што ги даваат стопански дворови во станбената зона со големина од 400 до 3000 $м^2$.

(2) Во работната зона е дозволена градба на, станбено-деловни или деловно-станбени згради.

### Член 17

(1) Пред утврдување услови за градба, потребно е инвеститорот да обезбеди изработка на урбанистички проект со кој ќе бидат дефинирани:

(2) градежните и регулационите линии и кој ќе послужи како подлога за минимално комунално опремување на земјиштето.

(3) Во графичката парцелација големините на парцелите ќе се движат во распон од 400 - 2000 $м^2$, со возможност за групирање на две и повеќе парцели во една поголема или делба на поголема на неколку помали, но не под 400 $м^2$.

(4) Под минимално комунално опремување, во смисла на овие одредби, се подразбира обезбедување на пропишани сообраќајни коридори односно пристапи до секоја парцела и снабдување со електрична енергија, технолошка вода , канализација и телефонски врски.

### Член 18

(1) Височините на градба во работната зона не се ограничуваат.

(2) За архитектонското обликување на објектите не се поставуваат посебни барања.

(3) Се ограничуваат само долните граници на некои урбани параметри и тоа:

— процент на изграденост на парцела 20%- 80 %
— коефициент на искористеност на градежното земјиште до 0,8
— слободно растојание до граница на соседна парцела мин 3,0 м.

### Член 19

(1) До изградбата на заеднички комунални системи, собирањето на отпадните води во работната зона ќе биде локално во прописни септички јами за секоја парцела посебно.

(2) Секој инвеститор во работната зона, со условите за градба ќе биде запознат дека во состав на техничката документација за добивање на одобрение за градба ќе мора да има и изведбен проект за прописна септичка јама, со капацитет што ќе биде во зависност од количините на отпадни води во технолошкиот процес, со шестмесечен период на чистење и со точна нејзина местоположба во рамките на градежната парцела.

**В. Зона на зеленило, спорт и рекреација**

**Член 20**

(1) Селските утрини и државното земјиште покрај собирните улици во опфатот на урбаното подрачје, предвидено е да се уредат како јавно парковско зеленило во кое се вметнати и содржини за детски игралишта.

(2) На земјиштето предвидено за зеленило не е дозволена градба на објекти за било која намена. Дозволено е поставување на реквизити за игра на деца и елементи на урбана опрема.

**Член 21**

(1) Се препорачува на сопствениците на градежни парцели (стопанските дворови) долж магистралните и колекторски улици во нивните дворни места помеѓу регулационите и гредежните линии да засадуваат дрвореди од родни или украсни дрвја кои, што влијае на подобрување на микроклиматот и општата слика на населбата.

**Член 22**

(1) Во комплексот за спортски терени можат да се градат само приземни објекти во функција на самите терени и активности, како гардероби со тушеви, санитарни јазли за публика, остави за реквизити, потребни паркиралишта и сл.

**Г. Јавни функции**

**Член 23**

(1) Утврдување на условите за градба за изградба на јавните функции ќе се согледува преку урбанистички проекти.

(2) Со урбанистички проект за организација на центарот на населбата треба да се води сметка во него да бидат вклучени најзначајните јавни функции.

**Член 24**

(1) Дозволена е евентуална градба на нови објекти во функција на гробиштата, без некои посебни ограничувања.

Д. **Централни функции**

**Член 25**

(1) Под централни функции, во смисла на овие одредби, се подразбираат трговски, угостителски, снабдувачки, услужни, комуникациски, забавни, комерцијални и други дејности што се комплементарни на становањето и за кои, заради карактерот и големината на населбата, најдобро е да бидат концентрирани на еден простор, кој заедно со други постојни и новопредвидени објекти ќе добие физиономија на центар на населбата.

**Член 26**

(1) Уредувањето и градбата во центарот ќе се одвива според оваа урбанистичка документација и програмата изработена во соработка со месната самоуправа .

## Ѓ. Улична мрежа и основна инфраструктура

**Член 27**

(1) низ опфатот на урбаното подрачје минува локалниот пат, за кој треба да се одбезбеди минимална регулациона ширина на профилот од 11,0 м.

(2) Градежната линија на новите објекти од двете страни на патот е на растојание најмалку 6,0 м. од надворешната граница на патниот појас, односно 11,5 м. од надолжната оска на патот.

**Член 28**

(1) Магистралната улица има вкупен регулационен коридор од 11,0 м. (коловоз 6,5 м., обострани тротоари по 2,25 м. ).

(2) Градежните линии се на мин. 6,0 м. од регулационите.

**Член 29**

(1) собирните улици имаат вкупен сообраќаен коридор од 12,0 м. до 15,0 м.,во зависност од локалните услови (коловоз 6,0 м., обострани тротоари 1,5-2,5 м. и обострани ендеци 1,5-2,0 м.)

(2) Градежните линии се како кај магистралните, мин.6,0 м. повлечени од регулационите.

**Член 30**

(1) Сервисните и станбените улици имаат минимален сообраќаен коридор.

(2) Градежните линии во сервисните и станбените улици не се ограничуваат, меѓутоа, секаде каде што има услови објектите да се лоцираат на вообичаените мин. 6,0 м. повлечени од регулационате линии.

**Член 31**

(1) Потребите за стационарен сообраќај (паркирање и гаражирање) ќе ги решава секој корисник на урбаното подрачје пооделно во рамките на расположивата локација, а во зависност од неговите потреби и одредбите на Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот ("Сл.весник. на РМ", бр. 66/99).

(2) При изработката на урбанистичките проекти за центарот на населбата, локациите на објектите од општествениот стандард и јавните функции, за спортско-рекреативните терени како и за други заеднички намени, треба да се предвидуваат соодветен број јавни паркирни места, во согласност со Правилникот од став (1) на овој член, расположивиот простор и непосредното окружување.

## Член 32

(1) Под основна инфраструктура, во смисла на овие одредби се подразбираат комуналните инсталации за:

— водовод и канализација
— електрика и
— телефон

## Член 33

(1) Условите за градба на станбените, стопанските и другите видови на објекти, треба да содржат и посебните услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефонија и одводнувањето на отпадните води.

(2) Отпадните води од стопанските дворови и други градежни парцели, односно локации, за секој случај поединечно,се собираат во прописни септички јами со шестмесечен циклус на чистење.

(3) Со условите за градба за стаја за добиток и живинарник инвеститорот ќе се задолжи на точно одредено место да гради јама за стајско ѓубре и осока, независни од септичката јама и другите отпадни води од домаќинството и други работни процеси.

## Е. Останати решенија

## Член 34

(1) За земјоделски, сточарски и други производни активности во функција на земјоделието и сточарството можат да се градат објекти и да се организираат стопански дворови и надвор од рамките на урбаниот опфат на населеното место, во рамките на селскиот атар.

(2) Градбата од точката (1) на овој член ќе се одобрува под следните услови:

— ако земјиштето е во сопственост на инвеститорот;

— ако се спазени одредбите од Правилникот за класификација на објектите што со испуштање на штетни материи можат да го загадат воздухот во населените места и формирање на зони за санитарна заштита ("Сл.в. на СРМ", бр. 13/76);

— ако се спазени условите од член 14, став 3, точка 1 од Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата ("Сл.в. на РМ", бр. 69/96);

— ако сопственикот сам на своја сметка го изврши потребното комунално уредување на земјиштето, а во согласност со соодветните комунални или јавни претпријатија;

— ако барателот изготви урбанистички проект и друга документација што ја бара надлежниот орган на управата при издавање на услови за градба.

**Член 35**

(1) Собирањето на домашниот смет со кое се загадува земјиштето ќе се врши локално во секој стопански двор, одделно од стајскиот смет.

(2) Домашниот смет ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на урбаниот опфат на селото.

(3) Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на месната самоуправа на селото. Локациите мораат да бидат заштитени од домашни животини, да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите и уредени во согласност со оној што ќе го евакуира ѓубрето во регионална односно општинска депонија.

**Член 36**

(1) Отстранувањето на градежниот шут и поголеми количини на отпадоците од технолошките процеси во деловните објекти, ќе го вршат на своја сметка сопствениците директно во регионалната (општинската) депонија, под услови што ќе ги определи управувачот или сопственикот на депонијата.

## 3.Преодни и завршни одредби

(1) Овие одредби во текот на важењето на документацијата можат да се изменуваат и дополнуваат независно од изменувањата и дополнувањата на целата документација.

(2) Изменување и дополнување на Одредбите за спроведување, се врши во иста постапка како и за Изменување и дополнување на УДНМ.

# УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА СЕЛО - за разработување на урбанистички план за село и формирање на градежна парцела на КП 1504 и други, КО Водоча, Општина Струмица




ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ 21789,34 м2

| ЛЕГЕНДА | |
|---|---|
| ———— | Гранична линија на катстарска парцела од катастар на недвижности |
| 1504 | Реден број на катастарска парцела |
| 267.348 | Снимена детална точка со кота на терен |
| | Ситуација снимена од лице место |
| | Постоечки објекти |
| | Река |
| | Граница на опфат за ажурирање |


Д.П.Т.У.И."ИДЕА-КОНСАЛТИНГ"д.о.о.е.л.
ул.Браќа Миладинови бр.41Струмица тел.034/552002
lileivan@t-home.mk


НАРАЧАТЕЛ:
**МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА**
**СТРУМИЧКА ПРАВОСЛАВНА ЕПАРХИЈА**
**МАНАСТИР "Св.ЛЕОНТИЈ", с.ВОДОЧА**

НАСЛОВ НА ПЛАНОТ:
**Урбанистички проект за село - за разработување на урбанистички план за село и формирање на градежна парцела на К.П 1504 и други, К.О Водоча, Општина Струмица**

СОДРЖИНА НА ЦРТЕЖ:
**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**
**АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА**

**ПРАВНО ЛИЦЕ ИЗРАБОТУВАЧ НА ПРОЕКТОТ**
**ДПТУИ ИДЕА -КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ СТРУМИЦА**
**лиценца за изработување на урбанистички планови бр .0081**
**одговорно лице Лилјана Ивановска**

**ПЛАНЕР**
**М-р. ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА,дип.инж.арх.ОВЛ.БР. 0.0454**

**СОРАБОТНИЦИ**
**М-р.НАДИЦА ИВАНОВСКИ, инж.арх.**

| | | |
|---|---|---|
| **УПРАВИТЕЛ:** **ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА д.и.а.** | | РАЗМЕР: **Р = 1 : 500** |
| **Технички број:** **03-54/2023** | ДАТА: **МАРТ 2023** | **ЛИСТ БРОЈ:** 2 |




# УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА СЕЛО - за разработување на урбанистички план за село и формирање на градежна парцела на КП 1504 и други, КО Водоча, Општина Струмица

Д.П.Т.У.И."ИДЕА-КОНСАЛТИНГ"д.о.о.е.л.
ул.Браќа Миладинови бр.41Струмица тел.034/552002
lileivan@t-home.mk

НАРАЧАТЕЛ:
**МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА**
**СТРУМИЧКА ПРАВОСЛАВНА ЕПАРХИЈА**
**МАНАСТИР "Св.ЛЕОНТИЈ", с.ВОДОЧА**

НАСЛОВ НА ПЛАНОТ:
**Урбанистички проект за село - за разработување на урбанистички план за село и формирање на градежна парцела на К.П 1504 и други, К.О Водоча, Општина Струмица**

СОДРЖИНА НА ЦРТЕЖ: **ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА-ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ЗЕЛЕНИЛОТО,ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД И ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА , ПЛАН НА СПОМЕНИЦИ НА КУЛТУРАТА И СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИ - ЗКО**

**ПРАВНО ЛИЦЕ ИЗРАБОТУВАЧ НА ПРОЕКТОТ**
**ДПТУИ ИДЕА -КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ СТРУМИЦА**
**лиценца за изработување на урбанистички планови бр .0081**
**одговорно лице Лилјана Ивановска**

**ПЛАНЕР**
**М-р. ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА,дип.инж.арх.ОВЛ.БР. 0.0454**

**СОРАБОТНИЦИ**
**М-р.НАДИЦА ИВАНОВСКИ, инж.арх.**

| | | |
|---|---|---|
| **УПРАВИТЕЛ:** **ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА д.и.а.** | | **РАЗМЕР:** **P** = 1 : 500 |
| **Технички број:** **03-54/2023** | ДАТА: **МАРТ 2023** | **ЛИСТ БРОЈ:** 3 |

# УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА СЕЛО - за разработување на урбанистички план за село и формирање на градежна парцела на КП 1504 и други, КО Водоча, Општина Струмица




**НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ**

| градежна парцела | намена на земјиште | површина м2 | површина % | мах.висина во м' | мах. број на спратови | процент на изграденост % | коефициент на искористеност K |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1, 1.2 и 1.3 | B5.4 - МАНАСТИРИ | 15887,11 | 72,91 | 12,00 | П+2 | 30,22 | 0,73 |
| | Д4 - МЕМОРИЈАЛНИ ЗЕЛЕНИ ПРОСТОРИ И ГРОБИШТА | 3424,98 | 15,72 | | | | |
| | СООБРАЌАЈ,ЗЕЛЕНИЛО И ПЛАТО | 2477,25 | 11,37 | | | | |
| *Вкуп* | | 21789,34 | 100,00 | | | | |

**НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ**

| Нумерација на градежна парцела | класа на намена | компатибилна класа на намена | Max % на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена во планот | максимална височина на градбата изразена во м' | максимален број на спратови | Вкупна површина на градежна парцела м2 | Нумерација на објект | Вкупна површина за градење м2 | Вкупна етажна површина за градење м2 | процент на изграденост на земјиштето % | коефициент на искористеност на земјиштето K |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1 | B5.4 | Б1 | 40 | 12,0 | П+2 | 5981,19 | 1и 2 | 581 | 581 | 36,38 | 0,90 |
| | | | | | | | 3 | 402 | 1206 | | |
| | | | | | | | 4 | 1193 | 3579 | | |
| 1.2 | B5.4 | Б1 | 40 | 12,0 | П+2 | 9905,92 | 1 | 1026 | 1026 | 36,95 | 0,89 |
| | | | | | | | 2 | 65 | 65 | | |
| | | | | | | | 3 | 2569 | 7707 | | |
| 1.3 | Д4 | | | | | 3424,98 | | | | | |
| | | | | | | 19312,08 | | 5836 | 14164 | 30,22 | 0,73 |

Напомена: Бројот на паркинг места ќе биде пресметан во Основниот проект врз основа на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена, а согласно член 131 и член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РМС бр. 225/20, бр. 219/21, бр. 104/22)

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ 21789,34 м2
РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
Г.Л ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
Г.Г.П ЛИНИЈА НА ПАРЦЕЛА
1.1 НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
1 НУМЕРАЦИЈА НА ОБЈЕКТ
П+2 МАКСИМАЛЕН БРОЈ НА СПРАТОВИ
H=...м МАКСИМАЛНА ВИСОЧИНА НА ГРАДБАТА ИЗРАЗЕНА ВО МЕТРИ

B5 - ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ
B5.4 - МАНАСТИРИ
B5.4 (компатибилни класи на намена: Б1- мали единици за комерцијални и деловни дејности 40%, односно Max.40% на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот)
Д4 МЕМОРИЈАЛНИ ЗЕЛЕНИ ПРОСТОРИ И ГРОБИШТА
НИСКО ЗЕЛЕНИЛО
СООБРАЌАЈНИЦИ
ПОПЛОЧУВАЊЕ
ПЛАНИРАНА ВОДОВОДНА МРЕЖА
ПЛАНИРАНА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА
ЕЛЕКТРИКА ПОСТОЈНА - подземен вод 10(20)Кв
ЕЛЕКТРИКА ПОСТОЈНА - надземен вод 0,4Кв

1 Постојна улица - станбена улица 1:200

постојна ширина

267.82 нивелмански коти


Д.П.Т.У.И."ИДЕА-КОНСАЛТИНГ"д.о.о.е.л.
ул.Браќа Миладинови бр.41Струмица тел.034/552002
lileivan@t-home.mk


НАРАЧАТЕЛ:
**МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА**
**СТРУМИЧКА ПРАВОСЛАВНА ЕПАРХИЈА**
**МАНАСТИР "Св.ЛЕОНТИЈ", с.ВОДОЧА**

НАСЛОВ НА ПЛАНОТ:
**Урбанистички проект за село - за разработување на урбанистички план за село и формирање на градежна парцела на К.П 1504 и други, К.О Водоча, Општина Струмица**

СОДРЖИНА НА ЦРТЕЖ:
**УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ**


**ПРАВНО ЛИЦЕ ИЗРАБОТУВАЧ НА ПРОЕКТОТ**
**ДПТУИ ИДЕА -КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ СТРУМИЦА**
**лиценца за изработување на урбанистички планови бр .0081**
**одговорно лице Лилјана Ивановска**

**ПЛАНЕР**
**М-р. ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА,дип.инж.арх.ОВЛ.БР. 0.0454**

**СОРАБОТНИЦИ**
**М-р.НАДИЦА ИВАНОВСКИ, инж.арх.**

**УПРАВИТЕЛ:**
**ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА д.и.а.**


**РАЗМЕР:** P = 1 : 500

**Технички број:** 03-54/2023
ДАТА: **МАРТ 2023**
**ЛИСТ БРОЈ:** 4

# УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА СЕЛО - за разработување на урбанистички план за село и формирање на градежна парцела на КП 1504 и други, КО Водоча, Општина Струмица




ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ 21789,34 м2
РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
Г.Л ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
Г.Г.П ЛИНИЈА НА ПАРЦЕЛА
1.1 НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
1 НУМЕРАЦИЈА НА ОБЈЕКТ
П+2 МАКСИМАЛЕН БРОЈ НА СПРАТОВИ
Н=...м МАКСИМАЛНА ВИСОЧИНА НА ГРАДБАТА ИЗРАЗЕНА ВО МЕТРИ

В5 - ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ
В5.4 - МАНАСТИРИ
В5.4 (компатибилни класи на намена: Б1- мали единици за комерцијални и деловни дејности 40%, односно Max.40% на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот)
Д4 МЕМОРИЈАЛНИ ЗЕЛЕНИ ПРОСТОРИ И ГРОБИШТА
НИСКО ЗЕЛЕНИЛО
СООБРАЌАЈНИЦИ
ПОПЛОЧУВАЊЕ
ПЛАНИРАНА ВОДОВОДНА МРЕЖА
ПЛАНИРАНА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА
ЕЛЕКТРИКА ПОСТОЈНА - подземен вод 10(20)Кв
ЕЛЕКТРИКА ПОСТОЈНА - надземен вод 0,4Кв
ЗАШТИТЕНИ ДОБРА - КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО
КОНТАКТНА ЗОНА
КОМПЛЕКС ВОДОЧКИ ЦРКВИ
① РЕЖИМ НА ЗАШТИТА ОД 1 СТЕПЕН
③ РЕЖИМ НА ЗАШТИТА ОД 3 СТЕПЕН


Д.П.Т.У.И."ИДЕА-КОНСАЛТИНГ"д.о.о.е.л.
ул.Браќа Миладинови бр.41Струмица тел.034/552002
lileivan@t-home.mk


НАРАЧАТЕЛ:
**МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА**
**СТРУМИЧКА ПРАВОСЛАВНА ЕПАРХИЈА**
**МАНАСТИР "Св.ЛЕОНТИЈ", с.ВОДОЧА**

НАСЛОВ НА ПЛАНОТ:
**Урбанистички проект за село - за разработување на урбанистички план за село и формирање на градежна парцела на К.П 1504 и други, К.О Водоча, Општина Струмица**

СОДРЖИНА НА ЦРТЕЖ:
**ПЛАН НА СПОМЕНИЦИ НА КУЛТУРАТА И СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИ - ЗКО**

**ПРАВНО ЛИЦЕ ИЗРАБОТУВАЧ НА ПРОЕКТОТ**
**ДПТУИ ИДЕА -КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ СТРУМИЦА**
**лиценца за изработување на урбанистички планови бр .0081**
**одговорно лице Лилјана Ивановска**

**ПЛАНЕР**
**М-р. ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА,дип.инж.арх.ОВЛ.БР. 0.0454**

**СОРАБОТНИЦИ**
**М-р.НАДИЦА ИВАНОВСКИ, инж.арх.**

| | | |
|---|---|---|
| **УПРАВИТЕЛ:** **ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА д.и.а.** | | **РАЗМЕР:** P = 1 : 500 |
| **Технички број:** **03-54/2023** | ДАТА: **МАРТ 2023** | **ЛИСТ БРОЈ:** 5 |

*Национална установа*

*Завод за заштита на споменициите на културата и Музеј - Струмица*

*National Institution*

*Institute for Protection of Cultural Monuments and Museum – Strumica*

**НУ ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – СТРУМИЦА**

ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ ЗА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

# ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ ЗА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ВОДОЧА



**Август, 2022 година**

# I. ДОКУМЕНТАРЕН ПРИКАЗ

Дискриптивна документација

- Доказ за регистрација на носителот на изработка на основите

| | | | |
|---|---|---|---|
| Фирма и седиште на субјектот на уписот | Национална установа – Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Струмица<br>ул. 27 Март бр.2 | Копија на прилогот кон пријавата за упис број | 1 |
| Број на регистарската влошка на регистарскиот суд и негово седиште | | | |
| Предмет на уписот | 1-430-0<br>Усогласување со Законот за култура | | |

Во врска со пријавата за упис во трговскиот регистар ______ се даваат следните податоци:

| | |
|---|---|
| 1. | Фирма и седиште на друштвото или на друг субјект на уписот |

Досегашна: Завод за заштита на спомениците на културата, природните реткости и музеј Ц.О. Струмица ул. 27 Март бр.2

Нова: Национална установа – Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Струмица ул. 27 Март бр.2

| | |
|---|---|
| 2. | Други уписи |

Завод за заштита на спомениците на културата, природните реткости и музеј Струмица

Име и потпис на овластеното лице,

Следува продолжение број:

5. Копија на прилогот кон пријавата за упис на подносителот

Овластеното лице го потпишува само прилогот кон пријавата за упис, а судијата прилогот кон решението за упис и регистарскиот лист.

Образец бр. 5

**Копија на прилогот кон пријавата за упис број 1**

1) Фирма, односно назив и седиштe на предлагачот

**Завод за заштита на споменициte на културата, природни-та реткости и музеј-Ц.О.-Струмица**

Прилог кон решението бр. **2**

| Број на регистарската влошка на регистарскиот суд и негово седиште | Број на регистарската влошка на судот на уписот и негово седиште |
|---|---|
| | |

| Датум на уписот | Датум на претходниот упис | Број на претходниот упис | Број на уписот |
|---|---|---|---|
| | | | |

| Ознака и реден број на решението | | ___ суд како регистарски суд во | |
|---|---|---|---|

Врз основа на решението на регистарскиот суд е извршен упис во судскиот регистар**): **Промена на дејноста** со следните податоци:

| | |
|---|---|
| 1. | Дејности, односно работи на субјектот на уписот чија фирма, односно назив е запишан во регистарскиот лист бр. 1 |

Основни дејности:

Покрај запишаната дејност Заводот ќе обавува и:

- Проектирање и изработка на идејни и изведбени проекти како и проекти за конзервација и реставрација на објекти ставени под заштита на законот како и објекти кои се градат во заштитени подрачја како урбани целини или природни реткости.

Судија,

Следува продолжение број:

4. Прилог кон преписот на решението

**) Ако се запишува предметот ...

Образец РД/2 бр. 3а — прилог кон решението бр. 2: дејности, односно работи на субјектот на уписот.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Бр 09-467/2
20.07.2022 год
Струмица

Врз основа на Барање бр. 09 - 467/1 од 20.07.2022г. , а во врска со чл.146 и член 71 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.Весник бр.20/2004, 115/2007, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15......39/16, 11/2018), в.д. директорот го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за формирање тим за изработка на ЗКО за УПС Водоча**

**1.**Се формира стручен тим за изработка на заштитно - конзерваторски основи потребни за донесување урбанистички план за село Водоча, општина Струмица, во состав:

- Ване Секулов - археолог,советник кустос;
- д – р Душко Цветанов – археолог, виш кустос;
- Симона Јованова – архитект, виш конзерватор;
- Магдалена Василева - историчар на уметност,кустос;
- Василка Ѓеоргиева – советник за правни работи;
- Розета Пераклиева Иванова – документатор техничар;
- Васка Манева – архитектонски техничар

**2.**Задача на тимот е да изработи заштитно – конзерваторски основи за предметниот опфат опишан во точка 1 (еден) од ова Решение, согласно Законот за заштита на културно наследство.

**3**. Рок за завршување на поставените задачи е до ----------05.08.---------- 2022г.

**Доставено до:**

1. **Архива;**
2. **Членовите на тимот;**

***В.д. директор***

***Ване Јованов***

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ... ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА ... Струмица

**РЕШЕНИЕ** (03-92/1 од 06.06.1981 година)

ЗАВОД
ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА,
ПРИРОДНИТЕ РЕТКОСТИ И МУЗЕЈ
Бр. 03-92/1
6.06. 1981 год.
СТРУМИЦА

Врз основа на Законот за заштита на спомениците на културата и природните реткости (Службен весник на СРМ број 24 од 22.06.1973 год.) а во врска со член 1 од Законот и увидот на лице место на трочлена Комисија од Заводот за заштита на спомениците на културата, природните реткости и музеј во Струмица, Заводот-музеј го донесува следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Се ставува под заштита на Законот културно-историски от спомeник:

...Манастир...

.......................................

место Во село Водоча

сопственост државна- општествена

состојба очувана, реставриран и конзервиран

СОПСТВЕНИКОТ НА ОБЈЕКТОТ НЕ СМЕЕ ДА ВРШИ НИКАКВИ ПРОМЕНИ ( поправки, доградување, рушење и друго ) БЕЗ ОДОБРЕНИЕ НА ЗАВОДОТ-МУЗЕЈ ВО СТРУМИЦА.

Ова решение влегува во сила од денот кога е врачено на сопственикот.

ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА, ПРИРОДНИТЕ РЕТКОСТИ И МУЗЕЈ СТРУМИЦА

ДИРЕКТОР,
Георги Сувариев

**РЕШЕНИЕ (за утврдување својство на споменик на културата)**

ЗАВОД
ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА,
ПРИРОДНИТЕ РЕТКОСТИ И МУЗЕЈ
Бр. 03-92/1
6. 06. 1981 год.
СТРУМИЦА

Образец ЗСК-1

Врз основа на чл. 34 ст. 1 на Законот за заштита на спомениците на културата („Сл. весник на СРМ" бр. 24/73) ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА,ПРИРОДНИТЕ РЕТКОСТИ И МУЗЕЈ-СТРУМИЦА (назив на организацијата) донесува,

# РЕШЕНИЕ

**за утврдување својство на споменик на културата**

1. СЕ УТВРДУВА СВОЈСТВО СПОМЕНИК НА КУЛТУРАТА НА ЦРКВА "СВЕТИ ЛЕОНТИЕ" (назив на објектот)

2. Споменикот на културата е настанат во VII-XVвек. (време, период, година)
претставува КОМПЛЕКС ЦРКВИ (краток опис)
се наоѓа во с. ВОДОЧА (место и точна адреса), општина СТРУМИЦА
катастарска парцела бр. 1505, катастарска општина СТРУМИЦА
сопственост на СОБРАНИЕ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА (име и презиме, односно назив и точна адреса)
а го користи ______, прибавен по основа на ______

3. Под ограничување во смисла на Законот за заштита на спомениците на културата спаѓа и непосредната околина на споменикот на културата со површина од ______ со следните граници и мерки ______ (заштитено подрачје)

4. За споменикот на културата и заштитеното подрачје се утврдува следниот режим на заштита: Согласно Законот за заштита на спомениците на културата и посебниот режим за заштита.

5. Врз основа на ова решение се врши запишување во Регистарот на недвижни споменици на културата на подрачјето на општината бр.28 10. 02. 1953 Заводот за заштита на спом. и прир. реткости Скопје; Централен регистар бр. 63

6. Жалбата против ова решение не го задржува неговото извршување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е*

ретставува комплекс од цркви и анекси градени и живописувани во различни пеиоди од 8-15в.Најстариот објект е од 8в.Обновата на најстаратарикорабна веојатно куполна т.н.источна црква е од втората половина на10в.Разурната по поазот на Самоила во 1014г.Околу 1037г.е подигната западната црква посветена на огородица Елеуса.Обновата на источната црква е кон крајот на 11в.или почетоко а 12 и западната припрата од 12-14в.Од некогашниот голем фонд фреско декораци а денес се сочувани фрагменти од 10 и 12в. и две целосно сочувани фигури на в.Евплос и Св.Исавриес од 11в. Св.Леонтие со својата величина зборува за истерија на Македонија и Словенскиот Балкан.

Согласно чл. 34 ст. 4 од истиот Закон, жалбата против решението со кое се утврдува својство споменик на културата не го задржува неговото извршување.

Поради горе наведеното е одлучено како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се изјави жалба преку овој Завод до Републичкиот комитет за култура во рок од 15 дена.

Доставено до:

- имателот
- Собрание на општината
- Општинскиот суд
- Геодетска управа
- Досие
- архива

ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА ПРИРОДНИТЕ РЕТКОСТИ И МУЗЕЈ СТРУМИЦА

ДИРЕКТОР,

Врз основа на ова решение е извршен упис на споменикот на културата во Регистарот на недвижни споменици на културата на подрачјето на општината Струмица под рег. бр. 1 бр. 03-92/1

6. 06. 1981

6. 06 1981 год.

ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА ПРИРОДНИТЕ РЕТКОСТИ И МУЗЕЈ СТРУМИЦА

УПИСОТ ГО ИЗВРШИЛ,

Споменикот на културата е регистриран во Централниот регистар на недвижни споменици на културата на СРМ под рег. бр. 63

6. 06 1981 год.

ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА ПРИРОДНИТЕ РЕТКОСТИ И МУЗЕЈ (М. П.) СТРУМИЦА

УПИСОТ ГО ИЗВРШИЛ,

* Образложението содржи: краток коментар на елементите од диспозитивот, (точка 1-5), вредности, значење и содржина на споменикот, односно причини за утврдување својство и по кои критериуми, сегашна состојба, поранешна и сегашна намена, досегашни заштитни интервенции и вложени општествени средства за заштита.

**РЕШЕНИЕ (за утврдување својство на споменик на културата)**

ЗАВОД
ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА,
ПРИРОДНИТЕ РЕТКОСТИ И МУЗЕЈ
Бр. 09-43/1
5.07. 1996 год.
СТРУМИЦА

Образец ЗСК-1

Врз основа на чл. 34 ст. 1 на Законот за заштита на споменициите на културата ("С.л. весник на СРМ" бр. 24/73) **Завод за заштита на споменициите на културата, природните реткости и Музеј - Струмица** (назив на организацијата) донесува,

# РЕШЕНИЕ

## за утврдување својство на споменик на културата

1. СЕ УТВРДУВА СВОЈСТВО СПОМЕНИК НА КУЛТУРАТА НА **КОМПЛЕКС ВОДОЧКИ ЦРКВИ СВ. ЛЕОНТИЈ** (назив на објектот)

2. Споменикот на културата е настанат во **VII - XV век** (време, период, година) претставува **комплекс цркви** (краток опис) се наоѓа во **во с. Водоча** (место и точна адреса), општина **Струмица** катастарска парцела бр. **КП 1504 и 1505**, катастарска општина **Струмица** сопственост на **Македонска православна црква** (име и презиме, односно назив и точна адреса) а го користи **Македонска Православна Црква и Завод - Музеј**, прибавен по основа на **тапија**

3. Под ограничување во смисла на Законот за заштита на споменициите на културата спаѓа и непосредната околина на спомениkот на културата со површина од **0,51.10 Ха** со следните граници и мерки **На југ КП 1506, 1507, 1508, 1509, на исток со КП 1631 - пат на на запад КП 1630, 1139 РМ кор Собрание на Општината**, (заштитено подрачје)

4. За спомениkот на културата и заштитеното подрачје се утврдува следниот режим на заштита: **Превземање на какви и да биде дејствија на спомениkот на културата или во неговата непосредна близина може да се врши само со предходно одобрение од надлежниот Завод за заштита на споменициите на културата.**

5. Врз основа на ова решение се врши запишување во Регистарот на недвижни спомениици на културата на подрачјето на општината **Струмица**

6. Жалбата против ова решение не го задржува неговото извршување.

7. Со оваа Решение престанува да важи Решениeто под бр. 03-92/1 од 6.06.1981 год.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е*

**Водочки цркви Св.Леонтиј претставува комплекс од цркви и анекси градени и живописувани во различни периоди од 7-15 в. Најстариот објект е од 7 в. Обновата на најстарата трикорабна веројатно куполна т.н. источна црква е од 2/2 на 10 в. Разурната по поразот на Самоила во 1014 г.околу 1037 г.подигната е западната црква посветена на "Воведение Богородично". Обновата на источната црква е кон крајот на 11 в. или почетокот на 12 в. и западната припрата од 12 - 14 в. Од некогашниот голем фонд фреско-декорација денес се сочувани фрагменти од 10 и 11 в. и две целосно сочувани фигури на Св.Исавриос и Св.Евплос од 11в.**

**Во комплексот и околу него се истражени 500 гробови датирани од 11-20 в. На просторот запад и северозапад откриени се и објекти:**

**куќа од 12-14 в. бања-интерно купатило 11-12в. и уште еден објект кој сеуште не е откриен и детерминиран.**

Согласно чл. 34 ст. 4 од истиот Закон, жалбата против решението со кое се утврдува својство споменик на културата не го задржува неговото извршување.

Поради горе наведеното е одлучено како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се изјави жалба преку овој Завод до Министерство за култура во рок од 15 дена.

Д о с т а в е н о д о: — ДИРЕКТОР,
- -- имателот
- -- Собрание на општината
- -- Општински суд — (М. П.)
- -- Геодетска управа
- -- Досие
- -- архива

Врз основа на ова решение е извршен упис на споменикот на културата во Регистарот на недвижни споменици на културата на подрачјето на општината **Струмица** под рег. бр. **1**

**5.06.** 19 **96** год. — (М. П.) — УПИСОТ ГО ИЗВРШИЛ,

Споменикот на културата е регистриран во Централниот регистар на недвижни споменици на културата на СРМ под рег. бр. 63

Ск.,2.12. 19 97 год. — (М. П.) — УПИСОТ ГО ИЗВРШИЛ

Гордана Иванова

* Образложението содржи: краток коментар на елементите од диспозитивот. (точка 1-5),вредности, значење и содржина на споменикот, односно причини за утврдување својство и по кои критериуми, сегашна состојба, поранешна и сегашна намена, досегашни заштитни интервенции и вложени општествени средства за заштита.

**Библиографија**


- Археолошка карта на Република Македонија II, Музеј на Македонија-археолошки оддел, Скопје: МАНУ, 1996.
- Александар Стојановски Ѓорѓиев Драги, *Населби и население во Македонија* – XV и XVI век Дел I, Скопје 2001,
- Brancoff, D.M. „La Macédoine et sa Population Chrétienne“. Paris, 1905. pp.100-101.
- Василъ К<u>ж</u>нчовъ, *Македония Етнография и статистика,* издава Българското Книжовно Дружествово, София: Държавна печатница, 1900.
- Ethnographie des Vilayets d'Adrianople, de Monastir et de Salonique, Constantinople 1878.
- Драги Ѓоргиев, Населението во Струмичката нахија (XVI-XIX век), Христијанството во културата и уметноста на Струмичката епархија, Струмица 2002,
- Ирена Стефоска, Струмица и Струмичко во средновековието (VI – XIV век), Скопје: Сигмапрес, 2011.
- Коста Балабанов, Антоние Николовски, Димитар Чирнаков, Споменици на културата на Македонија, Скопје 1980
- Петар Миљковиќ – Пепек, Водоча, Скопје 1975.
- Турски документи Том V. книга III 1982


**Изработиле:**


д-р Душко Цветанов – виш кустос археолог -

Ване П.Секулов – советник кустос археолог -

Магдалена Василева – кустос историчар на уметност -

м-р Симона Јованова – виш конзерватор архитект

Васка Манева – технички документатор -

Розета Перaклиева Иванова – документатор техничар –

Василка Георгиева – советник за правни работи –

Даниела Дончева – фотограф -

**СОДРЖИНА:**


**I. <u>ТЕКСТУАЛЕН ПРИКАЗ</u>**

**1. Правна и програмска заснованост на основите**

**2. Идентификација на подрачјето на опфатот на основите**
- 2.1. Опис на границите на подрачјето на опфатот
- 2.2. Вкупна површина на подрачјето на опфатот
- 2.3. Други релевантни податоци на идентификација

**3. Актуелни планови за подрачјето на опфатот**
- 3.1. Податоци за видот, називот, доносителот, време на донесување, влегување во сила, рок на важење на важечките просторни и урбанистички планови, вклучувајќи ги и измените и дополнувањата
- 3.2. Општ приказ на планските решенија во врска со споменичкото наследство
  - 3.2.1. Просторен план на Република Северна Македонија
  - 3.2.2. Урбанистички план на село Водоча
  - 3.2.3. Оценка на имплементираност на планските решенија и нивен одраз врз споменичкото наследство

**4. Инвентаризација**
- 4.1. Инвентар на заштитени добра
- 4.2. Инвентар на незаштитени добра што заслужуваат да бидат ставени под заштита
- 4.3. Инвентар на споменици и спомен бисти во село Водоча

**5. Оценка на состојба**
- 5.1. Анализа на просторниот развој
- а) Приказ на историскиот развој на градот
- б) Урбан развој
- в) Релации со одделни центри на влијание
- 5.2. Анализа на постојаната состојба
- а) Причини за пропаѓањето
- б) Претходни градежни интервенции
- в) Уредување на селото по урбани блокови, пристапни патишта и друга урбана структура до споменичкото наследство
- 5.3. Анализа на развојните потреби, потенцијали и можности
- 5.4. Проценка на влијанија

**6. Мерки на заштита**
- 6.1. Валоризација
- 6.2. Категоризација
- 6.3. Режим на заштита

6.3.1. Режим на заштита на поединечни добра
6.3.2. Контактна зона – зона на ограничена заштита
6.4. Посебни мерки за заштита

**7. Спроведување на основите**

## II. ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ УПС Водоча

1. Граница на опфат во однос на сателитска снимка М=1:1000
2. Граница на опфатот во однос на заштитено подрачје М=1:1000
3. Заштитено добро со фотографии М=1:1000
4. Класификација на културно наследство по видови и групи М=1:1000
5. Историска датација на заштитени добра М=1:1000
6. Оценка на состојба – сегашна состојба М=1:1000
7. Оценка на состојба – автентичност на градбата М=1:1000
8. Оценка на состојба – степен на зачуваност на доброто М=1:1000
9. Мерка на заштита – категоризација на културно наследство според значење М=1:1000
10. Мерка на заштита – категоризација на културно наследство според загрозеност М=1:1000
11. Режим на заштита – степен на заштита М=1:1000

## ДОКУМЕНТАРЕН ПРИКАЗ

Дискриптивна документација

- Доказ за регистрација на носителот на изработка на основите
- Доказ за определување на стручниот тим за изработка на основите
- Решенија за утврдување на својство на споменик на културата
- Библиографија

# I. ТЕКСТУАЛЕН ПРИКАЗ

## 1. Правна и програмска заснованост на основите

Заштитно конзерваторските основи за подрачјето дефинирано со границите на опфат, се изработуваат врз основа на "Законот за заштита на културното наследство" (Сл. Весник на РМ бр.20/4, Оддел 3, Интегрирана заштита, односно член 71 – Заштитно конзерваторски основи) и измените на законот за заштита на културното наследство (сл.Весник на РМ бр.71/04, 115/07, 18/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/ 15, 39/16, 11/18), според . **Правилник за содржината и методологијата за изработка на заштитно – конзерваторките основи за културното наследство (Сл. весник на РСМ. бр. 113/2021)** и Програмата за изработка на урбанистички планови во Република Северна Македонија за 2018 година.

Според законот за заштита на културното наследство, чл. 71 ст.1, доколку постои културно наследство во границите на планскиот опфат, задолжително се изработуваат заштитно-конзерваторски основи.

Во согласност со чл.15 ст.4 и чл.47 ст.1, ст.3 т.1 и ст.10 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ, бр. 32 од 10.2.2020 година), во урбанистичките планови за село се вградуваат границите на заштитените добра и детален режим на заштита.

Обврските за изработка на овие основи произлегуваат и од евидентираните објекти кои заслужуваат да бидат ставени под заштита.

## 2. Идентификација на подрачјето на опфатот на основите

### 2.1.Опис на границите на подрачјето на опфатот

Површината на планскиот опфат изнесува вкупно **2257,7** м$^2$. Во рамки на планскиот опфат издадени се Услови за планирање на просторот, кои ќе се користат при изработката на Урбанистички план за с.Водоча, општина Струмица. Границата на планскиот опфат на село Водоча, Општина Струмица е прикажана на графичките прилози, за урбанистички план за с.Водоча.

### 2.2.Вкупна површина на подрачјето на опфатот

Површината на планскиот опфат во рамки на опишаните граници изнесува вкупно **2257,7** м$^2$.

### 2.3. Други релевантни податоци за идентификација

Село Водоча, Општина Струмица.

## 3. Актуелни планови за подрачјето на опфатот

Границата на планираниот опфат за Урбанистичкиот план за с.Водоча, КО Водоча, Општина Струмица, е претставена описно со приложување на катастарските парцели:

Урбанистички проект за село – разработка на урбанистички план за село и формирање на градежни парцели според УПС за с.Водоча, општина Струмица – проектен опфат: дел од КП 1139/1, дел од КП 1145/1, КП 1146/1, КП 1269, КП 1270/1, КП 1504, дел од КП 1505, дел од КП 1580/4, КП 1580/6, дел од КП 1627, дел од КП 1630/1 и дел од КП 1631/1, КО Водоча.



### 3.1. Податоци за видот, називот, доносителот, време на донесување, влегување во сила, рок на важење на важечките просторни и урбанистички планови, вклучувајќи ги и измените и дополнувањата.

Во постарите плански решенија кои ни беа на располагање, споменичното наследство било само делумно третирано.

За потребите на општ акт за село Водоча, општина Струмица за прв пат се изработуваат заштитно - конзерваторски основи на културни добра.

### 3.2. Општ приказ на планските решенија во врска со споменичното наследство

Досега, споменичното наследство не било третирано со планско решение.

#### 3.2.1. Просторен план на Република Северна Македонија

Основната **стратешка определба** на Просторниот план на републиката е остварување на **повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата**, како и обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји. Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на републиката подразбира, **намалување на регионалните диспропорции**, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура.

Основни претпоставки на кои се базира стратегијата на **рамномерен развој** се следните:

− уважување на реалните фактори на развој;

− превземање стимулативни мерки од страна на државните и други фондови и други видови поддршка за програми на локалните заедници и стопанските актери.

Дел од оваа стратегија е поттикнување на соодветни програми за подобрување на квалитетот на живеење во населбите, како и стимулирање на развојот во помалите градови.

**Деметрополизацијата** (селективното пренесување на одделни функции и активности, управно - административни, економски, културни и други, од републичкиот центар во други градови) зацртана во Просторниот план, не значи запирање на неговиот

развој, туку неопходност за квалитативната трансформација на просторните и социо - економските структури. Развојот на недоволно развиените, ридски, планински и погранични подрачја се базира врз интегрален развој кој подразбира комбинација на фактори, како што се: природните, демографските процеси, сообраќајните и другата инфра и супраструктурна опременост.

Во инвестиционите одлуки за материјалното производство, стриктно се почитуваат локационите, техно - економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво. Една од основните цели на Просторниот план се однесува на рационално користење и заштита на природните ресурси, особено дефицитарните и стратешки значајните за развојот и квалитетот на живеењето во републиката.

Основните стратешки определби во Просторниот план на Република Северна Македонија е приоритетот во **заштита на водите од Прва и Втора класа**, од кои е предвидено да се врши водоснабдување на населените места. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е **заштитата на земјоделското земјиште,** а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. Исто значење му се придава на пошумувањето, обновувањето и подобрувањето на квалитетот на шумите. Неопходно е воспоставување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на норми и стандарди за градба. Во заштитата на природните и културните вредности и напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во републиката, посебно тежиште се става на унапредувањето и заштитата на животната средина. Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор на ограничување во планирањето на стопанските активности, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

### 3.2.2. Урбанистички план за село

Деталните урбанистички планови се планирани за изработка по зацртаните урбани целини.

### 3.2.3. Оценка на имплементираност на планските решенија и нивен одраз врз споменичното наследство

Културното наследство во поранешните плански документи немало посебен третман, односно објектите биле означени само како – споменик на културата, без конкретни планови за негово сочувување и презентирање. Имајќи го ова предвид, од увидот од поранешните урбанистички планови може да се констатира дека единствено предвидените и веќе изведените нови сообраќајници околу спомениците, не ги загрозуваат истите, односно водено е сметка да не ја поминуваат градежната линија на заштитената парцела, додека вршените градежни промени на спомениците се веројатно со дозволи.

# 4. Инвентаризација

## 4.1.Инвентар за заштитени добра

Во планскиот опфат има заштитен споменик на културата.

Комплекс Водочки цркви Св.Леонтиј  - евидентиран со матичен број

**4-829-016/001**  Р-НД

| | |
|---|---|
| **Бр.1.** |  |
| Назив | Комплекс Водочки цркви Св.Леонтиј |
| Локација | Северозападниот раб на селото Водоча, на 4 км северозападно од Струмица на падините на планината Еленица |
| Адреса | Водоча 82, Струмица |
| Катастарска парцела | КП 1505 |
| Опис на содржините | Комплексот Водочки цркви Св.Леонтиј го сочинуваат неколку одделни фази на изградба, стопански објекти, бањи (голема и мала), конаци, трпезарија и некропола. Во комплексот има изградено и нови објекти: два конака и параклис. |

| | |
|---|---|
| | <br>Во комплексот Водочки цркви Св.Леонтиј дефинирани се четири цркви: ранохристијанска базилика, источна, западна и средна црква.<br><br><br>*Пресек и основа на комплексот Водочки цркви ( преземено од П.Миљковиќ – Пепек,  Водоча, Скопје 1975)* |

| | |
|---|---|
| | Ранохристијанската базилика е првиот сакрален објект од која се откриени делови од темелите под источната црква, делови од камена пластика и мермерни камчиња од мозаик во шутот. Димензиите на базиликата и стилските особености не се познати. Се претпоставува дека е изградена во V век, а разурната во втората половина на VI век.<br><br>*Делови од камена пластика од ранохристијанската базилика од комплексот Водочки цркви*<br>Источната Водочка црква е трободна куполна црква изградена во периодот од VII до IX век, епископска, оштетена и напуштена по пропаста на Самуиловата држава. Од неа денес се видливи делови од ѓаконикон, олтарна апсида, проскомидија и делови од јужниот и северниот ѕид. Ѕидовите се градени од кршен камен, тули во варов малтер во опус “клаузоне“. Северниот и јужниот ѕид се украсени со по пет плитки ниши, кои во горниот дел завршуваат со двојни арки од тули. Главниот влез во црквата бил од западната страна, постоеле уште две врати, една на северниот и уште една на јужниот ѕид. Од фрескоживописот на оваа црква е сочуван само еден фрагмент од глава на непознат светител. |

<table>
<tr>
<td></td>
<td>


*Фрагмент фреска со лик на непознат светител од крај на X век.*

Западната Водочка црква е изградена веднаш по напуштањето на источната црква, во периодот од 1018 до 1037. Таа е мала крстообразна црква, слободен крст со една купола носена од пандантифи. Црквата била посветена на Воведението на Пресвета Богородица. Ѕидовите се градени од кршен камен, бигор и тули во варов малтер во опус “клаузоне“. Фрескоживописот од оваа црква е сочуван делумно, во мали фрагменти по ѕидовите и со големи оштетувања. Посебно внимание од овој фрескоживопис заслужуваат преставите на Св.Исвриус и Св.Евплос. Со изградбата на оваа мала црква, Водоча го губи епископското седиште и е сведена на обична селска црква.
</td>
</tr>
</table>



*Дел од сочуваниот фрескоживопис на ѕидовите од западната црква од XI век*



*Св.Евплос и Св.Исавриус, западна црква XI век*

Кон крајот на XI  и почетокот на XII  век изградена е средната (четврта) трobродна, крстообразна црква. Просторно таа е најголема, го зафаќа просторот од двете предходни цркви, источната и западната. Спојот е извршен на следниот начин: апсидалниот дел е прилепен до апсидата на источната црква. Северниот и јужниот ѕид се надѕидани врз ѕидовите од источната црква. На западната црква е срушен источниот дел (апсидата) и со преградување на ѕидовите од двете цркви е извшен спојот. Оваа црква во апсидата има синдронос, што пак значи дека црквата е епископска, т.е. епископијата е повторно вратена во Водоча. И Оваа црква, како и предходните две, градена е од кршен камен, тули во варов малтер во опус “клаузоне“.




*Основа на средната ( четврта ) црква во комплексот Водочки цркви, крај на XI и почеток на XII век*

Во X век на јужната страна е дограден јужниот параклис, во X век јужниот вестибул, а нартексот на запад во X  - X  век. Доградувања и проширувања се вршени со до моментот додека Водоча било епископско седиште, односно до 1344 година кога Струмица подпаѓа под власта на средновековнато Српско кралство.

Со текот на времето црквата била сосема запоставена, а во почетокот на XX век и напуштена и оставена на забот на времето.



*Реконструираниот синтронос со владичкиот стол од средната црква, крај на XI  и почеток на XII век*

Во периодот од 1981 до 2003 година, на просророт јужно и северозападно од комплексот Водочки цркви, се вршени археолошки истражувања и се одкриени  повеќе објекти со различна намена кои биле дел од самиот црковен комплекс, од откриените  објекти досега се идентификувани: Стопански објект, Бања I, Бања II, трпезарија и два објекти чија намена допрва треба да се открие.



*Остатоци од средновековна бања (Бања бр.2) и трпезарија*

<table>
<tr><td></td><td>Секако треба да наведиме дека покрај овој црковен комплекс со археолошките истражувања во изминативе децении се откриени 1080 христијански погребувања со хронолошки распон од крајот на XIV век па до средината на XX век. Со тоа Водочката некропола стана репер за проучување за турското средновековие во Македонија изразено преку накитот и начинот на погребување.<br><br>Просторот северозападно од комлексот цркви, и ооткриените конаци, бањи и стопански објекти<br>Северозападно и јужно од комплексот Водочки цркви во осумдесетите години на минатиот век за потребите на МПЦ се изградени два нови конака.</td></tr>
<tr><td>Време на настанување</td><td>Комплексот цркви е датиран од VI до XIV век, а делумно е реконструиран (горните партии од црквата) од 1976-1981. Новоизградените конаци  и параклисот се од крајот на XX век.</td></tr>
<tr><td>Граници на заштитено добро</td><td>• Дел од КП 1505<br>• Дел од КП 1504<br>• Дел од КП 1631/1<br>• Дел од КП 1580/4<br>• Дел од КП 1630/1<br>• Дел од КП 1145/1<br>• Дел од КП 1139/1</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| Контактни зони | • Дел од КП 1139/1<br>• Дел од КП 1628/1<br>• Дел од КП 1146/1<br>• Дел од КП 1627<br>• Дел од КП 1629<br>• Дел од КП 1270/1<br>• Дел од КП 1631/1<br>• Дел од КП 1580/6<br>• Дел од КП 1269<br>• Дел од КП 1504 |
| Површина на доброто | 444 $м^2$ |
| Вкупна површина на заштитеното добро | 6820$м^2$ |
| Автор | / |
| Намена | Православен христијански храм во функција |
| Вредности и значење | Комплексот на Водочки цркви е еден од најстарите христијански светилишта во струмичкиот регион и пошироко во Македонија. Со своето повеќевековно опстојување на тлото на христијанизиранит Балкан во средновековниот византиски период преставува вистинско сведоштво за културниот подем и дострел на архитектурата и сликарството во Македонија кон крајот на VIII/ IX век , XI/XII век, па се до крајот XIV односо XV век. Во одреден период овој комплекс цркви бил и седиште на струмичката епископија,[1] за тоа сведочи и постоењето на синдронос во апсидалниот простор на источната црква (X – XIV век). |

[1] Коста Балабанов, Антоние Николовски, Димитар Чирнаков, Споменици на културата на Македонија, Скопје 1980, 103,104.



*Фреска на Св.40 Севастиски маченици*

Живописувањето на ентериерите на црквите од овој комплекс се одвивал во три временски периоди, X, XI и XII век. Сочуван е делумно и поседува ликовни квалитети кои науката ги детерминира како ремек дела на средновековното византиско сликарство во Македонија.[2] Во периодот од 1974/75 и 1981 се извршени конзерваторско-реставратоски зафати на фреските, дел се извадени и конзервирани, а денес се чуваат во НУ Музеј на Македонија, а на дел конзервацијата е извршена in situ.



*Дел од конзервираниот фрескоживопис во копмлексот Водочки цркви*

[2] Петар Миљковиќ – Пепек, Водоча, Скопје 1975.

| | |
|---|---|
| Состојба | Сегашната состојба на комплексот Водочки цркви во целост е задоволителна. Архитектурата е во добра состојба. Има потреба од редовно одржување и помали зафати на веќе завршените конзерваторски - реставраторски работи. Во моментот единствен проблеми е протекување на атмосверка вода на дел од кровната конструкција на Западната црква, кровот на централната купола од Средната црква и кровот од отворениот трем.<br><br>*Оштетување на центарлната купола на Средната црква од протекувањето на кровот*<br> |

| | |
|---|---|
| | *Оштетување на мермерниот под од претекувањета на ктовот на централната купола*<br><br>*Протекување на атмосверска вода на кровот од од Западната црква*<br><br>*Место каде има протекување на кровот на отворениот јужен трем* |

**4.2.Инвентар на незаштитени добра што заслужуваат да бидат ставени под заштита**

- Археолошки локалитет Падарница

| | |
|---|---|
| **Бр.1.** |  |
| Назив | **Археолошки локалитет Падарница – с.Водоча** |
| Локација | На околу 100 северозападно од манастирот Св.Леонтиј - Водоча |
| Адреса | / |
| Катастарска парцела | Дел од КП 1139/1 КО Водоча |
| Опис на содржините | ПРАИСТОРИСКИ ЛОКАЛИТЕТ ПАДАРНИЦА ВОДОЧА<br><br>На околу стотина метри, северозападно од средновековната црква Св.Леонтиј во Водоча, се наоѓа локалитетот Падараница. Се работи за локалитет кој е откриен случајно, со пробивање на патот кој води до современи објекти оддалечени околу 200 метри од манастирскиот комплекс.<br><br>Судејќи според керамичкиот материјал, кој јасно се гледа во профилот на ридот, се работи за локалитет кој припаѓа на преодниот период помеѓу бронзеното и железното време, а можно дури и од раното железно време. |



*Културно слоеви – археолошки локалитет падарница – с.Водоча*

Се работи за рачно работена керамика во праисториски манир, а приметно е мазнење на површината кај пофините садови. Декорацијата е ретка и бележи неколку фрагменти на сад со брановидна линија врамена во лента и сад со низа од точки. Од друга страна, посебно се издвојува фрагментот од бокал со засечен врат кој е богато дрекориран со разноразни претстави.



Од формите бележиме фрагменти на кантаровидни садови, садови со „S“ профилација, бокали со засечен врат, паници со пластично моделирана синусоидна лента итн. Еден фрагмент на држалка од кантаровиден сад

недвосмислено укажува на преодниот период помеѓу бронзеното и железното време, односно од периодот на раното железно време. Посебно се интересни фрагментите од подвижни печки-пиранои, како и питоси (некои од нив и декорирани со точки во низа).








| | |
|---|---|
| |  *Фрагменти керамика од праисторискиот локалитет Падараница-Водоча* |
| Време на настанување | бронзеното и железното време, раното железно време |
| Граници на заштитено добро | Дел од КП 1139/1 |
| Контактни зони | Дел од КП 1139/1 |
| Површина на доброто | / |
| Вкупна површина на заштитеното добро | / |
| Намена | Археолошки локалитет |
| Вредности и значење | И покрај тоа што не се вршени археолошки истражувања, претспоставуваме дека материјалот потекнува од објект или населба поставена на истурената позиција на ридот над Водочка река. Главната цел на оваа неселба бил да ги контролирала патните комуникации во долината на реката Водоча. Слични населби, односно објекти, се забележани на повеќе позиции во долината на реката Струма, како и долината на реката Вардар. Најблизок |

| | |
|---|---|
| | локалитет од истиот период е локлаитетот Голем рид од месноста Владевци, а најблискиот истражуван локалитет од истата епоха е кај месноста Габревци-Радовишко. |
| Состојба | Дел од археолошкиот локалитет е пробиен со пат кој води до современи објекти. |

### 4.3.Инвентар на споменици и спомен бисти во село Водоча

Во село Водоча нема споменици или спомен бисти.

# 5. Оценка на состојбата

## 5.1. Анализа на просторниот развој

### а) Приказ на историскиот развој на селото Водоча

Помеѓу Струмица и селото Велјуса, се наоѓа селото Водоча, во кое било сместено седиштето на Струмичката епископија. Селото Водоча се наоѓа под пазувите на планината Еленица, на влезот во клисурата на рекичката Водочница, 4 км северозападно од градот Струмица. Сè уште немаме цврста потврда дали оваа наслеба егзистирала и во полниот среден век. Во нецелосниот Практик за париците на Ивирон од 1320 година, во регионот на Струмица, се забележани еден топоним Βοδέτζα и еден хидроним - поточно едно мало поточе Βοδέτζης. Приредувачите на актите на Ивирон сметаат дек средновековниот топоним Βοδέτζης кореспондира со современото село Водоча.[3] Водоча се спомнува и во опширните турски пописи од 1519 и 1570 година, под името Водица. Современото име на ова село во турските документи е запишано под формата Водици. Немаме сомнение дека населението кое живеело во атарот на с.Водоча било претежно христиајанско, задржувајќи ја својата религиозна припадност до денешни дни.[4]

На локалитетот Комплекс Водочки цркви, се откриени три цркви (источна, западна и средна); трпезарија; стопански објекти; две бањи и повеќеслојна христијанска некропола со континуитет на погребување од XIV до XXвек. Од ранохристијанскиот период се зачувани темелни партии од базилика со мермерна декоративна пластика од V и VI век. Подоцна била подигната источната, трободна куполна епископска црква изградена во IX век.

Како епископска црква се споменува во повелбите на Василиј II од 1018 година, по падот на Самуиловата држава. Денес од неа се зачувани олтарната апсида, проскомидијата и ѓаконикот. Првобитниот иконостас бил мермерен, а и подот бил обложен со мермерни плочи. Рушењето на црквата, дел од стручната јавност ја поврзува со пропаста на Самуиловата држава и паѓањето на Струмица под византиска власт, во 1018 година. Во периодот од 1018 до 1037 година била изградена западната, мала крстовидна куполна црква посветена на св.Богородица Елеуса и Воведение. Средната куполна црква на водочкиот комплекс, подигната во почетокот на XII век, е посветена на Св.Леонтиј, маченик на градот Триболи во областа Феникија. Црквата била

[3] Ирена Стефоска 2011, 284-285.
[4] Во 1519 година во с.Водоча се попишани 58 христијански домаќинства, 8 неженети и 7 вдовици и само едно муслиманско домаќинство: (Драги Ѓоргиев 2002, 115-130. Т.II).

епископско седиште од која е зачуван синтронос во олтарната апсида, нартекс на западната и со отворени тремови на јужната страна. Живописувањето на ентериерот на комплексот водочки цркви се одвивало во три временски периоди: X, XI и XII век. Покрај фрагментарната зачуваност, очигледни се високите ликовни квалитети на насликаните претстави на светителите.[5] Во турскиот попис од 1519 година, манастирот е запишан под назив „Влахерна", додека на пописот од 1570 гоидна се споменува „Манастир Лахрина".[6]




*Топографска карта с.Водоча – о. Струмица R = 1:25000*

[5] Сликарството во западната водочка црква посветена на Богородица Елеуса и Воведение, е карактеристично по волуминозноста на оформувањето на телата, графизмот во сликањето на облеката, издолженоста на телата и цврстата моделација на главите на светителите. Фрагментираните сцени го отсликуваат животот и детството на Пресвета Богородица, како и циклусот црковни празници. Овде се претставени и фигурите на светителите Исавриос и Евплос во цел раст, насликани во периодот меѓу 1018 и 1037 година. Ентериерот на средната водочка црква посветена на Св. Леонтие бил, исто така фрескодекориран, зачуваните фрагментирани остатоци во лунетата над апсидалниот простор со претстава на св. Богородица ги содржат актуелните стилско-ликовни карактеристики на византиското сликарство во XII век: (Живко Велковски и др. 2005, 20-23.)

[6] Во пописот од 1570 година се споменува Манастир Лахрина со приход од шира, 40 медри, вредност 240 акчиња: (Турски документи Том V. книга III 1982, 82).

Според податоците на Ethnographie des Vilayets d'Adrianople, de Monastir et de Salonique (Етнографија на вилаетите Адрианопол, Монастир и Салоника), издадена во 1878 година во Константинопол, Водоча (Vodotcha) е споменато како село со 40 куќи и 73 жители Бугари.[7] Според статистиките на Васил Кнчов од 1900 година, Водоча се наоѓа во Струмичката каза и е населно со 150 жители Бугари.[8]

Додека според податоците на секретарот на Бугарската егзархија, Димитар Мишев, (La Macédoine et sa Population Chrétienne), во 1905 година во Баница (Banitza) имало само 104 Бугари Егзархисти и 8 Бугари Патријашисти.[9]

Треба да се напомене дека согласно геополитичките услови во периодот кога се издавани овие книги во Отоманската империја не била призната македонската националност, под бугарско население се подразбираат Македонци.

Селото Водоча според бројот на жители е едно од најмалите населени места во Струмичкиот регион. Според официјалниот последен попис на Државниот завод за статистика на Република Македонија во 2002 година, во с.Водоча имало 318 жители од кои: 316 Македонци и 2 Срби. Селото Баница денес влегува во рамките на Општина Струмица.

| **Година** | **1900** | **1905** | **1948** | **1953** | **1961** | **1971** | **1981** | **1991** | **1994** | **2002** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Население** | 150 | 112 | 170 | 183 | 249 | 255 | 323 | 339 | 326 | 318 |

---

7 Ethnographie des Vilayets d'Adrianople, de Monastir et de Salonique, Constantinople 1878, 60.

8 Василъ Кѫнчовъ, Македония Етнография и статистика, издава Българското Книжовно Дружество, София: Държавна печатница, 1900, 160.

9 Brancoff, D.M. „La Macédoine et sa Population Chrétienne“. Paris, 1905, 106-107.




*Карта на Општина Струмица, со населените места.*

**б) Урбан развој**

Водоча се наоѓа во југоисточниот дел на Република Македонија. Од Струмица е оддалечен 5 километри. Главно занимање во Водоча е раноградинарството и тутун со обработливо земјиште од 276,4 ха

Поволната местоположба, плодната почва, како и поволните климатски услови, придонесуваат населението примарно да се занимава со земјоделие. Главна стопанска гранка на населението е земјоделството особено одгледувањето на градинарски култури, и др.

Во селото Водоча има подрачно основно училиште „*Сандо Масев*“




*Подрачно училиште „Сандо Масев“ , с.Водоча – о.Струмица*



*с.Водоча - о.Струмица*

**в) Релации со одделни центри на влијание**

Водоча се наоѓа во југоисточниот регион на Република Северна Македонија, во западниот дел на Струмичката Котлина. Денешното село Водоча лежи на просечна надморска височина од 270 метри.

Водоча се наоѓа во непосредна близина на градот Струмица на околу 4,5 км патна оддалеченост, а додека од поголемите градски центри: Солун на околу 121 км и Скопје на 141 км.

## 5.2.Анализа на постојната состојба

Населеното место с.Водоча е со современи градби на станбени објекти, нема регистрирано куќи со традиционална стара архитектура. Поголем број од приватните куќи се на еден или два ката.

Објектот кој е евидентиран како заштитено културно наследство Комплекосот Водочки цркви Св.Леонтиј **4-829-016/001** Р-НД има зачувано дел од елементите од старата архитектура иако во последниве децении е изршено конзервација и реставрација на целиот комплекс .

Објектот има имотен лист бр 03-11782/1 од 12.10.2005 год., Струмица, КП бр. 1504 и 1505, а земјиштето е во сопственост на Република Северна Македонија, се наоѓа северозападно од селото Водоча, на 4 км северозападно од Струмица под падините на планината Еленица. Комплексот на Водочки цркви Св.Леонтиј е еден од најстарите христијански светилишта во струмичкиот регион и пошироко во Македонија. Со своето повеќевековно опстојување првенствено сведочи за кулрурниот подем и дострел на архитектурата и сликарството во Македонија во крајот на VIII/IX век, XI/XII век, па се до крајот XIV односо XV век. Комплексот го сочинуваат неколку оделни фази на изградба, стопански објекти, бањи (голема и мала), конаци, трпезарија и некропола. Во комплексот има изградено и нови објекти: два конака и параклис.

Во комплексот Водочки цркви Св.Леонтиј дефинирани се четири цркви: ранохристијанска базилика, источна, западна и средна црква.




*Пресек и основа на комплексот Водочки цркви*

Се до втората половина на XX век овој манастир бил во доста руинирана состојба. Имајќи го фактот дека една од трикорабните цркви била и епископско седиште од 1964 година се зпочнува со изготвување на елаборати за конзервација и реставрација на комплексот од цркви. Под раководство на Петар Миљкович – Пепек во 1974/5/6 се започнува со конзерваторсо - реставратоските работи на архитектурата, обнова на ѕидовите, куполата, апсидата, нартексот и тремот.



*Остатоци од подкуполниот простор на средата црква во 1914 год.( преземено од П.М.Пепек, Водоча. Сопје 1975)*



*Реконструиран комплексот црви Св.Леонтиј, поглед од југоисток*

Живописувањето на ентериерите на црквите од овој комплекс се одвивал во три временски периоди, X, XI и XII век. Сочуван е делумно и поседува ликовни квалитети кои науката ги детерминира како ремек дела на средновековното византиско сликарство во Македонија. Во периодот од 1974/75 и 1981 е извршен конзерваторско-реставратоски зафати на фреските, дел се извадени и конзервирани, а денес се чуваат во НУ Музеј на Македонија, а на дел конзервацијата е извршена in situ.




*Придружни објекти дел од црковниот комплекс - (западно од црквата) –*

На околу стотина метри, северозападно од средновековната црква Св.Леонтиј во Водоча, се наоѓа локалитетот Падараница. Се работи за локалитет кој е откриен случајно, со пробивање на патот кој води до современи објекти оддалечени околу 200 метри од манастирскиот комплекс. Овој археолошки локалитет не е евидентиран, истиот се наоѓа на дел од КП 1139/1 КО Водоча.

### а) Причини за пропаѓањето

Сегашната состојба на комплексот Водочки цркви во целост е задоволителна. Архитектурата е во добра состојба. Има потреба од редовно одржување и помали зафати на веќе завршените конзерваторски - реставраторски работи. Во моментот единствен проблеми е протекување на атмосверка вода на дел од кровната конструкција на Западната црква, кровот на централната купола од Средната црква и крвот од отворениот трем.



*Поглед на Водочкиот комплекс од југозападната страна 1953год.( преземено од П.М.Пепек, Водоча. Сопје 1975)*

На црквата „Св.Леонтиј во Водоча“ во изминативе децении се извршени голем број на градежно конзерваторски и реставраторски интервенции, со што самиот објект е реконструиран од релативно малите остатоци.

Поради тоа оценката на состојбата на објектот ја дефинираме како делумно **автентична состојба**. Степенот на зачуваност на објектот го дефинираме како **добра зачуваност**.

Причината за пропаѓање на доброто се класифицира во **групата А** – причини поврзани со природни појави, како земјотреси, капиларна влага и подземни води. Во контретниот случај оштетувањето на кровната конструкција на црквата, придонело да се појави влага во внатрешноста на црквата.

Локалитетот „Падарница“ – се наоѓа на северозападната периферија на селото Водоча на околу 100 метри северозападно од манастирто Св.Леонтиј. Овој археолошки локалитет досега не е евидентиран во Археолошката карта на Република С. Македонија. На овој простор досега не се вршени поголеми градежни работи, што би придонело за

уништување на културните слоеви, освен со проширувањето на патот кој води до современи објекти оддалечени околу 200 метри од манастирскиот комплекс. **Локалитетот е во релативно добра состојба.**

Поради не нарушената автентичност, оценката на состојбата на објектот ја дефинираме како **автентична состојба**. Степенот на зачуваност на објектот го дефинираме како **релативно добра зачуваност**.

Причината за пропаѓање на археолошкиот локалитет Падарница се класифицира во **групата Г** – причини поврзани со деструктивни активности на човекот.

**б) Претходно градежни интервенции**

Археолошки истражувања, конзервација и реставрација на црквата се вршени во периодот од 1961-1982 година. Додека систематски археолошки истражувања на просторот околу црквата се извршувани во периодот од 1986 до 2004 година.

На црквата се извршени многу мали градежни интервенции во последниве години како во внатрешниот така и на нејзиниот надворешен дел, овие зафати се прикажани и опишани во горниот дел на текстот. Сите овие интервенции се со конзерваторски проект и се применети методи на заштита (односно се во согласност со Законот за заштита на културно наследство).

**в) Уредување на населеното место по урбани блокови, пристапни патишта и друга урбана структура до споменичкото наследство**

До сите делови од населеното место има пристапни асфалтирани улици. Урбанистичкиот план на село Водоча е во подготовка и согласно изготувањето на заштитно - конзерваторските основи од наша страна, ќе се утврдат урбаните блокови на селото.

### 5.3. Анализа на развојните потреби, потенцијал и можности

Црковниот комплекс Водочки цркви Св.Леонтиј во с.Водоча о.Струмица допринесуваат за одржување на верската традиција, развој на културниот туризам, едукација и слично.

Комплексот на Водочки цркви е еден од најстарите христијански светилишта во струмичкиот регион и пошироко во Македонија. Со своето повеќевековно опстојување на тлото на Балканот во средновековниот византиски период преставува првенствено сведоштво за културниот подем и дострел на архитектурата и сликарството во Македонија во крајот на VIII/ IX век , XI/XII век, па се до крајот XIV односо XV век .

Со можни понатамошни археолошки истражувања на локалитетите ,,Падарница“ – с.Водоча , ќе добиеме значајни научни придобивки, односно податоци за живеењето во населби во доцно бронзеното време и железното време, на првите протоисториски заедници кои се развивале на територијата на дешниот Струмички регион.

### 5.4. Процена на влијанија

Негативни влијанија на споменичкото добро се предизвикани од вршење на градежни интервенции без вклучување на стручни лица од обласата на заштитата на културното наследство, што довело во изминатиот период добрата малку да изгуби од својата автентичност.

Постапувањето според насоките во заштитно - конзерваторските основи, обезбедува донесување на плански решенија кои нема да бидат во спротивност со законските акти од доменот на културното наследство, што ќе овозможи услови за нивна соодветна имплементација. На тој начин ќе се избегнат импликации од забрзана урбанизација и ќе се овозможи вклучување на културното наследство во современиот урбан развој.

# 6. Мерки на заштита

## 6.1. Валоризација

Во планскиот опфат има заштитен споменик на културата.

Комплекс Водочки цркви Св.Леонтиј  евидентирани со матичен број

**4-829-016/001** Р-НД

| **Бр.1.** |  |
|---|---|
| Назив | Комплекс Водочки цркви Св.Леонтиј |
| Локација | Северозападниот раб на селото Водоча, на 4км северозападно од Струмица на падините на планината Еленица |
| Адреса | Водоча 82, Струмица |
| Катастарска парцела | КП 1505 |
| Опис на содржините | Комплексот Водочки цркви Св.Леонтиј го сочинуваат неколку оделни фази на изградба, стопански објекти, бањи (голема и мала), конаци, трпезарија и некропола. Во комплексот има изградено и нови објекти: два конака и параклис.<br>Во комплексот Водочки цркви Св.Леонтиј дефинирани се четири цркви: ранохристијанска базилика, источна, западна и средна црква. |



Ранохристијанската базилика е првиот сакрален објект од која се откриени делови од темелите под источната црква, делови од камена пластика и во шутот мермерни камчиња од мозаик. Димензиите на базиликата и стилските особености не се познати. Се претпоставува дека е изградена во V век, а разурната во втората половина на VI век.

Источната Водочка црква е тробродна куполна црква изградена во периодот од VII до  IX век, епископска, оштетена и напуштена по пропаста на Самуиловата држава. Од неа денес се видливи делови од ѓаконикон, олтарна апсида, проскомидија и делови од јужниот и северниот ѕид. Ѕидовите се градени од кршен камен, тули во варов малтер во опус “клаузоне“. Северниот и јужниот ѕид се украсени со по пет плитки ниши, кои во горниот дел завршуваат со двојни арки од тули. Главниот влез во црквата бил од западната страна, постоеле уште две врати, една на северниот и уште една на јужниот ѕид. Од фрескоживописот на оваа црква е сочуван само еден фрагмент од глава на непознат светител.

Западната Водочка црква е изградена веднаш по напуштањето на источната црква, во периодот од 1018 до

| | |
|---|---|
| | 1037. Таа е мала крстообразна црква, слободен крст со една купола носена од пандантифи. Црквата била посветена на Воведението на Пресвета Богородица. Ѕидовите се градени од кршен камен, бигор и тули во варов малтер во опус “клаузоне“. Фрескоживописот од оваа црква е сочуван делумно, во мали фрагменти по ѕидовите и со големи оштетувања. Посебно внимание од овој фрескоживопис заслужуваат преставите на Св.Исвриус и Св.Евплос. Со изградбата на оваа мала црква, Водоча го губи епископското седиште и е сведена на обична селска црква.<br><br>Кон крајот на XI и почетокот на XII век изградена е средната (четврта) трobродна, крстообразна црква. Просторно таа е најголема, го зафаќа просторот од двете предходни цркви, источната и западната. Спојот е извршен на следниот начин: апсидалниот дел е прилепен до апсидата на источната црква. Северниот и јужниот ѕид се надѕидани врз ѕидовите од источната црква. На западната црква е срушен источниот дел (апсидата) и со преградување на ѕидовите од двете цркви е извшен спојот. Оваа црква во олтарната апсидата има синдронос, што пак значи дека црквата е епископска, т.е. епископијата е повторно вратена во Водоча. И Оваа црква, како и предходните две, градена е од кршен камен, тули во варов малтер во опус “клаузоне“.<br><br>Во X век на јужната страна е дограден јужниот параклис, во X век јужниот вестибул, а нартексот на запад во X - X век. Доградувања и проширувања се вршени со до моментот додека Водоча било епископско седиште, односно до 1344 година кога Струмица подпаѓа под власта на средновековнато Српско кралство. |

| | |
|---|---|
| | Со текот на времето црквата била сосема запоставена, а во почетокот на XX век и напуштена и оставена на забот на времето.<br><br>Во периодот од 1981 до 2003 година, на просророт јужно и северозападно од комплексот Водочки цркви, се вршени археолошки истражувања и се откриени остатоци од конак во кој се најдени фрагменти од фрескоживопис, трпезарија, две бањи ( голема и мала) и стопански објкти.<br><br><br><br>*Просторот северозападно од комлексот цркви, и ооткриените конаци, бањи и стопански објекти*<br><br>Северозападно и јужно од комплексот Водочки цркви во осумдесетите години на минатиот век за потребите на МПЦ се изградени два нови конака. |
| Време на настанување | Комплексот цркви е датиран од VI до XIV век, а делумно е реконструиран (горните партии од црквата) од 1976-1981. Новоизградените конаци  и параклисот се од крајот на XX век. |
| Граници на заштитено добро | • Дел од КП 1505<br>• Дел од КП 1504<br>• Дел од КП 1631/1<br>• Дел од КП 1580/4 |

| | |
|---|---|
| | • Дел од КП 1630/1<br>• Дел од КП 1145/1<br>• Дел од КП 1139/1 |
| Контактни зони | • Дел од КП 1139/1<br>• Дел од КП 1628/1<br>• Дел од КП 1146/1<br>• Дел од КП 1627<br>• Дел од КП 1629<br>• Дел од КП 1270/1<br>• Дел од КП 1631/1<br>• Дел од КП 1580/6<br>• Дел од КП 1269<br>• Дел од КП 1504 |
| Површина на доброто | 444 $м^2$ |
| Вкупна површина на заштитеното добро | 6820$м^2$ |
| Автор | / |
| Намена | Православен христијански храм во функција |
| Вредности и значење | Комплексот на Водочки цркви е еден од најстарите христијански светилишта во струмичкиот регион и пошироко во Македонија. Со своето повеќевековно опстојување на тлото на христијанизиранит Балкан во средновековниот византиски период преставува првенствено сведоштво за кулрурниот подем и дострел на архитектурата и сликарството во Македонија во крајот на VIII/ IX век , XI/XII век, па се до крајот XIV односо XV век. Во одреден период овој комплекс цркви бил и седиште на струмичката епископија,[10] за тоа сведочи и постоењето на синдронос во апсидалниот простор на источната црква (X – XIV век)<br><br>Живописувањето на ентериерите на црквите од овој комплекс се одвивал во три временски периоди, X, XI и XII век. Сочуван е делумно и поседува ликовни |

[10] Коста Балабанов, Антоние Николовски, Димитар Чирнаков, Споменици на културата на Македонија, Скопје 1980, стр.103,104.

| | |
|---|---|
| | квалитети кои науката ги детерминира како ремек дела на средновековното византиско сликарство Македонија.[11] Во периодот од 1974/75 и 1981 е извршен конзерваторско-реставратоски зафати на фреските, дел се извадени и конзервирани, а денес се чуваат во НУ Музеј на Македонија, а на дел конзервацијата е извршена in situ. |
| Состојба | Сегашната состојба на комплексот Водочки цркви во целост е задоволителна. Архитектурата е во добра состојба. Има потреба од редовно одржување и помали зафати на веќе завршените конзерваторски-реставраторски работи. Во моментот единствен проблем е протекување на атмосверка вода на дел од кровната конструкција на Западната црква, кровот на централната купола од Средната црква и крвот од отворениот трем. |

## 6.2.Инвентар на незаштитени добра што заслужуваат да бидат ставени под заштита

- Археолошки локалитет Падарница (нема евидентен број)

[11] Петар Миљковиќ – Пепек, Водоча, Скопје 1975.

| | |
|---|---|
| **Бр.1.** |  |
| Назив | **Археолошки локалитет Падарница – с.Водоча** |
| Локација | На околу 100 северозападно од манастирот Св.Леонтиј - Водоча |
| Адреса | / |
| Катастарска парцела | Дел од КП 1139/1  КО Водоча |
| Опис на содржините | ПРАИСТОРИСКИ ЛОКАЛИТЕТ ПАДАРНИЦА ВОДОЧА<br><br>На околу стотина метри, северозападно од средновековната црква Св.Леонтиј во Водоча, се наоѓа локалитетот Падараница. Се работи за локалитет кој е откриен случајно, со пробивање на патот кој води до современи објекти оддалечени околу 200 метри од манастирскиот комплекс.<br><br>Судејќи според  керамичкиот материјал, кој јасно се гледа во профилот на ридот, се работи за локалитет кој припаѓа на преодниот период помеѓу бронзеното и железното време, а можно дури и од раното железно време. |



*Културно слоеви – археолошки локалитет падарница – с.Водоча*

Се работи за рачно работена керамика во праисториски манир, а приметно е мазнење на површината кај пофините садови. Декорацијата е ретка и бележи неколку фрагменти на сад со брановидна линија врамена во лента и сад со низа од точки. Од друга страна, посебно се издвојува фрагментот од бокал со засечен врат кој е богато дрекориран со разноразни претстави.



Од формите бележиме фрагменти на кантаровидни садови, садови со „S“ профилација, бокали со засечен врат,

| | |
|---|---|
| | паници со пластично моделирана синусоидна лента итн. Еден фрагмент на држалка од кантаровиден сад недвосмислено укажува на преодниот период помеѓу бронзеното и железното време, односно од периодот на раното железно време. Посебно се интересни фрагментите од подвижни печки-пиранои, како и питоси (некои од нив и декорирани со точки во низа). |
| Време на настанување | бронзеното и железното време, раното железно време |
| Граници на заштитено добро | Дел од КП 1139/1 |
| Контактни зони | Дел од КП 1139/1 |
| Површина на доброто | / |
| Вкупна површина на заштитеното добро | / |
| Намена | Археолошки локалитет |
| Вредности и значење | И покрај тоа што не се вршени археолошки истражувања, претспоставуваме дека материјалот потекнува од објект или населба поставена на истурената позиција на ридот над Водочка река. Главната цел на оваа неселба бил да ги контролирала патните комуникации во долината на реката Водоча. Слични населби, односно објекти, се забележани на повеќе позиции во долината на реката Струма, како и долината на реката Вардар. Најблизок локалитет од истиот период е локлаитетот Голем рид од месноста Владевци, а најблискиот истражуван локалитет од истата епоха е кај месноста Габревци-Радовишко. |
| Состојба | Дел од археолошкиот локалитет е пробиен со пат кој води до современи објекти. |

### 6.3. Категоризација

**Напомена:** Комплексот Водочки цркви Св.Леонтиј – Водоча, согласно Законот за заштита на културното наследство (Сл.Весник бр.20/2004, 115/2007,18/11,148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 39/16, 11/2018, 20/19) има утврдено својство Споменик на културата со, Решение бр.**03-92/1** од **06.06.1981** година. издадено од Заводот за заштита на спомениците на културата природните реткости и Музеј - Струмица и Решение бр. **09-43/1** од **05.07.1996.** од Завод за заштита на спомениците на културта природните реткости и Музеј – Струмица, и е евидентирана со матичен број **4-829-016/001** Р-НД

Конечната категоризација на заштитеното културно добро ќе биде дадена при изработката на Елаборат за ревалоризација.

Комплексот на Водочки цркви е еден од најстарите христијански светилишта во струмичкиот регион и пошироко во Македонија. Со своето повеќевековно опстојување на тлото на христијанизиранит Балкан во средновековниот византиски период преставува превасходно сведоштво за кулрурниот подем и дострел на архитектурата и сликарството во Македонија во крајот на VIII/ IX век , XI/XII век, па се до крајот XIV односо XV век . Во одреден период овој комплекс цркви бил и седиште на струмичката епископија, за тоа но сведочи и постоењето на синдронос во апсидалниот простор на источната црква (X – XIV век)

Жифописувањето на ентериерите на црквите од овој комплекс се одвивал во три временски периоди, X, XI и XII век. Сочуван е делумно и поседува ликовни квалитети кои науката ги детерминира како ремек дела на средновековното византиско сликарствово Македонија. Во периодот од 1974/75 и 1981 е извршен конзерваторско-реставратоски зафати на фреските, дел се извадени и конзервирани, а денес се чуваат во НУ Музеј на Македонија, а на дел конзервацијата е извршена in situ.

Критериуми според кои Комплексот Водочки цркви Св.Леонтиј – Водоча во иднина ќе биде категоризирана како културно наследство од големо значење согласно Законот за заштита на културно наследство (Сл.Весник бр.20/2004, 115/2007,18/11,148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 39/16, 11/2018) и ПРАВИЛНИК ЗА КРИТЕРИУМИТЕ, УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ВАЛОРИЗАЦИЈА, КАТЕГОРИЗАЦИЈА И РЕВАЛОРИЗАЦИЈА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, СОДРЖИНАТА НА ЕЛАБОРАТИТЕ И НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА РЕВИЗИЈАТА (Службен весник на РСМ, бр. 44 од 23.2.2021 година) се:

**1.** документарност, изразена како сведоштво од поширок интерес за проучување на општествените појави односно општествено-економските и културно-историските прилики во одредена епоха односно период;

**2.** повторливост, изразена како застапеност во поголем број, а со тоа и како причина за исклучување на односното добро од повисоката поткатегорија;

**3.** фрагментарност, изразена како присутност на делови односно детали или други вредносни елементи од исклучително или големо културно и историско значење;

**4.** поврзаност, изразена во однос на значајни настани и истакнати личности од националната историја и култура.

**Напомена:** Конечната категоризација за археолошките локалитети Падарница - с.Водоча, ќе биде дадена при изработката на Елаборатите за валоризација.

Археолошкиот локалитет „Падарница“ – с.Водоча, согласно категоризацијата според значење, се одредува како значајно културно налседство. Критериум за оваа категоризација е тоа што претставува праисториска населба од преодниот период на бронзеното и железното време.

Археолошкиот локалитет се наоѓа во опфатот на урбанистичкиот план на с.Водоча, но сепак истиот досега не е евидентиран како археолошки локалитети. Исто така критериум е културно - историското, научното и општественото значење на археолошкиот локалитет. Археолошкиот локалитет Падарница во моменталната состојба, согласно категоризацијата според загрозеност, се одредува како **незагрозено културно наследство.**

## 6.4.Режим на заштита

### 6.4.1. Режим на заштита на поединечни добра

Комплексот Водочки цркви Св.Леонтиј – Водоча се наоѓа на КП 1505

| | |
|---|---|
| Граници на заштитено добро | • Дел од КП 1505<br>• Дел од КП 1504<br>• Дел од КП 1631/1<br>• Дел од КП 1580/4<br>• Дел од КП 1630/1<br>• Дел од КП 1145/1<br>• Дел од КП 1139/1 |

Комплексот Водочки цркви Св.Леонтиј – Водоча " согласно Законот за заштита на културното наследство и предвидените категории на културно наследство, во иднина би била категоризирана како културно наследство од особено значење односно културно наследство од големо значење (член 28 став 1, 2, 4 и 5 од Законот за заштита на културното наследство) и режим на заштита од **прв степен** за предметното добро, врз основа на што се предвидува:

1. зачувување, заштита и одржување на целовитоста на историската структура, (формата, типологијата на градење, изгледот и другите вреднувани архитектонско - конструктивни и уметнички содржини од ентериерот и екстериерот на заштитеното недвижно добро, односно слоевитоста на движното добро), преку преземање на следните заштитни мерки: конзервација, реставрација, санација, превентива, како и анастилоза и рекомпозиција во исклучителни случаи и

2. усогласување на функцијата/ и намената за опстанок и одржлив развој на културното добро според строго одредени мерки на заштита, користење и одржување при што ќе се зачувуваат автентичните уметнички, амбиентални, просторни или други карактеристики според кои доброто е вреднувано.

3. Доколу се вршат градежни активности на предвидените катастарски парцели, задолжително да бидат извршени археолошки истражувања.

Археолошките локалитети „Падарница" во с.Водоча – о.Струмица е предвиден режим на заштита од **втор степен**.

За овој археолошки локалитет, се определува режим на заштита од втор степен, во рамките на своите граници „Падарница" дел од КП 1139/1

Во заштитената зона не се дозволени никакви интервенции без конзерваторско одобрение и мислење издадено од надлежниот орган за заштита на културното наследство, во согласност зо Законот за заштита на културното наследство.

Во заштитената зона не е дозволено:

- Градење на секаков вид градби со темели ископани подлабоки од 30 см.
- Изведба на електрични, водоводни и канализациски цевки на длабочина поголема од 30 см
- Партерно уредување на парцелите со изведба на одни патеки и други придружни структури за кои се потребни површински ископи
- Забрани за изградба на објекти од било кој вид

Сите горе наведени интервенции можат да се извршат доколку претходно се извршат заштитни археолошки ископувања со кои ќе се потврди или одбие предвидената барана интервенција на дел од парцелата на која се наоѓа локалитетот.

### 6.4.2. Контакна зона – зона на ограничена заштита

За „Комплексот Водочки цркви Св.Леонтиј – Водоча“ се предвидува Режим на заштита од **трет степен** за контактните зони:

- Задржување на постојната состојба на изградените објекти, со можност за градежни интервенции со прилагоден архитектонски израз и ограничување во поглед на габаритот и катната висина на објектите, со што не би се нарушиле визурите и не би се попречила достапноста на заштитеното добро.
- Контрола на несодветното планирање на уличната мрежа и друга урбана инфраструктура за да не се попречи функционирањето на предметното добро.

➢ Контактната зона на предметното „Комплексот Водочки цркви Св.Леонтиј – Водоча“ е дефинирана со следниве граници, односно катастарски парцели:

| | |
|---|---|
| Контактни зони | • Дел од КП 1139/1<br>• Дел од КП 1628/1<br>• Дел од КП 1146/1<br>• Дел од КП 1627 |

| | |
|---|---|
| | • Дел од КП 1629<br>• Дел од КП 1270/1<br>• Дел од КП 1631/1<br>• Дел од КП 1580/6<br>• Дел од КП 1269<br>• Дел од КП 1504 |

За археолошките локалитети Падарница, се предвидува Режим на заштита од **трет степен** за контактните зони, што подразбира:

- кој опфаќа вршење на археолошки надзор при било какви градежни интервенции во парцелата.

Контактната зона на предметното добро – **археолошки локалитет Падарница** е дефинирана со следниве граници, односно катастарски парцели:

- дел од КП 1139/1

**6.5. Посебни мерки за заштита**

Потребно е да се предвидат мерки за заштита од последиците од загадување, мерки за унапредување на квалитетот на животната средина во заштитеното подрачје. Исто така потребно е зачувување на постојаната (денешната) состојба на доброто, со можност за враќање на поедини делови во првобитната состојба, доколку тоа е можно и има елементи. Потребно е означување на доброто, одредување на мерки за негово спасување во непредвидени ситуации.

Други мерки на заштита:

• Хортикултурно уредување на просторот околу локалитетот;

• Вклучување на доброто и контактната зона во соодветните просторни и урбанистички планови;

• Поставување на меѓународни знаци и други ознаки предвидени со прописите за заштита на културното наследство;

## 7. Спроведување на основите

Овој дел од заштитно-конзерваторските основи треба да послужи како основа за изготвување на параметрите на планот и истиот да биде комплетно вграден при изготвувањето на Урбанистичко планската документација за село Водоча, Општина Струмица.

Заштитно-конзерваторските услови за опфатот се наведени во мерките за заштита на урбаниот опфат, поточно во режимот за заштита и посебните мерки.




ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ОПФАТ
- ЗАШТИТЕНИ ДОБРА - КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО
- НЕЗАШТИТЕНО ДОБРО КОЕ ЗАСЛУЖУВА ДА БИДЕ СТАВЕНО ПОД ЗАШТИТА
- КОНТАКТНА ЗОНА

ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ВОДОЧА, ОПШТИНА СТРУМИЦА

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - СТРУМИЦА

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ПЛАН:** | УПС ВОДОЧА | **ЦРТЕЖ: ПРИЛОГ** | |
| **ПРИЛОГ:** | ГРАНИЦИ НА ОПФАТОТ ВО ОДНОС НА САТЕЛИТСКА СНИМКА | **ФАЗА:** Заштитно конзерваторски основи | |
| **Носител на изработка на основите НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ СТРУМИЦА** / **Изработувачи на основите** | д-р Д.Цветанов-археолог-виш кустос,м-рС.Јованова-архитект -виш конзерватор,М. Василева -историчар на уметност, В. Секулов - археолог-советник кустос, В.Георгиева - советник за правни работи, Р.П.Иванова - документатор техничар, В.Манева-арх.техничар, Д.Дончева-фотограф | **Размер:** М=1:1000 | **Технички број** |
| | | **Датум на изработка:** август 2022год. | **Прилог број:** 1 |




ЛЕГЕНДА

ГРАНИЦА НА ОПФАТ

ЗАШТИТЕНИ ДОБРА - КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

НЕЗАШТИТЕНО ДОБРО КОЕ ЗАСЛУЖУВА ДА БИДЕ СТАВЕНО ПОД ЗАШТИТА

КОНТАКТНА ЗОНА

ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ВОДОЧА, ОПШТИНА СТРУМИЦА

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - СТРУМИЦА

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ПЛАН:** | УПС ВОДОЧА | | ЦРТЕЖ: ПРИЛОГ |
| **ПРИЛОГ:** | ГРАНИЦИ НА ОПФАТОТ ВО ОДНОС НА ЗАШТИТЕНО ПОДРАЧЈЕ | | ФАЗА: Заштитно конзерваторски основи |
| Носител на изработка на основите НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ СТРУМИЦА | Изработувачи на основите | д-р Д.Цветанов-археолог-виш кустос,м-рС.Јованова-архитект -виш конзерватор,М. Василева -историчар на уметност, В. Секулов - археолог-советник кустос, В.Георгиева - советник за правни работи, Р.П.Иванова - документатор техничар, В.Манева-арх.техничар, Д.Дончева-фотограф | Размер: M=1:1000 / Технички број / Датум на изработка: август 2022год. / Прилог број: 2 |








ФОТОГРАФИИ ОД НАДВОРЕШЕН ИЗГЛЕД
НА КОМПЛЕКС ВОДОЧКИ ЦРКВИ



ФОТОГРАФИЈА ОД ВНАТРЕШЕН ИЗГЛЕД
НА КОМПЛЕКС ВОДОЧКИ ЦРКВИ

ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ОПФАТ
- ЗАШТИТЕНИ ДОБРА - КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО
- НЕЗАШТИТЕНО ДОБРО КОЕ ЗАСЛУЖУВА ДА БИДЕ СТАВЕНО ПОД ЗАШТИТА
- КОНТАКТНА ЗОНА

ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ
ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО
ВОДОЧА, ОПШТИНА СТРУМИЦА

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ
НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - СТРУМИЦА

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ПЛАН:** | УПС ВОДОЧА | | **ЦРТЕЖ: ПРИЛОГ** |
| **ПРИЛОГ:** | ЗАШТИТЕНО ДОБРО СО ФОТОГРАФИИ | | **ФАЗА:** **Заштитно конзерваторски основи** |
| **Носител на изработка на основите НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ СТРУМИЦА** | **Изработувачи на основите** | д-р Д.Цветанов-археолог-виш кустос,м-рС.Јованова-архитект -виш конзерватор,М. Василева -историчар на уметност, В. Секулов - археолог-советник кустос, В.Георгиева - советник за правни работи, Р.П.Иванова - документатор техничар, В.Манева-арх.техничар, Д.Дончева-фотограф | **Размер:** **М=1:1000** / **Технички број** |
| | | | **Датум на изработка:** **август 2022год.** / **Прилог број:** **3** |




ЛЕГЕНДА

ГРАНИЦА НА ОПФАТ

ЗАШТИТЕНИ ДОБРА - КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО - КОМПЛЕКС ВОДОЧКИ ЦРКВИ

НЕЗАШТИТЕНО ДОБРО КОЕ ЗАСЛУЖУВА ДА БИДЕ СТАВЕНО ПОД ЗАШТИТА - АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТ ПАДАРНИЦА

КОНТАКТНА ЗОНА

ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ВОДОЧА, ОПШТИНА СТРУМИЦА

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - СТРУМИЦА

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ПЛАН:** | УПС ВОДОЧА | | **ЦРТЕЖ: ПРИЛОГ** |
| **ПРИЛОГ:** | КЛАСИФИКАЦИЈА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ПО ВИДОВИ И ГРУПИ | | **ФАЗА:** Заштитно конзерваторски основи |
| **Носител на изработка на основите НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ СТРУМИЦА** | **Изработувачи на основите** | д-р Д.Цветанов-археолог-виш кустос,м-рС.Јованова-архитект -виш конзерватор,М. Василева -историчар на уметност, В. Секулов - археолог-советник кустос, В.Георгиева - советник за правни работи, Р.П.Иванова - документатор техничар, В.Манева-арх.техничар, Д.Дончева-фотограф | **Размер:** М=1:1000 / **Технички број** / **Датум на изработка:** август 2022год. / **Прилог број:** 4 |




ЛЕГЕНДА

ГРАНИЦА НА ОПФАТ

ЗАШТИТЕНИ ДОБРА - КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО - КОМПЛЕКС ВОДОЧКИ ЦРКВИ од ☐☐до Х☐☐ век

НЕЗАШТИТЕНО ДОБРО КОЕ ЗАСЛУЖУВА ДА БИДЕ СТАВЕНО ПОД ЗАШТИТА - АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТ ПАДАРНИЦА - ДОЦНО БРОНЗЕНО ВРЕМЕ

КОНТАКТНА ЗОНА

ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ВОДОЧА, ОПШТИНА СТРУМИЦА

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - СТРУМИЦА

| | | |
|---|---|---|
| **ПЛАН:** | УПС ВОДОЧА | **ЦРТЕЖ: ПРИЛОГ** |
| **ПРИЛОГ:** | ИСТОРИСКА ДАТАЦИЈА НА ЗАШТИТЕНИ ДОБРА | **ФАЗА:** Заштитно конзерваторски основи |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Носител на изработка на основите НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ СТРУМИЦА** | **Изработувачи на основите** | д-р Д.Цветанов-археолог-виш кустос,м-рС.Јованова-архитект -виш конзерватор,М. Василева -историчар на уметност, В. Секулов - археолог-советник кустос, В.Георгиева - советник за правни работи, Р.П.Иванова - документатор техничар, В.Манева-арх.техничар, Д.Дончева-фотограф | **Размер:** M=1:1000<br>**Датум на изработка:** август 2022год. | **Технички број**<br>**Прилог број:** 5 |




ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ВОДОЧА, ОПШТИНА СТРУМИЦА

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - СТРУМИЦА

| | | |
|---|---|---|
| **ПЛАН:** | УПС ВОДОЧА | **ЦРТЕЖ: ПРИЛОГ** |
| **ПРИЛОГ:** | ОЦЕНКА НА СОСТОЈБА - СЕГАШНА СОСТОЈБА | **ФАЗА:** Заштитно конзерваторски основи |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Носител на изработка на основите НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ СТРУМИЦА** | **Изработувачи на основите** | д-р Д.Цветанов-археолог-виш кустос,м-рС.Јованова-архитект -виш конзерватор,М. Василева -историчар на уметност, В. Секулов - археолог-советник кустос, В.Георгиева - советник за правни работи, Р.П.Иванова - документатор техничар, В.Манева-арх.техничар, Д.Дончева-фотограф | **Размер:** M=1:1000<br>**Датум на изработка:** август 2022год. | **Технички број**<br>**Прилог број:** 6 |




ЛЕГЕНДА

ГРАНИЦА НА ОПФАТ

ЗАШТИТЕНИ ДОБРА - КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО - КОМПЛЕКС ВОДОЧКИ ЦРКВИ - АВТЕНТИЧЕН ОБЈЕКТ - ВЕРСКИ ОБЈЕКТ

НЕЗАШТИТЕНО ДОБРО КОЕ ЗАСЛУЖУВА ДА БИДЕ СТАВЕНО ПОД ЗАШТИТА - АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТ ПАДАРНИЦА - АВТЕНТИЧНО

КОНТАКТНА ЗОНА

ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ВОДОЧА, ОПШТИНА СТРУМИЦА

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - СТРУМИЦА

| | | |
|---|---|---|
| **ПЛАН:** | УПС ВОДОЧА | **ЦРТЕЖ: ПРИЛОГ** |
| **ПРИЛОГ:** | ОЦЕНКА НА СОСТОЈБА -АВТЕНТИЧНОСТ НА ГРАДБАТА | **ФАЗА:** Заштитно конзерваторски основи |
| **Носител на изработка на основите НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ СТРУМИЦА** / **Изработувачи на основите** | д-р Д.Цветанов-археолог-виш кустос,м-рС.Јованова-архитект -виш конзерватор,М. Василева -историчар на уметност, В. Секулов - археолог-советник кустос, В.Георгиева - советник за правни работи, Р.П.Иванова - документатор техничар, В.Манева-арх.техничар, Д.Дончева-фотограф | **Размер:** M=1:1000 / **Технички број** / **Датум на изработка:** август 2022год. / **Прилог број:** 7 |




ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ОПФАТ
- ЗАШТИТЕНИ ДОБРА - КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО - КОМПЛЕКС ВОДОЧКИ ЦРКВИ - ДОБРА СОЧУВАНОСТ
- НЕЗАШТИТЕНО ДОБРО КОЕ ЗАСЛУЖУВА ДА БИДЕ СТАВЕНО ПОД ЗАШТИТА - АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТ ПАДАРНИЦА - ДОБРА СОЧУВАНОСТ
- КОНТАКТНА ЗОНА

ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ВОДОЧА, ОПШТИНА СТРУМИЦА

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ
НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - СТРУМИЦА

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ПЛАН:** | УПС ВОДОЧА | | **ЦРТЕЖ: ПРИЛОГ** |
| **ПРИЛОГ:** | ОЦЕНКА НА СОСТОЈБА - СТЕПЕН НА ЗАЧУВАНОСТ НА ДОБРОТО | | **ФАЗА:** Заштитно конзерваторски основи |
| **Носител на изработка на основите НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ СТРУМИЦА** | **Изработувачи на основите** | д-р Д.Цветанов-археолог-виш кустос,м-рС.Јованова-архитект -виш конзерватор,М. Василева -историчар на уметност, В. Секулов - археолог-советник кустос, В.Георгиева - советник за правни работи, Р.П.Иванова - документатор техничар, В.Манева-арх.техничар, Д.Дончева-фотограф | **Размер:** M=1:1000 / **Технички број** / **Датум на изработка:** август 2022год. / **Прилог број:** 8 |




ЛЕГЕНДА

ГРАНИЦА НА ОПФАТ

ЗАШТИТЕНИ ДОБРА - КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО - КОМПЛЕКС ВОДОЧКИ ЦРКВИ - ЗНАЧАЈНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

НЕЗАШТИТЕНО ДОБРО КОЕ ЗАСЛУЖУВА ДА БИДЕ СТАВЕНО ПОД ЗАШТИТА - АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТ ПАДАРНИЦА - ЗНАЧАЈНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

КОНТАКТНА ЗОНА

ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ВОДОЧА, ОПШТИНА СТРУМИЦА

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - СТРУМИЦА

| | | |
|---|---|---|
| **ПЛАН:** | УПС ВОДОЧА | **ЦРТЕЖ: ПРИЛОГ** |
| **ПРИЛОГ:** | МЕРКА НА ЗАШТИТА - КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО СПОРЕД ЗНАЧЕЊЕ | **ФАЗА:** Заштитно конзерваторски основи |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Носител на изработка на основите НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ СТРУМИЦА** | **Изработувачи на основите** | д-р Д.Цветанов-археолог-виш кустос,м-рС.Јованова-архитект -виш конзерватор,М. Василева -историчар на уметност, В. Секулов - археолог-советник кустос, В.Георгиева - советник за правни работи, Р.П.Иванова - документатор техничар, В.Манева-арх.техничар, Д.Дончева-фотограф | **Размер:** М=1:1000<br>**Датум на изработка:** август 2022год. | **Технички број**<br>**Прилог број:** 9 |




ЛЕГЕНДА

ГРАНИЦА НА ОПФАТ

ЗАШТИТЕНИ ДОБРА - КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО - КОМПЛЕКС ВОДОЧКИ ЦРКВИ - НЕЗАГРОЗЕНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

НЕЗАШТИТЕНО ДОБРО КОЕ ЗАСЛУЖУВА ДА БИДЕ СТАВЕНО ПОД ЗАШТИТА - АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТ ПАДАРНИЦА -НЕЗАГРОЗЕНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

КОНТАКТНА ЗОНА

ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ВОДОЧА, ОПШТИНА СТРУМИЦА

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - СТРУМИЦА

| | | |
|---|---|---|
| **ПЛАН:** | УПС ВОДОЧА | ЦРТЕЖ: ПРИЛОГ |
| **ПРИЛОГ:** | МЕРКА НА ЗАШТИТА - КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО СПОРЕД ЗАГРОЗЕНОСТ | ФАЗА: Заштитно конзерваторски основи |
| Носител на изработка на основите НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ СТРУМИЦА | Изработувачи на основите: д-р Д.Цветанов-археолог-виш кустос,м-рС.Јованова-архитект -виш конзерватор,М. Василева -историчар на уметност, В. Секулов - археолог-советник кустос, В.Георгиева - советник за правни работи, Р.П.Иванова - документатор техничар, В.Манева-арх.техничар, Д.Дончева-фотограф | Размер: М=1:1000; Технички број; Датум на изработка: август 2022год.; Прилог број: 10 |




ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ВОДОЧА, ОПШТИНА СТРУМИЦА

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - СТРУМИЦА

| | | |
|---|---|---|
| **ПЛАН:** | УПС ВОДОЧА | ЦРТЕЖ: ПРИЛОГ |
| **ПРИЛОГ:** | РЕЖИМ НА ЗАШТИТА - СТЕПЕН НА ЗАШТИТА | ФАЗА: Заштитно конзерваторски основи |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Носител на изработка на основите НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ СТРУМИЦА | Изработувачи на основите | д-р Д.Цветанов-археолог-виш кустос,м-рС.Јованова-архитект -виш конзерватор,М. Василева -историчар на уметност, В. Секулов - археолог-советник кустос, В.Георгиева - советник за правни работи, Р.П.Иванова - документатор техничар, В.Манева-арх.техничар, Д.Дончева-фотограф | Размер: М=1:1000<br>Датум на изработка: август 2022год. | Технички број<br>Прилог број: 11 |